**ОПШТИНА**
**ДЕМИР ХИСАР**

# СТРАТЕГИЈА
## ЗА ТУРИЗАМ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2024 г.



**Демир Хисар, 2020**

**Проект:**
Стратегија за туризам на општина Демир Хисар,
со акционен план за периодот 2021-2024 г.

**Нарачател:**
Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

**Изведувач:**
Геомап, ДОО - Скопје
Управител
Сузана Јовановска

**Работен тим**:
Проф. д-р Благоја Маркоски, раководител на проектот
Проф. д-р Милорад Јовановски
Проф. д-р Свемир Горин
Проф. д-р Иван Радевски
Доц. д-р Христина Димеска
м-р Владимир Златаноски

**Дизајн на корица:**
Проф. д-р Благоја Маркоски

**Техничко уредување:**
Проф. д-р Благоја Маркоски

**Печати**:
Студентски сервис

**Тираж:**
10 примероци

**Демир Хисар, 2020**

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД .......... 9
2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР (2021-2024) .......... 10
2.1 Принципи при изработка на Стратегијата за развој на туризмот во општина .......... 13
3. ГЕОГРАФИЈА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР .......... 13
3.1. Географска положба .......... 13
3.2. Природни географски карактеристики .......... 16
3.2.1. Релјеф .......... 16
3.2.2. Клима .......... 22
3.2.3. Хидрографија .......... 29
3.2.4. Педогеографија .......... 40
3.2.5. Биогеографија .......... 41
3.3. Социо-географски карактеристики .......... 43
3.3.1. Население .......... 43
3.3.2. Населби .......... 50
3.4. Економско-географски карактеристики .......... 58
3.4.1. Примарни дејности .......... 59
3.4.2. Секундарни дејности .......... 68
3.4.3. Терцијарни дејности .......... 69
3.4. Административно-функционална организација .......... 72
3.4.1. Историски развој на општина Демир Хисар .......... 72
3.4.2. Административна управа .......... 75
3.4.3. Веб Портал .......... 75
4. ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР .......... 75
4.1. Природни туристички ресурси .......... 75
4.1.1. Релјефни атрактивности .......... 75
4.1.2. Хидрографски ресурси .......... 76
4.1.3. Биогеографски ресурси .......... 77
4.2. Антропогени туристички ресурси .......... 77
4.2.1. Археолошки локалитети .......... 77
4.2.2. Културно-историски споменици .......... 80
4.2.3. Музеи, библиотеки и галерии .......... 82
4.2.4. Религиски објекти .......... 82
4.2.5. Настани и манифестации .......... 89
4.2.6. Традиции, занаети и фолклор .......... 90
4.2.7. Сместувачки капацитети .......... 92
5. ЦЕЛНИ ГРУПИ НА ТУРИСТИ .......... 93
6. УСЛУГИ .......... 95
6.1. Објекти за сместување .......... 95
6.2. Угостителски објекти .......... 96

6.3. Трговски услуги ... 97
6.3. Винарии ... 97
6.4. Превозници ... 97
6.5. Бензински пумпи ... 97
6.6. Банки и пошти ... 98
6.7. Образование ... 98
6.8. Здравство ... 99
6.9. Фабрики и занаетчиство ... 100
6.10. Комунални услуги ... 101
6.11. Спортски капацитети ... 101
6.12. Невладини организации ... 102
7. ВИДОВИ ТУРИЗАМ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ... 102
7.1. Културно-историски туризам ... 102
7.2. Гастрономски туризам ... 102
7.3. Здравствен туризам ... 103
7.4. Активности во природа и спортски туризам ... 103
7.5. Образовен и ексурзионен туризам ... 105
7.6. Ловен и риболовен туризам ... 105
7.7. Гео туризам ... 109
7.8. Транзитен туризам ... 110
7.9. Археолошки туризам ... 111
7.10. Религиозен туризам ... 112
7.11. Манифестационен туризам ... 113
7.12. Рурален туризам / Агро туризам ... 113
7.13. Зимско-спортски туризам ... 114
8. SWOT АНАЛИЗА ... 114
9. ВИЗИЈА И МИСИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ... 118
9.1. Визија ... 118
9.2. Мисија ... 118
10. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ... 118
11. МОНИТОРИНГ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ... 143
12. ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ ... 143

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АП | Акционен план |
| ДК | Дом на култура |
| ЗГ | Здруженија на граѓани |
| ИПА | Инструмент на ЕУ за претпристапна помош |
| ЈП | Јавно претпријатие, |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| ЛЕАП | Локален еколошки акционен план |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| ЛД | Ловно друштво |
| МПТ | Маркетинг план за туризам |
| МП | Маркетинг план |
| МПЦ | Македонска православна црква |
| ОЛЕР | Одделение за локален економски развој |
| ОДХ | Општина Демир Хисар |
| ОБ | Оперативен буџет |
| ПТ | Проектен тим |
| ПШС | Подружница шумско стопанство |
| СОДХ | Совет на општина Демир Хисар |
| СГ | Службен гласник |
| СРД | Спортско риболовно друштво |
| SWOT | Ситуациона анализа |
| ТБ | Туристичко биро |
| ЦТУ | Центар за туристички услуги |
| ШСЕ | Шумско стопанска единица |

ЛИСТА НА СЛИКИ И ФОТОГРАФИИ

*Слика 1. Географска локација на општина Демир Хисар во Р. Македонија*
*Слика 2. Граници на општина Демир Хисар со соседните општини и населените места во состав23*
*Слика 3. Планините Лубен (десно) и Баба Сач (лево) снимени од Церско Поле (Фото: И. Милевски, 2012)*
*Слика 4. Церско Поле Source “Cersko_Pole.” $41^{0}$ 24’ 00,77’’ N and $21^{0}$ 01’ 10,51’’ E. Google Earth. April 15, 2016. April 1, 2017a*
*Слика 5. Пештера Гољапеш (28.09.2013), фото: Т.Калески*
*Слика 6. Просечни месечни и годишни температури на воздухот во $^{0}$C*
*Слика 7. Дождомерна станица во с.Доленци (29.09.2013), фото: Т.Калевски*
*Слика 8. Просечни месечни и годишни суми на врнежи во mm за периодот 1981 – 2010 год* (УХМР – Скопје)
*Слика 9. Распределба на врнежите по годишни времиња*
*Слика 10. Изворот над с.Сопотница (29.09.2013), фото: Т.Калески*
*Слика 11. Средни годишни протеци кај Водомерната станица “Доленци” за периодот 1960/61-1999/2000 година*
*Слика 12. Местото каде се формира Црна Река (фото: Т.Калески 2013),*
*Слика 13. Изворите на Црна Река во с.Железнец (фото: Т.Калевски 2013),*
*Слика 14. Големоилинска Река (фото: Т.Калески, 2013),*
*Слика 15. Акумулација Стругово (фото: Т.Калевски, 2013),*
*Слика 16. Акумулација Суводол 1 и 2 (фото: Т.Калевски, 2013),*
*Слика 17. Исечок од почвената карта на Република Македонија*
*Слика 18. Старосни пирамиди на населението во областа Демир Хисар во 1971год и во 2002 год.*
*Слика 19. Демир Хисар (Source “Demir Hisar” $41^{0}$ 13’ 10’’ N and $21^{0}$ 12’ 5’’ E. Google Earth. August 15, 2020)*
*Слика 20. Спомен музеј „СМИЛЕВО“ Смилево (Фото: Бл. Маркоски, 2014)*
*Слика 21. Библиотеката „Ал-Би“ во с. Бабино (фото: Т.Калески, 2013),*
*Слика 22. Манастир „Св.Јован Претеча“ (фото: Т.Калевски, 2013),*
*Слика 23. Валавница во с.Вирово (фото: Т.Калевски, 2013),*
*Сл.24 Традиционално производство на ќумур во с.Вирово (фото: Т.Калевски,2013),*
*Слика 25. Варџилници за правење на вар во с. Зашле, (фото: Т.Калески, 2014, Бл.Маркоски, 2017)*

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

*Табела 1. Просечни месечни и годишни температури на воздухот во $^{0}C$*
*Табела 2. Просечен месечен и годишен број на мразни денови*
*Табела 3. Просечни месечни и годишни суми на врнежи во мм за периодот 1981 – 2010 год* (УХМР – Скопје)
*Табела 4. Распределба на врнежите по годишни времиња*
*Табела 5. Просечен месечен и годишен број на денови со врнежи*
*Табела 6. Број на денови со снежен покрив*
*Табела 7. Правец, честина, просечна и максимална брзина на ветровите*
*Табела 8. Траење на сончевиот сјај во часови*
*Табела 9. Просечна месечна и годишна облачност во десетини*
*Табела 10. Просечен број на ведри денови*
*Табела 11. Број на денови со магла*
*Табела 12. Средно месечна релативна влажност на воздухот во %*
*Табела 13. Извори во Демир Хисар со поголема издашност од 3 l/s*
*Табела 14. Реки на кои е можна изградба на акумулација во сливот на Црна Река на територијата на Д.Хисар.*
*Табела 15. Динамика на бројното движење на населението во Демирхисарската област во периодот 1961 – 2002 година*
*Табела 16. Динамика на бројното движење на населението во Демирхисарската област по населби 1961 – 2002 година*
*Табела 17. Структура на населението во Демирхисарската област во периодот 1961 – 2002 година по старосни групи*
*Табела 18. Структура на населението во општина Демир Хисар според завршената школска подготовка во 1961 и во 2002 година*
*Табела 19. Динамика на големината на населбите во областа Демир Хисар во периодот 1961 – 2002 година.*
*Табела 20. Густина на населеност во областа Демир Хисар*
*Табела 21. Линиска и институционална инфраструктура во населените места во областа Демир Хисар*
*Табела 22. Преглед на структурата на деловни субјекти во општина Демир Хисар*
*Табела 23. Структура на земјиштето во општина Демир Хисар според премер во 1968 и 1976 год.*
*Табела 24. Структура на земјиштето според катастарски култури по населени места во општина Демир Хисар според извршен премер во 1968 и 1976 год. во ha*
*Табела 25. Засеани површини по видови на полјоделски култури во општина Д.Хисар во 2007 год.*
*Табела 26. Површини и број на стебла по видови на овошки во општина Демир Хисар според пописот од 2007 г. .*
*Табела 27. Промени во бројот на сточарските гранки во општина Демир Хисар* (Котески П.Ц. 2009; ДЗС, 2007)
*Табела 28. Ловишта на територијата на општина Демир Хисар*
*Табела 29. Големина на површините под шуми, дрвна маса и среден прираст по видови на дрвја во општина Демир Хисар*
*Табела 30. Структура на насадите по форма на одгледување*

*Табела 31. Индустриски капацитети кои постоеле во минатото во општина Демир Хисар*
*Табела 32. Поголеми индустриски капацитети кои денес постојат во општина Демир Хисар со нивни основни карактеристики*
*Табела 33. Археолошки локалитети по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*
*Табела 34. Споменични објекти и нивни карактеристики по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*
*Табела 35. Приказ на религиски објекти и нивните карактеристики, по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*
*Табела 36. Приказ на Манифестациите и нивните карактеристики, по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*
*Табела 37. Број на туристи во општина Демир Хисар во периодот 1998 – 2002 г.*
*Табела 37. Број на туристи во општина Демир Хисар во периодот 1998 – 2002 г.*
*Табела 38. Преглед на сместувачки капацитети во општина Демир Хисар*
*Табела 39. Преглед на покарактеристичните угостителски објекти во општина Демир Хисар*
*Табела 40. Приказ на бројот на археолошки локалитети во Општина Демир Хисар, според временски периоди*
*Табела 41. SWOT анализа за развој на туризмот во општина Демир Хисар*

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА ТУРИЗАМ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
# СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2024 г.

Научно истражувачката методологија за реализација на проектот „Изработка на стратегија за развој на туризмот во општина Демир Хисар,со Акционен план, за периодот 2021-2024 година" е реализирана низ поголем број основни содржини како што се: вовед, методологија за изработка на стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар (2021-2024), географија на општина Демир Хисар, визија и мисија за развој на туризмот во општина Демир Хисар, туристички ресурси во општина Демир Хисар, целни групи на туристи, услуги, видови туризам со потенцијал за развој во општина Демир Хисар, swot анализа, стратегиски цели, акциски план, мониторинг при имплементација на стратегијата и литература и извори.

## 1. ВОВЕД

Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 година, претставува научно заснован документ, изработен од страна на експертски тим на компанијата Геомап, ДОО, од Скопје. Стратегијата е документ во кој се презентирани состојби, анализи, насоки и потребни активности за реализација на визијата за развој на туристичката дејност во општината Демир Хисар.

Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 г. е изработена врз основа на реални параметри за потенцијалите за развој на туризмот во општината. Во основа се состои од туристичка понуда базирана врз природното и културното наследство на општина Демир Хисар, традицијата на локалното население, препознатлива по својата оригиналност и туристички производи, како потреби на современите туристи.

Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 година ги претставува:

- рамката за тековните и идните трендови во развојот на туризмот, како и новите потреби на туристите;
- приоритетите и целите за развојот на туризмот во општина Демир Хисар;
- основните показатели со реални вредности кои треба да бидат основа во остварувањето на целите и визијата;
- активностите и мерките кои треба да бидат реализирани како дел од годишните програми на општина Демир Хисар, краткорочните и средноорочните планови за развој на туризмот и
- карактеристиките на општината Демир Хисар како туристички потенцијал и водич за сите инволвирани страни од подрачјето на општина Демир Хисар во развојот на туризмот.

Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 г. содржи насоки за искористување на туристичките потенцијали на

подрачјето на општината, но ги има предвид и реалните закани за развој на туризмот, како можни ограничувања.

Реализацијата на оваа стратегија е тесно зависна од усогласеноста на туристичката понуда и побарувачка. Основниот предизвик за општина Демир Хисар е проблемот како и во колкава мера може да се искористат туристичките потенцијали во општината и што треба да се направи за да се подобрат постоечките и создадат нови услови за развој на туристичката дејност.

Стратегијата е фокусирана кон воспоставување основи за искористување на потенцијалите за развој на туризмот со цел зголемување на приходите кои се создаваат од туризмот, активирање и развој на други дејности во функција на туризмот и отворање нови работни места.

Реализацијата на Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 г. е во директна зависност од мотивираноста и потребите на сите чинители, кои на кој било начин придонесуваат за остварување на одредени ефекти во областа на туризмот. Тука се вбројуваат туристичките субјекти (правни и физички лица), општината преку обезбедување на соодветна институционална поддршка, образовните институции, локалните единици во непосредна близина на општина Демир Хисар, Агенцијата за поддршка и развој на туризмот на Р.Македонија, соодветни министерства и агенции, како и локалното население.

Реални се очекувањата дека реализацијата на активностите кои се дел од оваа Стратегија ќе придонесат за покренување на развојот на туристичката дејност во областа, така што и непосредно, но уште повеќе посредно ќе придонесе за зголемување на приходите од туризмот. Сето тоа со цел за остварување на други дополнителни ефекти, кои се рефлектираат кон подобрување на економската состојба на локалното население, регионот, како и подобрување на демографските одлики.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР (2021-2024)

Процесот на изработка на Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 г. е поврзан со Националната стратегија за туризам, како и постоечките потстратегии за развој на специфични форми на туризам. Периодот на изработка на Стратегијата е половина на септември до половина на декември 2020 г. Документот Стратегија се темели на податоци и параметри од директни истражувања на територијата на општината и непосредната околина. Станува збор за претходни подолгорочни истражувања на авторите во овој регион и непосредни познавања на теренот.

Непосредниот методолошки пристап за изработка на стратегијата претпоставува: проучување на карактеристиките на природните, културните и другите ресурси, анализа на постоечките вредности, инфраструктурните можности и сите други параметри, што претставуваат основа за определување на приоритети во развојот на туризмот, но и подрачја кои претставуваат закана за развој на туризмот.

Во изработката на Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 година се применети повеќе научни методи: географски, картографски, статистички, теренски опсервации, методите на анализа, синтеза и други соодветни методи за спроведување на аналитички

објаснувања на евидентираните податоци.

Покрај научните методи при изработката на стратегијата се поставени и неколку основни принципи, како појдовна основа на која се надоврзува овој стратешки документ во општината Демир Хисар. Во таа смисла водено е сметка за:

- примена на важечката законска регулатива во државата поврзана со проблематиката од сверата на туристичката дејност,
- примена на актите и програмите за работа донесени од страна на Советот на општина Демир Хисар,
- партпиципативно учество од страна на сите чинители од секторот туризам.

При изработка на Стратегијата користена е научна и стручна литература, официјални статистички податоци, непосредни авторски истражувања и други извори на податоци. Како дополнителни извори на информации се користени следните публикувани стручни документи:

- Национална стратегија за развој на туризмот на РМ 2009-2013;
- Национална стратегија за рурален туризам на РМ 2012-2017;
- Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2009-2013;
- Програма за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 – 2019

Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 година е изработена од работен тим од неколку универзитетски професори, експерти и соработници ангажирани од страна на компанијата Геомап, ДОО, Скопје. Работниот тим го сочинуваат: проф. д-р Благоја Маркоски, проф. д-р Милорад Јовановски, проф. д-р Свемир Горин, проф. д-р Иван Радевски и соработниците доц. д-р Христина Димеска и м-р Владимир Златаноски и група студенти во соработка со месното население.

Непосредната научно истражувачка методологија за реализација на проектот „Изработка на стратегија за развој на туризмот во општина Демир Хисар, со Акционен план, за периодот 2021-2024 година“ е реализирана според следната методологија:

1. ВОВЕД
2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР (2021-2024)
3. ГЕОГРАФИЈА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
3.1. Географска положба
3.2. Природни географски карактеристики
3.2.1. Релјеф
3.2.2. Клима
3.2.3. Хидрографија
3.2.4. Педогеографија
3.2.5. Биогеографија
3.3. Социо-географски карактеристики
3.3.1. Население
3.3.2. Населби
3.4. Економско-географски карактеристики
3.4.1. Примарни дејности
3.4.2. Секундарни дејности
3.4.3. Терциерни дејности
3.4. Административно-функционална организација
3.4.1. Историски развој

3.4.2. Административна управа
3.4.3. Веб Портал
3.4.4. Збратимени општини
4. ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
4.1. Природни туристички ресурси
4.1.1. Релјефни атрактивности
4.1.2. Хидрографски ресурси
4.1.3. Биогеографски ресурси
4.2. Антропогени туристички ресурси
4.2.1. Археолошки локалитети
4.2.2. Културно-историски споменици
4.2.3. Религиозни објекти
4.2.4. Настани
5. ЦЕЛНИ ГРУПИ НА ТУРИСТИ
6. УСЛУГИ
6.1. Објекти за сместување
6.2. Угостителски објекти
6.3. Винарии
6.4. Превозници
6.5. Бензински пумпи
6.6. Банки и пошти
6.7. Образование
6.8. Здравство
6.9. Фабрики и занаетчиство
6.10. Пазари
6.11. Спортски капацитети .
7. ВИДОВИ ТУРИЗАМ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
7.1. Културно-историски туризам
7.2. Гастрономски туризам
7.3. Здравствен туризам
7.4. Активности во природа и спортски туризам
7.5. Образовен туризам
7.6. Ловен и риболовен туризам
7.7. Гео туризам
7.8. Транзитен туризам
7.9. Археолошки туризам
7.10. Религиозен туризам
7.11. Манифестационен туризам
7.12. Рурален туризам / Агро туризам
7.13. Зимско-спортски туризам
8. SWOT АНАЛИЗА
9. ВИЗИЈА И МИСИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
9.1. Визија
9.2. Мисија
10. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ СО АКЦИСКИ ПЛАН
11. МОНИТОРИНГ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА
12. ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ

Според податоците и информациите добиени од консултираната стручна литература, публикуваните стручни документи и интернет извори, тимот преку изработка на Стратегијата, го проектираше профилот на општина Демир Хисар, како потенцијална дестинација за развој на туристичката дејност.

Во процесот на изработка на стратегијата е искористен и методот на партиципација на разни чинители од месното население со цел добивање на порелевантни информации.

Ваквиот методолошки пристап значи вклучување на чинителите од областа на туризмот во сите етапи на изработка на Стратегијата, почнувајќи од собирање на информации, до градење на капацитети за вертикално и хоризонтално поврзување на учесниците во туризмот, меѓу локалното население, институциите, граѓанските асоцијации, општина Демир Хисар и државните институци на локално и централно ниво.

## 2.1 Принципи при изработка на Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024

При изработка на Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 г. и дефинирањето на основните акциски планови за идните актвиности, авторскиот тим беше воден од следните основни принципи:

- почитување на принципот на приоритет;
- одржлив туризам;
- тимска работа;
- јавно приватно партерство и
- соработка (општина, образовни институции и бизнис сектор).

# 3. ГЕОГРАФИЈА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## 3.1. Географска положба

*Име*. Демир Хисар претставува посебна регионално географска област, која низ историските извори се означува со повеќе имиња како на пример „Сидерон Кастрон“ во римскиот период што значи „Железна тврдина“, потоа за време на средновековното македонско Самуилово Царство била позната под името „Железник“ (поради богатството со железна руда која била експлоатирана во областа). Денешното име Демир Хисар потекнува од зборовите на турскиот јазик „Демир“ - железо и „Хисар“ – тврдина, што во превод значи „Железна тврдина“, а во некои извори се преведува и како „Железен рид“ (Калески С. Т. 2013).

*Географска положба*. Територијата се простира во југозападниот дел од Р С Македонија или поточно западно од Пелагониската Котлина. Претставува посебна природна целина, која го опфаќа горниот слив на Црна Река. Во рамките на областа се наоѓа територијата на општина Демир Хисар.

Демирхисарската област е сместена меѓу $41^0$ 07‘ и $41^0$ 26‘ с.г.ш и $20^0$ 57‘ и $21^0$ 20‘ и.г.д. Должината на овој простор во меридијански правец изнесува

околу 36 km, додека ширината на просторот во напоредничкi правец изнесува околу 31 km.




*Слика 1. Географска локација на општина Демир Хисар во Р. Македонија*

*Граници*. Територијата во основа е ограничена со водоразделната линија на горниот слив на Црна Река, односно се протега по возвишенијата на Планините Баба Сач (1.695м) од север, Бушева Планина (1.788 м) и планината Древеник (1494 m) од исток, водоразделот меѓу Древеник и Бигла со превалот Мраморица од југ и воздоразделот по планините Бигла, Плакенска и Илинска од југозапад до врвот Лиска (1903 m) од каде се спушта спрема превојот кај с. Прострање и продолжува по водоразделот спрема Баба Сач. Природни врски во овој дел со Пелагонија, се долината на Црна Река кај с.Бучин и превојот Мраморица кој се протега меѓу планината Древеник и планината Самарница, а преку кој поминува патот Битола – Демир Хисар – Кичево односно Крушево, превалот Прострање спрема Кичевската Котлина по долината на Беличка Река и превалот Турла преку Церско Поле.

*Големина.* Областа Демир Хисар со планината Бигла е одделена од Преспанската Котлина, а со Плакенска и Илинска Планина од Охридската Котлина, односно од областа Дебарца, а со Бушева Планина и Древеник од Пелагонија. Во наведените граници целиот овој простор зафаќа површина од 620,3 km$^2$ што претставува само 2,4 % од вкупната територија на Р. Македонија.

Оваа географска целина административно е поделена на три општини. Најголемиот дел припаѓа на општината Демир Хисар, додека многу помали делови припаѓаат на општините Другово и Крушево.

Општината Демир Хисар зафаќа површина од 492 km$^2$ или 79 % од целокупната област, а во неа според последниот попис од 2002 година живеат 9497 жители. Според административната поделба од 1996 до 2004 г. територијата на денешната општина Демир Хисар припаѓала на две општини и тоа на општина Сопотница со седиште на општината во с.Сопотница и општина Демир Хисар со седиште во Демир Хисар (порано познато, како населено место под името Мургашево).

Денешната општина Демир Хисар се граничи со 7 општини и тоа на исток со општина Крушево, на запад со општина Охрид и општина Дебарца, на север

со општина Кичево, на југ со општина Битола, на југоисток со општина Могила и на југозапад со општина Ресен.




Слика 2. Граници на општина Демир Хисар со соседните општини и населените места во состав

*Комуникации.* Територијата на општината Демир Хисар сообраќајно е поврзана со регионалниот пат Битола-Кичево (кој поминува низ општинскиот центар Демир Хисар), а од него се издвојуваат регионалниот пат за Крушево и регионалниот пат (по долината на Црна Река) за Прилеп. Постојат и неколку патишта со локално значење спрема населените места Смилево, Вирово, Кочишта, Цер и други. Од правец на Прилеп, спрема Бучин и Сопотница се протега и железничка пруга која во моментот нее во употреба. Според тоа се констатира дека Демир Хисар претставува транзитна територија меѓу Битола, Кичево и Крушево.

*Туристичка положба*. Територијата на Демир Хисар во контекст на туристичките центри во Р. Македонија е релативно поволна. Туристичката положба на Демир Хисар е најсоодветна во однос на градот Битола, како регионален центар, кој е на околу 30 km оддалеченост и Крушево на околу 25 km (како поразвиен туристички центар во непосредна близина). Во туристичката положба на Демир Хисар имаат влијание и Охридското-

преспанскиот туристички регион, кој заради релативно малата оддалеченост (до околу 100 km) има позитивни влијанија врз туристичките аспекти во областа Демир Хисар. Своевидно влијание има и државниот центар Скопје, кој има тесна поврзаност со емиграцијата на населението и административно функционалните аспекти.

### 3.2. Природни географски карактеристики

Во природни географските карактеристики на територијата на општината Демир Хисар накратко се обработени релјефот, климата, хидрографијата, земјиштето и биогеографските карактеристики.

#### 3.2.1. Релјеф

***Тектоника.*** Областа Демир Хисар морфоструктурно припаѓа на Западно-македонската тектонска зона. Оваа област за време на повторните тектонски движења, (Зиков М. 1988) кои се одвивале кон крајот на неоген била исполнета со вода. Понискиот дел од теренот во тој период егзистирал како залив на Пелагонискoто Езеро. Заливот се протегал до централните делови на денешната територија на Демир Хисар.

Кон крајот на плиоцен (Стојадиновиќ Ч. 1952) и почетокот на плеистоцен доаѓа до сукцесивно спуштање на Пелагонискoто Езеро, така што езерската вода истекува, а по езерското дно се всекуваат некогашните притоки на езерото и да го формираат горниот тек на Црна Река.

Подоцна, под влијание на надворешните сили, како што се делувањето на абразијата, флувијалната и карстната ерозија, се формирала денешната сложена геолошка градба и разновидна релјефна структура во оваа област.

***Геолошка градба.*** Геолошката градба на терените на Демир Хисар главно ја сочинуваат палеозојски, мезозојски и кенозојски карпи.

Комплексот на палеозојски карпи (Зиков М. 1988) зафаќа најголема површина. Тој е составен од литолошки членови со девонска старост: филити, метапесочници и конгломерати. Конгломератите се застапени во северо-источниот дел, јужно од Црна Река и источно од Стара Река (Обедничица).

Метапесочници и метаконгломерати се застапени над с.Сопотница, меѓу с.Слоештица и Мала Река, на запад од р.Жаба итн.

Кварцитите се застапени во севроисточниот дел на Боишка Река и меѓу реките Жаба и Журешница. Метаморфирани варовници и мермери се застапени во извориштниот дел на Црна Река, околу с.Доленци, с.Илино и с.Железнец.

Комплексот на мезозојски карпи (Зиков М. 1988) го сочинуваат конгломерати со тријаска старост кои се распространети над Вировска Река, додека комплексот на кенозојски карпи (ИПП – Охрид ,1983) го сочинуваат квартерни алувијални седименти распространети по речните ерозивни проширувња.

Сите споменати карпи и седименти се одликуваат со различни инжинерско - геолошки карактеристики.

***Релјефна структура.*** Релјефната структура во областа Демир Хисар генерално се состои од планински релјеф, кој зафаќа најголем дел од областа, ридски и рамничарски релјеф, кој го зафаќа просторот покрај Црна Река и нејзините притоки.

1. Планинскиот релјеф е претставен со масивот на Илинска, Плакенска и Бигла Планина, планините Баба Сач, Љубен, Грнчарица, Бушева Планина со разграноците и Древеник.

*Планински масив Илинска Планина и Бигла*. Илинска, Плакенска и Бигла Планина, се дел од источната (Шарско-пелистерска) верига на ЗападноНационални планини. Се издигаат меѓу долината на Треска на север, Демир Хисар од североисток, Цапарско Поле од југоисток, Преспа од југ и Охридска Котлина и Дебарца од запад. Од планината Галичица се одвоени со Коселска и Голема Река и превојот Буково (1207 m), од Пелистер − со превојот Ѓавато (1167 m), а од Стогово − со Караорман со превојот Пресека (1082 m). Над 1000 m надморска височина, сите три планини зафаќаат вкупна површина од 569,5 $km^2$ (Маркоски, 2004). Имаат единствено било кое е доста заоблено, а се протега од северозапад кон југоисток. Овој масив е највисок во средишниот дел. Така, од него се издигаат врвовите на Илинска Планина: Лиска (1908 m) и Штирни Камен (1864 m); на Плакенска Планина: Сталев Камен (1998 m) и Вршник (1918 m) и на Бигла Планина: Голем Камен (1656 m). Геолошката градба ја чинат палеозојски шкрилци, тријаски конгломерати и гранити преку кои лежат карбонатни карпи. Под гребенот на планината извираат повеќе реки, кои всекле длабоки долини со голем надолжен пад на речните корита, со брзаци и мали водопади. На неколку места, во карбонатните карпи се јавува карстен релјеф претставен со шкрапи, вртачи и пештерите Јаорец (во која се пронајдени плеистоценски фосили) и Сино Ребро. На јужните, пониски падини, особено на Бигла се развиени силни ерозивни процеси. Североисточно под врвот Сталев Камен (1998 m), до височина од 1850 m, е забележлива јасна цирковидна структура со индиции за постоење на глацијален релјеф.

Главни геоморфолошки вредности се флувијален релјеф (бројни, речиси паралелни речни долини, некои длабоко всечени, плавини, мали водопади), локален карстен релјеф (неколку пештери, вртачи), периглацијален релјеф.

*Бушевата Планина*. Бушевата Планина се протега меѓу реката Треска на север, превојот Барбарас (864 m) на СИ, Прилепско Поле на исток, Црна Река на југ и реката Жаба на запад. Планината има „динарски“ правец на протегање СЗ-ЈИ во должина од 27 km, додека широчината и изнесува 10-15 km. Зафаќа вкупна површина од 363,2 $km^2$ (Маркоски, 2004). Највисок врв на планината е Стара Мусица (1789 m), поради што спаѓа во групата на средновисоки планини во Македонија. Освен овој врв, од главното планинско било, се издигаат уште 10 врвови повисоки од 1500 m: Ѓолче (1780 m), Козјак (1764 m), Ручало (1664 m), Кркало (1602 m) и др. Бушевата Планина, на запад, морфолошки е тесно поврзана со планините Баба Сач и Љубен. Геотектонски е на граница меѓу Пелагонскиот масив и Западномакедонската зона. Составена е главно од кристалести шкрилци и крупна гранитоидна маса на западната страна, а на југ, на мала површина, над селото Прибилци се јавуваат кварцити. Во релјефот доминираат флувиоденудационите процеси и форми, а современата ерозија е особено изразена на јужните падини.

Како посебни геоморфолошки вредности се издвојуваат структурен релјеф (раседни страни посебно кон исток, палео-површи), флувиоденудациски релјеф (речни долини со умерен до значителен пад, мали водопади и плавини, екцесивна ерозија на присојни страни).

*Баба Сач и Лубен*. Баба Сач и Лубен се средновисоки планини, кои се протегаат меѓу Кичевската Котлина на север и Железнец на југ. На запад, со превојот Турла (1099 m) се одвоени од ридот Бабен (1220 m), додека на исток преку долината на Жаба продолжува повисоката Бушева Планина. Двете планини зафаќаат површина од 221 $km^2$. Баба Сач има мала површина од само 39,5 $km^2$, а највисок врв е Голем Сач (1698 m), кој се наоѓа во средишниот (централен) планински дел. Лубен, кој е појужно, е со највисок врв Кафчал (1764 m). Поради тектонската предиспонираност, на овие две планини доминираат северни, северозападни и јужни експозиции, кои, во основа се доста стрмни, особено во хипсометрискиот појас над 1000 m (Маркоски, 2004).



*Слика 3. Планините Лубен (десно) и Баба Сач (лево) снимени од Церско Поле (Фото: И. Милевски, 2012)*

Во геолошката градба доминираат палеозојски масивни мермери со голема моќност, што условило појава на интензивна карстификација, претставена со речиси сите површински и подземни карстви форми: шкрапи, вртачи,ували, големото карстно Церско Поле, понори, пештери, пропасти и др. Иако на овој простор се излачуваат просечно, годишно, по 700-800 mm врнежи, речиси целото количество понира во внатрешноста на карбонатната маса и избива во вид на извори покрај коритото на Треска и во Железнец.

Геоморфолошки се одликуваат со карстен релјеф (типични карстни планини со сите површински и подземни карстни форми, посебно значајно Церско Поле, најголемо и најтипично карстно поле во Република Македонија).

*Древеник*. Древеник е мала, средновисока планина, која е природно, јужно продолжение на Бушева Планина, одвоена од неа со долината на реката Црна. На запад, со реката Обедничица е одвоена од Бигла Планина, а на југ со реката Шемница е одвоена од Облаковска Планина. Планината Древеник се протега во правец СЗ-ЈИ во должина од 15 km, широчината и е 5-10 km, додека

површината 109,3 km$^2$. Во геолошки поглед е изградена од кристалести шкрилци и гранитоидни карпи. Во средишниот дел, со јасна раседна структура по долината на Чагорска Река, планината е поделена на северен повисок и јужен понизок дел. Во северниот дел се и највисоките врвови и тоа највисокиот Кале (1494 m), Стара Бука (1451 m) и други. Во геоморфолошки поглед, Древеник е доста дисецирана со цел систем од долини, а поради геолошкиот состав е застапена силна рецентна ерозија и денудација (Маркоски, 2004).

Геоморфолошки се карактеризира со флувиоденудациски релјеф (бројни долини на поројни водотеци, остенци, долчиња-јаруги, свлечишта, плавини) и структурен релјеф (изразито раседна источна страна, пресечена со напречен длабок и релјефно маркантен расед).

2. Ридски релјеф на територијата на Демир Хисарската област се среќава на надморска височина од 700-1300 м н.в. Во Горниот слив на Црна Река зафаќа 204,6 km$^2$ (Маркоски, 2002).

3. Рамничарски релјеф се простира покрај горниот тек на Црна Река и покрај долните текови на нејзините притоки. Него го формираат реките со нивните ерозивни проширувања, така што ја создаваат алувијалната рамнина, која како рамничарски релјеф се простира меѓу 600 - 700 м.а.н.в. и зафаќа површина од 66,8 km$^2$ (Маркоски, 2002).

***Генетски типови релјеф.*** На територијата на Демир Хисарската област во основа се среќава флувијален и карстен релјеф.

*Флувијален релјеф*. Флувијалниот релјеф е карактеристичен за поголемиот дел од територијата, особено за крајречните простори во областа. Поточно, ги зафаќа флувијалните и флувиоденудациски форми по долините на реките од кои покарактеристични се Боишка Река, реките Обедничица, Жаба, Журешница и најголемиот реципиент Црна Река. Покрај нив се среќаваат алувијални рамнини, плавини и други форми.

*Карстен релјеф*. Карстниот релјеф во областа Демир Хисар е со голема распространетост. Варовничките карпи преовладуваат во погорните изворишни делови на Црна Река. Се среќаваат разни површински и подземни карстни релјефни форми.

Од **површинските карстни релјефни облици** се присутни: шкрапи, вртачи,ували и карстни полиња. Тука се наоѓа Церско Поле, како најголемо карстно поле во Р. Македонија.

Церско Поле (Андоновски Т. 1989) претставува најголем облик на површинскиот карстен релјеф на територијата на Р. Македонија, кое е изградено на девонски мермери.

Рамката на полето ја сочинуваат стрмните планински страни на Баба Сач, Љубен, Бабењ и Краста. Мермерите на Баба Сач и Љубен во најдолните делови се тенкоплочести, а во погорните постепено преминуваат во банковити и масивни со дебелина од 300 – 400 m.

Ваквата масивност на мермерите на овие две планини овозможи интензивна карстификација, што има за последица појава на сите површински карстни облици, а од подземните карстни облици и појава на пештери.

Церско Поле се протега во правец запад – исток со тоа што средишниот дел свртува и продолжува кон југ, па така обликот на полето наликува на

буквата „Т“. Ваквиот облик е како резултат на неговата тектонска предиспонираност со два раседи: церски и церско – вранештички расед кои се пресекуваат некаде во средината на полето.



*Слика 4. Церско Поле*
*Source “Cersko_Pole.” 41$^0$ 24’ 00,77’’ N and 21$^0$ 01’ 10,51’’ E. Google Earth. April 15, 2016. April 1, 2017a*

Дното на Церско Поле се наоѓа на надморска височина од 930 до 1000 m, должината на полето во правец исток – запад изнесува 7,5 km, а најголемата ширина изнесува 3,7 km, вкупната површина на дното од полето изнесува 9,5 km$^2$, па така тоа претставува најголемо карстно поле во Р. Македонија.

Низ самото поле протекува Церска Река, која што понира во средишниот дел од полето низ видлив понор, а која најверојатно избива во изворите на Црна Река кај с .Железнец.

Карактеристично за ова поле е и тоа што тоа е единственото карстно поле во Р.Македонија, каде се развиени три селски населби и тоа с.Цер во крајниот источен дел и селата Мало и Големо Црско во западниот дел на полето, а кои административно припаѓаат на општина Другово.

Од **подземните карстни релјефни облици** (Станкоски С. 1971) во оваа област до сега се испитани повеќе пештери и неколку пропасти кои се карактеризираат со релативно мали димензии. Во продолжение се спомнати некои од пештерите со релативно поголеми димензии, како што се: Пешна, Еврејка, Змеова Пештера, пештерата Буков Дол, Ристеа Пештера, Сапотничка Пештера, Цветкоа Пештера и пештерата Гољапеш

*Пештерата Пешна* се одликува со најголема должина од сите досега испитани пештери во изворишниот слив на Црна Река. Таа се наоѓа на десната долинска страна од Брезовска Река која е оддалечена околу 4 km северо – западно од с.Брезово. Влезот во пештерата се наоѓа на 1.080 m н.в., додека нејзината должина изнесува 84 m, широка е 2 m, а висината и е половина метар. Низ целата нејзина должина се забележуваат големи урнати блокови на

карпи, искршени сталактити, сталагмити и други пештерски украси со различна големина. За тоа кога точно е настаната пештерата е многу тешко да се каже, но со сигурност може да се потврди дека пештерата е многу стара (Станкоски С. 1971).

*Пештерата Еврејка* се наоѓа јужно од с.Доленци на местото наречно Орлеа Нива на 960 m н.в. Нејзината должина изнесува 36 м, ширина 0,4 м и висина од 1,6 m. За оваа пештера се карактеристични убавите драперии и поради тоа што отворот е скриен, во минатото оваа пештера ја користеле комитите и партизаните како скривница (Станкоски С. 1971).

*Змеова Пештера* се наоѓа северо – источно од с.Бабино и кај месното население уште е позната како Змеова Дупка. Нејзиниот отвор се наоѓа на 840 m н.в., нејзината вкупна должина е 33 m, ширина 0,9 m и висина 0,5 m. И покрај тоа што оваа пештера е мала, таа сепак има своја специфична убавина. Во неа има степенасто поредени мали вдлабнатини кои се исполнети со вода, потоа два сталагмити кои се наречени змев и змеовица како и неколку драперии со кои се заокружува нејзината убавина (Станкоски С. 1971).

*Пештерата Буков Дол* се наоѓа на 4 km источно од с.Цер. Нејзиниот отвор се наоѓа на 1124 m н.в. Нејзината должина изнесува 35 m, ширината и е 2,2 m, а висината 3 m. Оваа пештера е значајна поради нејзиното богатство со пештерски накит (Станкоски С. 1971).

*Ристеа Пештера* се наоѓа во близина на с.Железнец. Нејзиниот отвор се наоѓа на 745 m н.в. со висина од 9 m, а ширина од 1,8 m, додека должината на каналот изнесува 49 m. Во оваа пештера скоро и да нема пештерски накит, а според нејзиниот постанок таа е релативно млада односно најверојатно е настаната за време на плеистоцен (Станкоски С. 1971).

*Цветкоа Пештера* се наоѓа во близина на с.Доленци на 1090 m.н.в. Таа има должина од 21 m, висина од 1,3 m и ширина од 2,3 m. За неа е карактеристично тоа што е сиромашна со пештерски накит (Станкоски С. 1971).




*Слика 5. Пештера Гољапеш (28.09.2013), фото: Т.Калески*

*Сапотничка Пештера* се наоѓа во близина на с.Сопотница во непосредна близина на изворите на 880 m н.в. Нејзиниот отвор е со висина од 1,2 m, а ширината 0,7 m, додека должината на пештерата инесува 23 m. Низ нејзината

внатрешност на повеќе места се среќава пештерски накит, особено сталактити кои се спуштаат скоро до подот (Станкоски С. 1971).

*Пештерата Гољапеш* се наоѓа во близина на с.Железнец на 800 м.н.в. Нејзината должина изнесува 26 m, висина 8 m и ширина 5 m. Карактеристично за оваа пештера е тоа што според постанокот е многу млада и сиромашна со пештерски накит (Станкоски С. 1971).

Од подземните карстни облици во оваа област има испитано четири **пропасти** и тоа: Топлички пропаст, Златопропаст, Никлеа Дупка и Задпропаст. Позначајни се: Златопропаст и Топличкиот пропаст (Станкоски С. 1971).

*Златопропаст* со длабочина од 40 m е на прво место според нејзината длабочина во оваа област. Таа се наоѓа во атарот на с. Цер на 1460 m н.в. чија ширина на отворот изнесува 9,5 m, а должината 11 m. Таа е посиромашна со украси од Топличкиот пропаст. Оваа пропаст името го добила за време на турското владеење кога во нејзина близина бил убиен еден ловџија Турчин кој заедно со неговиот коњ и седлото од коњот биле фрлени во пропаста. Подоцна убијците се посомневале дека во џебовите на седлото имало злато, но за проверка веќе било доцна. По раскажувањето на легендата од страна на месното население пропаста го добила името Златопропаст (Станкоски С. 1971).

*Топличкиот Пропаст* или како што уште се нарекува Дупка што ѕвечи се наоѓа во близина на с. Слоештица, западно од познатиот манастир „Св.Никола" наречен Топлички на 780 m н.в. Оваа пропаст е испитана во март 1968 г. при што е утврдено дека нејзината длабочина изнесува 23 m, а отворот има должина 0,7 m и ширина 0,6 m (Станкоски С. 1971).

### 3.2.2. Клима

Климата претставува важна физичко – географска карактеристика и значаен елемент на географската средина, која во поголем или помал степен влијае врз целокупната активност на човекот.

Врз основа на климатската регионализација (Зиков М. 1995) во Р. Македонија, областа Демир Хисар се наоѓа во регионот со континентална клима, а одредени нејзини делови, односно повисоките области припаѓаат во регион со планинска клима, која е во тесна врска со релјефно морфолошката пластика на просторот односно затвореноста со планините и отвореноста само спрема Пелагонија.

Во продолжение се прикажани поважните климатски елементи и метеоролошки појави за Демир Хисар. Податоците се добиени од УХМР, а бидејќи во оваа област не постои метеоролошка станица тие се измерени во метеоролошката станица во Битола која се наоѓа на 578 m н.в  и од дождомерните станици во селата Доленци, Слепче и Боишта, а се однесуваат за периодот 1981 – 2010 г.

**Температура на воздухот.** Температурата на воздухот претставува еден од најважните климатски елементи. Температурниот режим во областа Демир Хисар е скоро идентичен со температурниот режим во Пелагонија, но со нешто

пониски тепмератури, поради тоа што просторот е затворен со високи планини, а е отворен само спрема Пелагонија.

Бидејќи во Демир Хисар не постои метеоролошка станица, податоците за температурата на воздухот кои во продолжение ќе бидат анализирани се мерени во метеоролошката станица во Битола која се наоѓа на 578 m н.в. и се однесуваат за периодот 1981 – 2010 г.

Како што веќе е споменато на поголемиот дел од областа Демир Хисар преовладува типично континентална клима, со исклучок на оние населени места кои се наоѓаат на поголема надморска височина, каде владее планинска клима, на падините на плаините Бигла, Илинска и Плакенска Планина.

Ваквата констатација е поткрепена со податоци за движењето на температурата на воздухот за периодот од 1981 – 2010 г.

*Табела 1. Просечни месечни и годишни температури на воздухот во $^0C$*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Сред. год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 - 2010 (10) | -0,4 | 1,7 | 6,6 | 11,2 | 16,1 | 20,4 | 22,6 | 22,0 | 17,4 | 12,0 | 5,9 | 1,6 | 11,4 |

Се забележува дека просечната годишна температура на воздухот е 11,4 $^0C$, односно оваа област припаѓа во третиот термички регион (Стојмилов А. 2002), каде просечната годишна температура се движи меѓу 11 и 12 $^0C$.

Најтопол месец е јули со просечна месечна температура од 22,6 $^0C$, а најстуден е јануари со просечна месечна температура од – 0,4 $^0C$.

Просечното годишно температурно колебање изнесува 23 $^0C$, што е доста висока вредност, која пак покажува дека континенталноста има битно влијание на температурниот режим во областа Демир Хисар.

Средните температури на воздухот по годишни времиња изнесуваат: во пролет 11,3 $^0C$, во лето 21,7 $^0C$, во есен 11,8 $^0C$ и во зима 1 $^0C$, што покажува дека есента е потопла од пролетта за 0,5 $^0C$.




*Слика 6. Просечни месечни и годишни температури на воздухот во $^0C$*

Посебно значајно, особено за земјоделското производство имаат промените на температурата во вегетациониот период (април – септември)

кога средната температура во оваа област изнесува 18,3 $^0$C што покажува дека владеат релативно поволни услови за развој на земјоделското производство.

Локалното континентално обележје врз температурниот режим се изразува и преку екстремните температури. Апсолутно минималната температура е измерена на 7.1.1993 г. и изнесува –30,4 $^0$C, а апсолутно максималната температура измерена на 24.7.2007 г. изнесува 41,2 $^0$C.

Средниот годишен број на денови со температура над 25 $^0$C, т.н летни денови изнесува 98,3, а бројот на денови со температура на воздухот поголема од 30 $^0$C, т.н. тропски денови изнесува 36 (Лазаревски А. 1993).

Просечниот датум на појава на есенскиот мраз е 21 октомври (Лазаревски А. 1993), а на пролетниот мраз е 6 април. Најраниот датум на појава на есенскиот мраз е 26 септември, а појавата на најдоцниот пролетен мраз е 19 мај. Просечниот мразен период трае 168 дена, а екстремниот мразен период 236 денови, додека стварниот просечен годишен број на мразни денови, односно денови со температура на воздухот кога $t_{min}$ е помала од 0 $^0$C, изнесува 88 денови. Со најмногу мразни денови се одликуваат месеците јануари со 23 дена, февруари 18, март 11 и декември 20 дена.

*Табела 2. Просечен месечен и годишен број на мразни денови*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1951 - 1975 [(7)] | 22,5 | 17,7 | 11,3 | 1,6 | 0,1 | / | / | / | 0,1 | 3,3 | 9,0 | 18,5 | 84,1 |

Од податоците се констатира дека во оваа област во вегетациониот период постојат услови за оштетување на земјоделските култури поради појава на есенски и пролетни мразеви.

**Врнежи.** Покрај температурата на воздухот, врнежите (Стојмилов А. 2002), како метеоролошка појава претставуваат најважен климатски фактор, кој заедно со останатите фактори ја дефинираат климата на одредено подрачје, хидролошкиот режим, распространетоста на растителниот и животинскиот свет, педолошките карактеристики на теренот итн, а со тоа имаат и непосредно влијание врз сите активности на човекот.

При анализата на карактеристиките на врнежите во областа Демир Хисар се обработени податоците добиени од УХМР, а се измерени во дождомерните станици во с.Слепче кое се наоѓа на 680 m н.в, с.Доленци на 700 m н.в и с.Боиште 910 m н.в.





*Слика 7. Дождомерна станица во с.Доленци (29.09.2013), фото: Т.Калевски*

Распоредот на врнежите во областа Демир Хисар се гледа од приказот за периодот 1981 – 2010 г.

*Табела 3. Просечни месечни и годишни суми на врнежи во мм за периодот 1981 – 2010 год* (УХМР – Скопје)

| Дождом. станица | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Боиште | 100,4 | 97,3 | 91,2 | 78,1 | 75,5 | 45,0 | 43,5 | 41,0 | 52,7 | 82,3 | 130,7 | 127,0 | 964,7 |
| Доленци | 62,8 | 61,7 | 63,2 | 55,1 | 72,7 | 57,1 | 38,9 | 36,0 | 44,8 | 69,2 | 90,5 | 83,2 | 735,2 |
| Слепче | 49,5 | 43,2 | 44,6 | 41,4 | 52,6 | 27,0 | 29,1 | 28,7 | 29,3 | 49,3 | 69,0 | 62,9 | 526,6 |




*Слика 8. Просечни месечни и годишни суми на врнежи во mm за периодот 1981 – 2010 год* (УХМР – Скопје)

Од податоците во табелата се забележува дека средното годишно количество на врнежи се движи од 526,6 mm во с.Слепче, 735, 2 mm во с.Доленци, до 964,7 mm во с.Боишта. Тоа е резултат на различната надморска височина на која се наоѓаат овие мерни станици. Односно, рамничарските простори годишно добиваат 438 mm помалку врнежи одколку планинските делови на просторот.

Гледано по месеци (во сите три дождомерни станици) се констатира дека најголема количина на врнежи имаат месеците ноември и декември, а најмало количество на врнежи се забележува во месеците јуни (с.Слепче) и август (с.Доленци и с.Боишта).

Анализира на распределбата на врнежите по сезони т.е. по годишни времиња покажува дека нее рамномерна. Најмногу врнежи има во зима, а најмалку во лето. Есента е поврнежлива од пролетта.

*Табела 4. Распределба на врнежите по годишни времиња*

| Дождомерна станица | Количина на врнежи во mm според сезони | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Пролет | Лето | Есен | Зима | Вкупно |
| с.Боишта | 244,8 | 129,5 | 265,7 | 324,7 | 964,7 |
| с.Доленци | 191 | 132 | 204,5 | 207,7 | 735,2 |
| с.Слепче | 138,6 | 84,8 | 147,6 | 155,6 | 526,6 |




*Слика 9. Распределба на врнежите по годишни времиња*

Вкупната количина на врнежи во вегетациониот период (април – септември) изнесува 208.1 mm во с.Слепче односно 39.5 % од вкупната количина на врнежи, 304.6 mm или 41.4 % во с.Доленци и 335.8 mm или 34.8 % во с.Боишта, што е релативно мала количина на врнежи за поинтензивен развој на земјоделието. Според тоа потребно е да се преземат соодветни мелиоративни зафати (Маркоски Б. 1986).

Од сите наведени показатели се констатира дека областа Демир Хисар се одликува со медитерански плувиометриски режим каде главниот максимум на врнежите е во месец ноември, а главниот минимум во месец август.

Дополнително обележје на режимот на врнежите е и зачестеноста на врнежливите денови (Лазаревски А. 1993) по месеци во текот на годината.

Од практична гледна точка многу е важно како се распоредени врнежите во текот на месецот, во вегетациониот период и преку годината. Тоа е особено важно за потребите во земјоделството, бидејќи во некои месеци може да падне поголема количина на врнежи, но само во неколку врнежливи денови како силни и поројни што пак може да предизвикаат штета на земјоделските посеви.

Затоа е прикажан просечниот месечен и годишен број на денови со врнежи односно оние денови во кои дневната количина на врнежи е еднаква или поголема од 0,1 mm.

*Табела 5. Просечен месечен и годишен број на денови со врнежи*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 - 2010 г. | 12,0 | 12,0 | 13,0 | 11,0 | 12,0 | 9,0 | 7,0 | 6,0 | 6,0 | 10,0 | 11,0 | 14,0 | 123,0 |

Од податоците се гледа дека просечниот годишен број на денови со врнежи изнесува 123 денови. Од анализата на бројот на врнежливи денови и просечната сума на врнежи по годишни времиња се констатира дека есенските врнежливи денови се одликуваат со побилни врнежи.

Врнежите во оваа област се главно од дожд, но во зимскиот дел од годината и од снег. Учеството на снегот во годишната количина на врнежите со порастот на надморската височина се зголемува.

Снежниот покривач се јавува од октомври заклучно со април и просечно годишно изнесува 39,9 денови од кои 33,2 дена или 83 % се јавува во трите зимски месеци декември (9,3 дена), јануари (14 дена) и февруари (9,9 дена).

*Табела 6. Број на денови со снежен покрив*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 – 2010 | 14,0 | 9,9 | 3,4 | 0,4 | / | / | / | / | / | 0,1 | 2,8 | 9,3 | 39,9 |

За оваа област честа е појавата на роса (Лазаревски А. 1993). Просечно годишно се јавуваат 138 денови со роса во сите месеци од годината, но најчесто од април до октомври со преку 15 денови месечно.

Сушата претставува посебен белег на режимот на врнежите, како метеоролошка појава. Под поимот сушен период (Лазаревски А. 1993) се смета непрекинат низ од десет и повеќе денови во кои дневната количина на врнежи е помала од 0,1 mm т.е. кога нема никакви врнежи во тој период.

Во областа Демир Хисар сушните периоди се доста изразени. Од вкупниот број на сушните периоди 65 % се со траење од 10 – 15 дена, 31 % со траење до 30 дена и 9 % со траење преку 30 дена.

По годишни времиња 34 % од сушните периоди се јавуваат во летните, 27 % во есенските, 23 % во пролетните и 16 % во зимските месеци. Значајно е да се спомене дека во вегетациониот период се јавуваат 81 % од вкупниот број на сушни периоди, што пак има негативно влијание врз приносот на поедини земјоделски култури.

**Ветрови.** Ветерот претставува хоризонтално или приближно хоризонтално воздушно струење кое настанува поради разликата на воздушниот притисок на некое подрачје (Лазаревски А. 1993).

Покрај зависноста од останатите климатски елементи ветерот е многу зависен од релјефните одлики на одреден простор. Поради сето ова во Демирхисарската област ветерот дува од различни правци, но главно преовладуваат ветровите од северниот и јужниот правец.

*Табела 7. Правец, честина, просечна и максимална брзина на ветровите*

| Ветрови | N | NE | E | SE | S | SW | W | NW | C |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечна годишна зачестеност | 189 | 63 | 22 | 68 | 134 | 41 | 61 | 83 | 339 |
| Просечна годишна брзина (m/s) | 2,2 | 2,2 | 1,7 | 2,7 | 3,7 | 2,4 | 3,5 | 2,4 | |
| Максимална брзина (m/s) | 15,5 | 15,5 | 15,5 | 18,9 | 18,9 | 15,5 | 22,6 | 18,9 | |

Од податоците се забележува дека преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 189 $^{0}/_{00,}$ а со најмала зачестеност се одликува источниот ветер со само 22 $^{0}/_{00,}$ но исто така овој ветер се карактеризира и со најмала просечна годишна брзина од 1,7 m/s. Најголема максимална брзина се забележува кај западниот ветер која изнесува 22,6 m/s иако тој е со релативно мала зачестеност од 61 $^{0}/_{00}$.

Во оваа област се јавуваат и ветрови кои се од локален карактер, а тие се како последица на нееднаквото загревање на воздухот во пониските делови и повисоките планински делови. Овие ветрови се одликуваат со денонoќни периоди, односно во текот на денот дуваат од котлината кон повисоките планински делови, а ноќе обратно. Бидејќи овие ветрови најчесто се јавуваат во топлите летни месеци кога и дневните температури се доста високи, тие имаат освежително влијание.

Временските ситуации без ветер или зачестеноста на тишините (C) е релативно голема и изнесува 339 $^{0}/_{00}$.

**Сончево зрачење.** Под траење на сончевото зрачење се смета траењето на осончувањето изразено во часови (Лазаревски А. 1993). Област Демир Хисар се одликува со долготрајно сончево зрачење, каде просечното годишно траење на сончевото зрачење изнесува 2300 часови.

*Табела 8. Траење на сончевиот сјај во часови*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 - 2010 (10) | 83,8 | 119,8 | 160,7 | 186,2 | 242,7 | 300,3 | 330,2 | 309,0 | 223,4 | 169,5 | 107,1 | 67,3 | 2300,0 |
| 1951 - 1980 (7) | 79 | 112 | 152 | 118 | 249 | 291 | 336 | 314 | 235 | 172 | 105 | 78 | 2241 |

Се забележи дека најголем број сончеви часови има во јули (330,2 часа) или во просек по 10,6 сончеви часови дневно, а со најмал број е месец декември (67,3 часа), односно по 2,2 сончеви часови дневно. По годишни времиња, сончевото зрачење е поголемо во пролетните, а помало во есенските месеци.

**Облачност и магли.** Облачноста е покриеност на небото со облаци и се изразува во десетини. Просечната годишна облачност во областа Демир Хисар е 5,1 десетини.

*Табела 9. Просечна месечна и годишна облачност во десетини*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 - 2010 | 6,2 | 5,9 | 5,8 | 5,9 | 5,4 | 4,2 | 3,3 | 3,1 | 4,2 | 4,9 | 5,9 | 6,9 | 5,1 |
| 1951 - 1980 | 7,1 | 6,5 | 6,3 | 5,9 | 5,5 | 4,5 | 3,2 | 2,9 | 3,9 | 5,3 | 6,3 | 6,8 | 5,4 |

Се забележува дека облачноста е најмала во месец август кога изнесува само 3,1 десетини, а најголема во декември со вредност од 6,9 десетини. Гледано пак по месеци таа од јануари до август се намалува, а потоа до месец декември се зголемува.

По годишни времиња, со најмала облачност се одликува летото, а пролетта е пооблачна од есента.

Посебно обележје за режимот на облачноста претставува бројот на *ведри денови,* односно денови во кои средната дневна облачност е еднаква или помала од две десетини.

Во Демирхисарската област просечниот годишен број на ведри денови изнесува 76.

*Табела 10. Просечен број на ведри денови*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 - 2010 | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 11 | 12 | 11 | 8 | 5 | 4 | 76 |

Маглата како метеоролошка појава се јавува на целата област Демир Хисар, но со поголема зачестеност во пониските делови по течението на реката Црна.

Просечниот годишен број на денови со магла изнесува 20,8 дена, а најчесто се појавува во месец ноември (3,8), декември (6,0) и јануари (6,3 денови).

*Табела 11. Број на денови со магла*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 - 2010 | 6,3 | 2,1 | 0,5 | 0,2 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,2 | 1,3 | 3,8 | 6,0 | 20,8 |

**Влажност на воздухот.** Влажноста на воздухот (Зиков М. 2000) е еден од најзначајните климатски елементи, бидејќи водената пареа директно учествува во најголем дел од атмосферските процеси и метеоролошки појави.

Овој климатски елемент е изразен преку релативната влажност на воздухот, а претставува степен на заситеност на воздухот со водена пареа т.е. однос меѓу количеството на водена пареа која се наоѓа во даден момент во воздухот и максималното количество кое тој воздух би можел да го прими при иста температура за да биде заситен и се изразува во проценти (%).

*Табела 12. Средно месечна релативна влажност на воздухот во %*

| Период | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1981 - 2010 | 82 | 76 | 68 | 65 | 64 | 58 | 55 | 57 | 64 | 71 | 79 | 82 | 68 |
| 1951 - 1975 | 84 | 79 | 72 | 65 | 65 | 60 | 56 | 55 | 65 | 74 | 80 | 84 | 70 |

Релативната влажност на воздухот во областа Демир Хисар просечно годишно изнесува 68 %. Во текот на годината со најголема влажност се карактеризираат месеците ноември (79 %), декември (82 %), јануари (82 %) и февруари (76 %), додека со најмала влажност се карактеризираат летните месеци јуни (58 %), јули (55 %) и август (57 %).

Според податоците се забележува дека релативната влажност на воздухот во оваа област има прилична рамномерност, што е од искучително значење за развој на земјоделието.

### 3.2.3. Хидрографија

Како резултат на геолошкиот состав, релјефната структура и климатските карактеристики, областа Демир Хисар претставува подрачје кое се карактеризира со релативно богат хидрографски потенцијал.

На територијата на оваа област се среќаваат поголем број на извори, а некои од нив се со издашност и поголема од 30 l/s.

Што се однесува пак до речните текови, територијата на оваа област скоро целосно припаѓа на сливот на Црна Река во која се вливаат
сите останати помали реки од оваа област, а само еден мал дел припаѓа на сливот на реката Треска.

**Подземи води и извори.** За карактеристиките на подземните води во оваа област, односно за длабочината до која што се движат, состојбата на подземните води, нивните осцилации, резерви, квалитет, евентуални подземни текови итн. не постои јасна слика поради тоа што не се вршени никакви истражни работи.

Единствено за Церска Река се претпоставува дека има подземен тек, односно дека таа низводно од с.Цер понира и се движи низ подземјето на Церско Поле и на површината излегува кај с.Железнец, каде заедно со неколку

околни реки го образуваат врелото на Црна Река со максимална издашност од 5 $m^3/s$, која што во пролетниот период истекува од 5 поголеми карстни врутоци.

За разлика од подземните води кои не се доволно истражени во оваа област, геолошкиот состав на теренот покрај тоа што овозможува површинско слевање на водата од врнежите, овозможува и појава на бројни извори.

Бидејќи подземната издан во одредени делови е богата со вода, предизвикува појава на извори особено во нејзиниот северо – западен дел каде што се среќаваат извори и со издашност поголема од 30 l/s. На територијата на општина Демир Хисар се регистрирани 111 извори.

Некои од овие извори се каптирани и се користат за водоснабдување на населението во одредени населени места, на некои од нив се изградени јавни чешми, а некои од нив претставуваат изворишта на реки каков што е случајот со изворот на Црна Река.

Во просторот на Демир Хисар се застапени и минерални извори и тоа во селата Смилево, Прибилци и Мренога (Општина Демир Хисар, 2008), чија одлика е мала издашност и температура до 20 $^0$C (ИПП– Охрид ,1983).

Во продолжение се прикажани изворите во областа Демир Хисар кои се со издашност поголема од 3 l/s.

*Табела 13. Извори во Демир Хисар со поголема издашност од 3 l/s*

| Ред бр | Катастарски број на изворот | Село | Месност | Издашност л/с | Температура на водата во $^0$C | мерено издашност мес./година | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 55 | Сопотница | Воденица | 41 | 12 | VII - 1966 | постојан - варира |
| 2 | 56 | Железнец | село | 413 | 11,5 | VII - 1966 | постојан |
| 3 | 57 | Железнец | | 45 | 11,5 | VII - 1966 | постојан |
| 4 | 58 | Железнец | Црна Дупка | 1170 | 11,5 | VII - 1966 | пресушува (сифон) |
| 5 | 59 | Железнец | Церска Река | 55 | 11 | VII - 1966 | пресушува |
| 6 | 133 | Железнец | Церска Река | 20 | 10,5 | VII - 1966 | пресушува |
| 7 | 134 | Растојца | Лаган | 25 | 15 | VII - 1966 | постојан - варира |
| 8 | 300 | Брезово | Бигор | 6 | 12,2 | VII - 1966 | постојан - варира |
| 9 | 301 | Бабино | Подсело | 10 | 11 | VII - 1966 | постојан - варира |
| 10 | 302 | Слоештица | Топилница | 8 | 12 | VII - 1966 | постојан - варира |
| 11 | 303 | Жван | Латинска црква | 6 | 12,7 | VII - 1966 | постојан - каптиран |
| 12 | 304 | Ново Село | Чаир | 4 | 11,5 | VII - 1966 | постојан - каптиран |

Од податоците се забележува дека изворите со најголема издашност во оваа област, се распространети во нејзиниот северо – западен дел што е резултат на геолошкиот состав на тој дел од теренот каде се распространети варовнички карпи, кои се карстифицирани, испукани и искршени, поради што овозможуваат скоро целото количество на врнежи во тој дел да понира, односно околу 70% (Димитров В.Н. 2009) од врнежите во просторот понираат во испрепуканиот варовник, а останатите 30 % ги користи вегетацијата, испаруваат и само мал дел истекува површински.



*Слика 10. Изворот над с.Сопотница (29.09.2013), фото: Т.Калески*

**Речна мрежа.** Скоро целата територија на обласга Демир Хисар претставува дел од сливот на Црна Река, а само мал дел припаѓа на сливот на реката Треска, а тоа е Простравьска Река (Димитров В.Н. 2009) која извира од Илинска Планина, а низ просторот поминува само неколку километри.

Црна Река. Реката Црна (Стојадиновиќ Ч. 1952) претставува најголем и најзначаен речен тек во оваа област. Таа е најголема десна притока на реката Вардар. Изворишниот дел на Црна Река се наоѓа во Демир Хисар. Подрачјето на сливот во изворишниот дел е ограничено на запад со планината Бигла, Плакенска и Илинска Планина, а на исток спрема Пелагонија со Крушевскиот гранитен масив и масивот Древеник.




*Слика 11. Средни годишни протеци кај Водомерната станица "Доленци" за периодот 1960/61-1999/2000 година*

Од графикот преглед на средномесечните протеци кај Водомерната станица "Доленци" може да се констатира дека декадата од 1960/61-1969/70 има просечно најголем протек со 3,18 $m^3/s$, додека периодот 1980/81-1989/90

година има просечно најмал протек со 2,09 $m^3/s$. Во месечната анализа на средно месечните протеци се забележувааат највисоки вредности во март и април, додека најниските вредности се јавуваат во септември.

Од горенаведениот графикон е евидентна највисока вредност на средногодишните протеци во 1962/63 г. со средногодишен протек од 6,67 $m^3/s$. најниски вредности забележуваме во 1987/88 година, 0,87 $m^3/s$.



*Слика 12. Местото каде се формира Црна Река (фото: Т.Калески 2013),*

За вистински извор на Црна Река во литературата се смета врелото Црна Дупка кај с.Железнец на 760 m.н.в.



*Слика 13. Изворите на Црна Река во с.Железнец (фото: Т.Калески 2013),*

Вкупната должина на Црна Река од изворот до вливот во реката Вардар изнесува 207 km, од кои на територијата на Демир Хисар се протега во должина од 36 km (Костовски В.,), додека целокупната површина на сливот на Црна Река во Р.Македонија изнесува 5.130 $km^2$.

Црна Река има долина со сложен профил, бидејќи таа тече низ четири морфолошки различни области, а тоа се: Демир Хисар, Пелагониската Котлина, Скочивирската Клисура и Тиквешката Котлина.

Во горниот дел до с.Бучин, Црна Река тече низ Демир Хисар во правец северозапад – југоисток со среден проток од 4,91 $m^3/s$, а максимален проток од 167 $m^3/s$. Во овој дел, долината има клисуреста форма со неколку ерозивни проширувања како на пример кај селото Жван.

***Притоки на Црна Река во областа Демир Хисар***. Од изворот на Црна Река до напуштањето на областа Демир Хисар, кај с.Бучин, во неа се влеваат неколку поголеми и позначајни притоки. Такви се: Големоилинска Река, Малоилинска Река, Бабинска Река, Боишка Река и Обедничица, како десни притоки и Горна Река, Сопотничка Река, реката Жаба, реката Журешница и Манастирска Река како леви притоки на Црна Река во овој простор (Петрушевски И., Маркоски Б., 2014).

***1. Големоилинска Река*** - извира од Илинска Планина од самото подножје на местото викано „Лиска“ на 1.908 м.н.в или попознат како Утов Дол. Од левата страна ги прифаќа водите од Попов и Вучји Дол, а од десната страна водите од долот Јелица.

Од водите на овие долови, над селото Големо Илино се формира Големоилинска Река која минува низ селото Големо Илино и над селото Железнец, кај кота 743 м се спојува со Зли Дол од каде што е изворот на Црна Река.

Од извориштето до с.Големо Илино се карактеризира со тесно и стрмно корито и со многу стрмни страни, додека во понатамошниот тек на реката наклонот на коритото се намалува. Коритото на оваа река е широко од 3 – 8 м со просечен пад од 3,7%, но значајно е да се напомене дека оваа река нема пороен карактер.

Со оглед на тоа дека извира од буково подрачје и има релативно големо сливно подрачје таа има вода по целата своја должина и во текот на целата година.



*Слика 14. Големоилинска Река (фото: Т.Калески, 2013),*

Покарактеристичен речен тек кој се влева од нејзината лева страна е Церска Река.

Церска Река (Димитров В.Н. 2009) извира на надморска височина од 1.380м, а се влива како повремен речен тек во Големоилинска Река на 750 м.н.в. Таа е долга 17 km, од кои 10,5 km се површински водотек, а останатите 6,5 km истекува како подземен водотек. Зафаќа површина на сливот од 109 $km^2$ и има просечен пад на коритото од 3%. Во некои години со висок водостој се случува таа да претставува постојан речен тек.

Пред нејзиниот влив во Големоилинска Река од нејзината десна страна во неа се влева Воденичка Река (Димитров В.Н. 2009) чиј извор се наоѓа под врвот „Лиска“ на Илинска Планина на 1.680 м.н.в., а влив во Зли Дол на кота 801 м.н.в. Вкупната должина на оваа река изнесува 9 km. Овој водотек има постојано вода која на две локации се губи и тоа кај изохипсата 1.160м и под месноста Попова Краста на изохипса од 920 м. Пред 60 години на оваа река егзистирале и пет воденици што покажува за богатството со вода.

Според некои согледувања, на Воденичка Река може да се изгради насипна или бетонска брана, а водата од вештачкото езеро би се користела за пиење, за наводнување, за добивање на електрична енергија, езерото би било порибено, а под браната би се изградил поголем рибник со придружни објекти: хотел, рибен ресторан, спортски терени итн., што би допринесло за развој на овој релативно напуштен крај.

Така заедно Церска и Воденичка Река се вливаат во Големоилинска Река, која пак заедно со карстните врутоци кај с. Железнец се смета како извор на реката Црна.

***2. Малоилинска Река (река Кушна)*** – настанува со спојување на реките Чавдарица, Јабланица и Мирча во близина на с. Мало Илино.

Оваа река е со должина од 4,5 km, со правец на протегање кон североисток и со благ наклон на коритото. Просечниот пад на коритото е со наклон од 4,2 %, но нема пороен карактер.

На својот пат до вливот во Црна Река што се случува после с.Железнец ги прибира водите од повеќето помали водотеци, а треба да се напомене дека оваа река има вода преку цела година.

***3. Бабинска Река (Мала Река)*** (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Д.Хисар, 2003) – е десна притока на реката Црна. Изворишниот дел на оваа река се формира од повеќе долови во подножјето на местото викано „Камче“ на 1902 m н.в. на Плакенска Планина, поминува низ селата Базерник и Бабино, па потоа се влева во реката Црна.

Коритото на оваа река по целото свое течение е со благ пад и со воедначен и смирен тек, а нејзината ширина која изнесува до 10 m, овозможува нејзините крајречни површини да се користат како земјоделско обработливо земјиште.

Зафаќа релативно големо сливно подрачје, нејзиниот правец на течење е од југозапад кон североисток, а со вода располага преку целата година.

***4. Боишка Река*** (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Демир Хисар, 2004) – Се формира над местото викано „Ресенско Кладенче“ на 1430 m н.в. Во горниот тек е позната под името Смилевска Река и тоа име го задржува се до она место каде од десната страна во неа се влева реката под име

Кољово Речиште. Должината на овој тек од реката изнесува 5,1 km. Од составот со реката Кољово Речиште па се до вливот на Средорека во должина од 2 km тече под името Катунишка Река. Откако водите на Средорека и Катунишка Река ќе се спојат, па се до нејзиното влевање во Црна Река кај с.Жван, реката тече под името Боишка Река.

Нејзината вкупна должина изнесува околу 15 km и зафаќа сливна површина од околу 95 $km^2$. Во неа се влеваат неколку помали речни текови кои всушност се и нејзини притоки, а тоа се:

- *Средорека* – Изворишниот дел на оваа река се формира од повеќе безимени долови од спротивната страна на местото викано „Ресенско Кладенче“ и од водите на реката Копривница. Вкупната должина од изворишниот дел, па се до влиот со Катунишка Река и изнесува 5,6 km. Минува под с.Боишта каде од десната страна во неа се влева Лакатска Река, која извира во непосредна близина на местото викано „Бели Камен“ и тече во должина од 3,2 km.

- *Церовска Река* – се формира во подножјето на местото викано „Бели Камен“ на 1620 m н.в. Поминува под с.Церово и е лева притока на Боишка Река. Нејзината вкупна должина изнесува 4,4 km. Во изворишниот дел реката има стрмен пад на коритото, додека пак во средниот и долниот тек е со поблаг наклон на коритото.

- *Вировска Река* – се формира од две помали реки и тоа од Дедоичка Река која извира под местото викано Еврејка на 1.560 м.н.в. со должина од 2,4 km и Отлоичка Река која извира скоро од под самиот врв на Сталев Камен на 1.930 м.н.в. со должина од 2,6 km. Овие две реки се спојуваат над селото Вирово, од каде што всушност се формира Вировска Река.

Нејзината должина се до вливот во Боишка Река изнесува 3,8 km. Треба да се напомене дека оваа река во минатото имала најискористен енергетски потенцијал во овој дел, бидејќи на нејзе се изградени над 60 валалници кои служат за валање на јамболии и повеќе воденици, а некои од нив и денес се во употреба.

- *Слоештичка Река* – во својот горен тек се вика Големача. Се формира во подножјето на местото викано „Дамев Гроб“ на 1.960 м.н.в. од Воденичка Река, Бела Река, Снасен Дол и Асаноец Дол. Реката се формира на 2 km над с.Слоештица, додека во самото село во неа, од левата страна се влива Левачка Река.

Оваа река е лева притока на Боишка Река. Над с.Слоештица реката има широко корито од 5 - 7 м, а под селото има тесно корито. Вода има преку цела година и во целиот свој тек.

- *Мреношка Река* – е десна притока на Боишка Река.

***5. Река Обедничица*** (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Демир Хисар, 2004) – уште се среќава и под името Стара Река. За долината на Обедничица или Стара Река која е десна притока на Црна Река, Јован Цвииќ смета дека е наследена заливска долина во која Пелагониското Езеро

најдалеку се протегало на запад, а на ваков заклучок го навело малиот пад на речното корито.

Оваа река ја сочинуваат водите од Смилевска Река и Стара Смилевска Река.

Смилевска река извира од самото подножје на планината Бигла, поточно од местото викано „Јаорец“ на 1.460 m.н.в. Нејзината должина од изворот па се до соединувањето со Стара Смилевска Река изнесува 4,4 km. Овој водотек има умерено стрмен пад на коритото и има вода преку цела година.

Стара Смилевска Река има два поголеми извори и тоа: изворот Дванаесет Кладенци на 1.510 m н.в. и изворот Горановец на 1.460 m н.в. Должината на овој водотек изнесува 3,8 km и се одликва со умерено стрмен пад на коритото. Реката е богата со вода, така што еден дел од водата се користи и за снабдување на месното население од с.Смилево.

Водите од овие две реки се влеваат една во друга под с.Смилево со што ја создаваат реката Обедничица, која кај с.Граиште на 624 м.н.в. се влева во Црна Река од нејзината десна страна. Нејзината должина изнесува 19 km, зафаќа површина од 87 $km^2$ и има релативен пад од 37,7 $^0/_0$.

По текот од левата страна во неа се влеваат водите од „Длабоки Дол“ и водите од Сува Река, додека од нејзината десна страна најзначаен речен тек кој се влева во неа е Суводолска Река која се формира под самиот врв Кале (1494 m), поточно од изворот наречен Мамутова Чешма.

Должината на овој водотек изнесува 7,6 km, а во текот на летниот период пресушува. Треба да се напомене дека на овој водотек се направени две мали хидроакумулации, Суводол 1 и Суводол 2, кои служат за наводнување во летниот период.

***6. Горна Река (Брезоштица)*** (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Демир Хисар, 2008) – е лева притока на Црна Река во Демирхисарската област и извира јужно од „Коптенски Рид“ од каде се формираат два речни тека. Едниот кој тече во југоисточен правец ја прави Горна Река, а другиот тече во југозападен правец и се вика Ујемштица, која има должина од 7,6 km, а се влева во Горна Река кај кота со 825 m.н.в.

Должината на Горна Река изнесува околу 11 km. Таа поминува и низ с.Брезово, па затоа е позната уште и под името Брезоштица. Во с.Доленци од нејзината лева страна ги прифаќа водите на Брестечка Река, од каде продолжува да тече низ рамничарскиот дел, каде се влева во Црна Река.

Речното корито на Горна Река е широко од 3 – 8 м, со просечен пад од 3,7 %, а само во горниот дел има тесно и нешто пострмно корито. Таа има вода по целата своја должина и во текот на целата година.

***7. Сопотничка Река*** (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Демир Хисар, 2008) – е лева притока на Црна Река во Демирхисарската област и се формира во месноста „Голема Краста“ од повеќе потоци.

Тече во југоисточен правец, поминува низ с.Сопотница и се влева во Црна Река. Должината на овој водотек изнесува околу 5 km и има просечен пад на коритото од 7,2 %.

***8. Река Жаба*** **(**Маркоски Б. 1986) - се формира од повеќе извори на Бушева Планина на околу 1.600 м.н.в., а во Црна Река се влива над с.Прибилци на 638 м.н.в. од нејзината лева страна.

Нејзината должина изнесува 21 km, зафаќа сливна површина од 85 $km^2$ и има релативен пад од 23,7 $^0/_0$. Кај с.Долно Дивјаци од нејзината лева страна ја прима притоката Раснаќе или уште се нарекува Горно Ливадска Река, која извира под врвот Стара Мусица (1788 m) на Бушева Планина.

***9. Река Журешница*** **(**Маркоски Б. 1986) – извира од Бушева Планина на 1390 m.н.в., а во Црна Река се влива кај с.Сладуево на 625 m.н.в., од нејзината лева страна. Од с.Острилци до с. Журче позната е и како Острилечка Река, а од с.Журче до вливот во Црна Река како река Журешница.

Нејзината должина изнесува 17,8 km и зафаќа сливна површина од околу 45 $km^2$. Има благ надолжен наклон и релативно широко корито, а вода има преку целата година и низ целиот свој тек.

***10. Манастирска Река*** (Стојадиновиќ Ч., 1952) – извира од висорамнината „Камберица“, во близина на с.Бирино, а во Црна Река се влева од нејзината лева страна меѓу селата Света и Бучин.

Нејзината должина изнесува околу 8,5 km. Горниот тек кој претставува 1/3 од должината на целиот речен тек и се наоѓа на над 1000 m.н.в., Часлав Стојадиновиќ претпоставува дека овој дел од долината е со прелимниска старост. Прелимниската река која течела во горниот тек од оваа долина се вливала во Бучинска Река источно од с.Пресил.

Од долината на реката Журешница, Манастирска Река е одвоена со гребенот „Грнчарица“ и Црни Врв (1453 m) јужно од Крушево. Овие гребени како и врвовите меѓу нив според Ч.Стојадиновиќ, претставувале прелимниска граница меѓу Працрна и Пелагониска Река.

Според сето она што претхоно е изнесено може да се заклучи дека Демирхисарската област се карактеризира со богат хидрографски потенцијал, особено од десната страна на реката Црна, но дека истиот како воопшто и да не е искористен, што остава простор за идно негово искористување, а со тоа и поголем економски развој на оваа област.

**Езера.** Во подрачјето на Демир Хисар се изградени три вештачки аумулации и тоа две кај с.Суводол и една кај с.Стругово.

Акумулацијата Стругово (Општина Демир Хисар, 2008) се наоѓа кај месноста Крагуево во близина на с.Стругово. Таа е изградена во 1984 година, висината на браната и изнесува 14 m и има капацитет од 0,146 * $10^6$ $m^3$ вода.

Акумулацијата Суводол 1 изградена е во 1985 година, висината на браната и изнесува 12 m и има капацитет од 0,085 * $10^6$ $m^3$ вода, додека акумулацијата Суводол 2 која исто така е изградена во 1985 г. има висина на браната од 10 m и е со капацитет од 0,075 * $10^6$ $m^3$ вода. И двете акумулации се изградени над с.Суводол во подножјето на планината Древеник.

Кога станува збор за акумулации во Демир Хисар, треба да се каже дека со Водостопанската основа на Р. Македонија од 1968 година, на територијата на општина Демир Хисар е предвидена изградба на ХС „Бучин“ со изведба на брана на Црна Река и создавање на акумулација со која би се наводнувале околу 32.000 ha земјиште во Пелагонија која ниту се реализира ниту се брише од Водостопанската основа на Р.М.



*Слика 15. Акумулација Стругово  (фото: Т.Калевски, 2013),*





*Слика 16. Акумулација Суводол 1 и 2  (фото: Т.Калески, 2013),*

Акумулацијата „Бучин“ е предвидена на горниот тек на реката Црна на околу 2km од с.Бучин. Одбраниот тип на брана е камено насипна со централно глинено јадро. Висината на планираната брана е 35,5 m над теренот со кота на круната 630 m, широчина на круната 7 m, должина 835 m, длабочина од 40 m и вкупна зафатнина од 240 мил.$м^3$.

Планираната изградба на овој хидросистем за територијата на општина Д.Хисар има голем број на негативни последици како што се потопување на голема површина на плодно земјиште (I – III бонитетна класа), потопување на селата Бараково, Граиште, Сладуево и дел од градот Д.Хисар, уништување на дел од електричната и телекомуникациската мрежа како и системите за наводнување на земјоделските површини.

Покрај сето ова загрозени ќе бидат уште 8 села (Света, Вардино, Единаковци, Прибилци, Белче, Суводол, Кутретино, Слепче како и градот Демир Хисар), оневозможена е урбанизацијата, легалната изградба на инфраструктурни и други градежни објекти со што во голема мера се забавува развојот на поголемиот дел од општината.

Поради сето ова разгледувани се повеќе варијантни решенија како замена за ХС „Бучин“ со изградба на повеќе акумулации во сливот на река Црна на територијата на општина Демир Хисар.

Во Таб.16 се прикажани реките на кои е можно изградба на акумулација.

*Табела 14. Реки на кои е можна изградба на акумулација во сливот на Црна Река на територијата на Д.Хисар.*

| Ред. бр | Име на акумулација | Име на река за акумулација | Висина на брана m | Кота на нормал-но ниво m н.в. | Површина за наводнување ha |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Голем Бучин | Црна Река | 35,5 | 637,5 | 32.000 |
| 2 | Мал Бучин | Црна Река | 18 | 620,0 | 6.195 |
| 3 | Голем Жван | Црна Река | 55,5 | 720,0 | 24.000 |
| 4 | Мал Жван | Црна Река | 43 | 707,5 | 19.500 |
| 5 | Доленци | Црна Река | 64 | 737,5 | 13.887 |
| 6 | Вирово 1 | Боишка | 43 | 767,5 | 1.420 |
| 7 | Вирово 2 | Боишка | 51 | 817,5 | 2.547 |
| 8 | Кочиште 1 | Жаба | 39,5 | 737,5 | 3.140 |
| 9 | Кочиште 2 | Жаба | 49,5 | 747,5 | 4.300 |
| 10 | Журче | Журешница | 47 | 727,5 | 1.600 |
| 11 | Обедник | Обедничица | 51 | 797,5 | 1.764 |
| 12 | Слепче | Слепечка | 35 | 697,5 | 600 |

Акумулациите Вирово 1 и 2 се во сливот на акумулацијата „Жван“ и истите доаѓаат предвид доколку се ограничи висината на браната „Жван“ или доколку отпадне брана „Жван“, а се предвиди акумулација „Доленци“.

За да се постигне зацртаната цел со ХС„Бучин“ за наводнување на околу 32000 ha земјиште, а последиците да бидат што е можно помали предвидени се комбинации на систем на акумулации и тоа:

а) Мал Бучин, Голем Жван, и Кочиште 1;

б) Мал Бучин, Мал Жван, Кочиште 1, Журче и Обедник;

в) Мал Бучин, Голем Доленци, Вирово 1 и 2, Кочиште 1, Журче и Обедник;

г) Голем Жван, Вирово 1 и 2, Кочиште 1 и Обедник;

Треба да се истакне дека со изградба на било која од овие комбинации определени населени места ќе бидат раселени, одреден дел од обработливото земјиште потопено, а дел од инфраструктурата уништена.

**Водоснабдување.** Населените места Демир Хисар, Слепче, Суводол и Кутретино со вода се снабдуваат од градскиот водовод кој се состои од два бунари со вкупна издашност од 40 – 54 l/c во зависност од периодот во годината, резервоарски простор за вода за пиење од вкупно 1650 $m^3$ и водоводна мрежа од 32000 m.

Останатите населени места во најголем дел имаат сопствен водовод, кој е изграден со каптирање на извори, додека некои од населените места со вода за пиење се снабдуваат од јавни чешми, каков што е случајот со селата: Зашле, Кочишта, Боиште и Радово.

Според податоците (Општина Демир Хисар, 2008) од ЈКП „Комуналец“ – Демир Хисар, секое домаќинство во просек троши по околу 18,88 $m^3$ вода во текот на еден месец, односно по околу 165 l/жител во текот на еден ден.

Општо земено, расположливите количини на вода за пиење во општина Демир Хисар се во рамките на потребните.

Одредени проблеми со недостаток на вода за пиење се појавуваат во летниот период, а тие се поврзани со: ограничената издашност на изворите и бунарите во летниот период, загубите поради малиот профил на цевките од водоводната мрежа и дотраеноста на истата и големата потрошувачка на вода поради користење на истата од страна на населението и за наводнување.

### 3.2.4. Педогеографија

Територијата на Демирхисарската област, соодветно на геолошкиот субстрат се одликува со разновидни типови почви.




*Слика 17. Исечок од почвената карта на Република Македонија*

Почвени типови со ознаки: **B/E/R**-Кафеава шумска почва, Лептосол и Регосол, **B/Lm/U**-кафеава, **Eh**-Варовничко-доломитна црница, **K**-колувијални, **J**-флувијатилни почви **Lc**-циметна шумска почва, **La**-Лесивирана почва (Извор: Земјоделски институт - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2015 г.)

Во рамниците покрај речното корито на Црна Река преовладуваат **К**-колувијални и **J**-флувијатилни почви, во ридско планинските простори на планините Бигла, Древеник и јужните делови на Бушева Планина главно се распространети **B/E/R**-Кафеава шумска почва, Лептосол и Регосол. Во северните делови на Бушева Планина преовладува типот **B/Lm/U**-кафеава

шумска почва и ранкер. Во северо западните делови од областа, поточно на планините Бабасач и Љубен преовладуваат почви од типот **Eh**-Варовничко-доломитна црница. По дното на Церско Поле се присутни **K**-колувијални и **J**-флувијатилни почви. На територијата се среќаваат и фрагменти од други типови почви, но нивните површини се значително помали. Такви се на пример **Lc**-циметна шумска почва, **La**-Лесивирана почва и други типови почви (Земјоделски институт - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 2015).

### 3.2.5. Биогеографија

Според поделбата на територијата на Р. Македонија од биогеографски аспект, Демирхисарската област припаѓа во субмедитеранската подобласт која уште се нарекува и изменето – медитеранска подобласт, или поточно одредено во Преодната субмедитеранска провинција. Според поделбата на Фукарек (1977 г.), кој територијата на Р. Македонија ја поделил на три биогеографски подрачја, оваа област припаѓа во Шарско – пиндското подрачје кое ги опфаќа западните и јужните делови на Р. Македонија. се до планината Кожуф. (Стојмилов А. 2002).

Како резултат на влијанието на природните фактори од една страна и влијанието на човекот од друга страна, Демирхисарската област се одликува со појава на разновиден растителен и животински свет.

**Растителен свет.** Демирхисарската област се карактеризира со богат растителен свет. Природниот растителен свет го чини шумска и тревна вегетација.

***Шумска вегетација.*** Според разместеноста и структурата на шумите, Демирхисарската област припаѓа на Кичевскиот шумски регион (Стојмилов А. 2002 преку Беќар, 1971). Најмногу се застапени листопадни шуми.

Шумската вегетација во оваа област зафаќа релативно голема површина. Преовладуваат широколисни односно листопадни шуми, а помалку се застапени иглолисни односно четинарски шуми и мешовити шуми.

Во Демирхисарската област застапени се следните шумски заедници: шуми од плоскач и цер, шуми од црн јасен и горун, шуми од црн габер, подгорски букови шуми, горски букови шуми и субалпски букови шуми.

*Шуми од плоскач и цер ( Quercetum confertae – cerris ).* Овие шуми во Демирхисарската област се протегаат на површина од околу 5050 ha. Распространети се скоро на целата територија на оваа област, а се среќаваат од околу 600 до околу 1000 m н.в. Во катот на дрвјата, во овие шуми најмногу се застапени: дабот – цер ( Quercus cerris ) и дабот плоскач ( Quercus confferta). Покрај нив се сретнуваат уште и оскоруша (Sorbus domestica) и диво јаболко (Malus florentina), кои се многу помалку застапени.

*Шуми од црн јасен и горун (Orno - Quercetum peraeae).* Се протегаат на површина од околу 11680 ha и се распространети на целокупната територија на Демирхисарската област, а се среќаваат од околу 600 до околу 1370 m н.в. Главни претставници во катот на дрвјата на овие шуми се: дабот – горун (Quercus petraea), дабот – цер (Quercus cerris), црн јасен (Fraxinus ornus), бел

габер (Carpinus orientalis), црн габер (Ostrya carpinifolia), дабот плоскач (Quercus confferta), црн бор (Pinus nigra) и др.

*Шуми од црн габер (Querco ostryetum carpinifoliae).* Зафаќаат површина од околу 726 ха и ги населуваат најсиромашните почви. Во катот на дрвјата се застапени: благун (Quercus pubescens), црн габер (Ostrya carpinifolia), дабот цер (Quercus cerris), црн јасен (Fraxinus ornus) и др. (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Д.Хисар).

Во овие шуми како претставници во катот на грмушки се среќаваат: дрен (Cornus mas), глог (Crataegus monogina), црн јасен (Fraxinus ornus), брадавичеста курика (Evonimus verrucosa), леска (Corilus avellana), смрека (Juniperus comunis), малина (Rubus ideaus), црвена смрека, дива слива, дива леска, трнка, џанка, модра смрека и др.,

Во катот на приземната вегетација застапени се: граорица (Lathyrus inermis), црн граор (Lathyrus niger), детелина (Trfolium pignanti), коленика (Galium purpureum), разнолисна власика (Festuca heterophylla), циклама, див зумбул, петопрс, бел шаш, див тутун, велигденче, граорица, шумска власатка, зајачка стапка, острика, циклама, јалова јагода и др.

Над појасот на дабовите шуми се јавува појасот на букови шуми кој е поделен на појас со подгорски и појас со горски букови шуми.

*Подгорски букови шуми (Fagetum submontanum macedonicum).* Појасот на подгорски букови шуми зафаќа површина од околу 2781 ha и се протега од 840 до околу 1460 m н.в.

Во катот на дрвјата во овие шуми доминира буката (Fagus moesiaca), а покрај неа се среќаваат и горун, јасика, црн бор и др.

*Горски букови шуми ( Fagetum montanum macedonicum ).* Појасот на горски букови шуми зафаќа површина од околу 3150 ha и се протега од околу 1240 до околу 1890 m н.в.

Доминантно место во катот на дрвјата зафаќа буката, а се среќаваат уште и млечен јавор, јасика и др.

Во катот на грмушките во буковите шуми се среќаваат: дрен, дива цреша, обична леска, глог, модра смрека, шипки.

Во катот на приземната вегетација се јавуват: јаглика, циклама, граорица, велигденче, зајачка стапка, орлова папрат, шумска млечка, малина, жолта коприва, планинска врбица, разнолика власатка и др.

*Субалпски букови шуми (Fagetum subalpinum macedonicum).* Над буковиот појас во повисоките планински терени се протега субалпското планинско подрачје во кое се јавува шумската заедница од субалпски букови шуми.

Субалпските букови шуми во Демирхисарската област зафаќаат површина од околу 90 ha и се протегаат на височина од околу 1650 до 1910 m.н.в. Во катот на дрвјата доминантна е буката, а во катот на грмушки и помали дрвја се среќаваат: анамски раце, повиен шип, црно песјо грозје и др. Во катот на приземната вегетација се среќаваат: малина, боровинка, зелениче, змиско зеље, шумски шаш и др.

***Тревна вегетација.*** Тревната или приземната вегетација во Демирхисарската област ја сочинуваат ливадите и пасиштата.

Ливадите во областа зафаќаат површина од 1321 ha (АКН на Р. Македонија), а се обраснати со детелина и други видови на трева кои се користат за исхрана на добитокот.

Пасиштата се многу повеќе распространети во однос на ливадите. Во Демирхисарската област се простираат на површина од 11025 ha. Тие се поделени на рамничарски, ридски и високопланински пасишта.

**Животински свет.** Животинскиот свет во областа Демир Хисар е разновиден. Застапени се разни копнени и водни видови (цицачи, влекачи, птици, риби и др.).

На подрачјето на Демир Хисар претставници на влакнестиот дивеч се среќаваат:, мечка, волк, лисица, јазовец, куна, срна, дива мачка, верверица, дива свиња, елен, срна, зајак и други. Од влекачите се среќаваат разни видови на змии (смок, шарка, поскок и др.), гуштери, желки, жаби, полжави, разни инсекти. Од перјастиот дивеч се среќаваат: орел, сокол, јастреб, гавран, чавка, див гулаб, сојка, буф, еребица камењарка, полска еребица, гугутка и др. (Општина Демир Хисар, 2008).

Водната фауна, главно е застапена по Црна Река и главно е претставена со неколку видови риби: клен, мрена, црвеноперка, а поретко крап и пастрмка.

Присуството на разновидна фауна во областа претставува добар потенцијал за развој на ловниот туризам во оваа област, но со напомена дека мора да се води грижа за степенот на заловување.

## 3.3. Социо-географски карактеристики

### 3.3.1. Население

**Динамика на бројното движење на населението**

Бројното движење на населението претставува основна демографска компонента, која има големо значење во сите области на животот. Природните услови од една и општествено – економските услови од друга страна се основните фактори кои влијаат врз бројното движење на населението. Тоа важи и за Демирхисарската област.

Динамиката на бројот на населението во областа Демир Хисар низ пописите може да се види од податоците во табелата.

*Табела 15. Динамика на бројното движење на населението во Демирхисарската област во периодот 1961 – 2002 година*

| Година на попис | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на население | 20.491 | 17.870 | 15.807 | 11.184 | 9.945 |

Од изнесените податоци во табелата се забележува дека бројот на населението во областа Демир Хисар во периодот од 1961 – 2002 година постојано се намалува и тоа од 20491 жител во 1961 г. на само 9945 жители (9497 само во општината Демир Хисар) во 2002 г., или намалување за 51,5% од населението. Во отсуство на релевантни статистички податоци, а врз основа на теренски истражувања во областа се констатира дека денес овој број на население е намален.

*Табела 16. Динамика на бројното движење на населението во Демирхисарската област по населби 1961 – 2002 година*

| Р. бр. | Населба | н.в m | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бабино | 750 | 451 | 319 | 194 | 70 | 34 |
| 2 | Базерник | 950 | 244 | 211 | 154 | 83 | 52 |
| 3 | Бараково | 615 | 118 | 94 | 90 | 74 | 67 |
| 4 | Белче | 650 | 170 | 175 | 199 | 208 | 245 |
| 5 | Боиште | 910 | 495 | 382 | 180 | 22 | 7 |
| 6 | Брезово | 970 | 510 | 310 | 197 | 69 | 62 |
| 7 | Вардино | 660 | 543 | 492 | 419 | 327 | 266 |
| 8 | Велмевци | 950 | 227 | 124 | 87 | 18 | 7 |
| 9 | Вирово | 840 | 461 | 435 | 345 | 217 | 151 |
| 10 | Големо Илино | 980 | 412 | 295 | 208 | 81 | 52 |
| 11 | Граиште | 610 | 311 | 275 | 260 | 164 | 145 |
| 12 | Демир Хисар | 635 | 1.129 | 1.828 | 2.283 | 2.447 | 2.593 |
| 13 | Доленци | 700 | 402 | 317 | 242 | 150 | 97 |
| 14 | Единаковци | 670 | 588 | 596 | 552 | 384 | 338 |
| 15 | Жван | 690 | 904 | 786 | 699 | 506 | 428 |
| 16 | Железнец | 730 | 311 | 215 | 133 | 86 | 57 |
| 17 | Журче | 700 | 704 | 595 | 527 | 285 | 255 |
| 18 | Загориче | 674 | 247 | 255 | 299 | 140 | 115 |
| 19 | Зашле | 1.220 | 402 | 201 | 103 | 48 | 42 |
| 20 | Кочишта | 730 | 274 | 177 | 110 | 45 | 38 |
| 21 | Кутретино | 650 | 164 | 197 | 179 | 271 | 301 |
| 22 | Лесково | 1.000 | 215 | 67 | 1 | 0 | 0 |
| 23 | Мало Илино | 910 | 315 | 220 | 167 | 106 | 50 |
| 24 | Мренога | 760 | 414 | 360 | 288 | 185 | 107 |
| 25 | Ново Село | 670 | 239 | 169 | 120 | 50 | 35 |
| 26 | Обедник | 750 | 408 | 403 | 479 | 382 | 273 |
| 27 | Прибилци | 670 | 436 | 427 | 362 | 287 | 266 |
| 28 | Радово | 1.010 | 179 | 141 | 98 | 28 | 13 |
| 29 | Ракитница | 690 | 305 | 171 | 83 | 40 | 37 |
| 30 | Растојца | 720 | 238 | 138 | 81 | 23 | 19 |
| 31 | Света | 710 | 545 | 590 | 590 | 403 | 332 |
| 32 | Сладуево | 635 | 109 | 96 | 105 | 81 | 77 |
| 33 | Слепче | 680 | 1.099 | 1.078 | 1.031 | 791 | 719 |
| 34 | Слоештица | 770 | 746 | 621 | 535 | 299 | 221 |
| 35 | Смилево | 880 | 1.158 | 731 | 689 | 384 | 321 |
| 36 | Сопотница | 670 | 956 | 1.219 | 1.261 | 989 | 929 |
| 37 | Стругово | 710 | 607 | 550 | 535 | 353 | 286 |
| 38 | Суводол | 670 | 448 | 479 | 568 | 426 | 415 |
| 39 | Суво Грло | 720 | 143 | 102 | 62 | 27 | 8 |
| 40 | Утово | 690 | 119 | 98 | 130 | 51 | 35 |
| 41 | Церово | 970 | 211 | 153 | 67 | 10 | 2 |
| | *Општина ДХ* | - | *17957* | *16092* | *14712* | *10610* | *9497* |
| 42 | Арилево | 960 | 148 | 96 | 48 | 18 | 13 |
| 43 | Пуста Река | 940 | 415 | 367 | 287 | 173 | 134 |
| 44 | Горно Дивјаци | 1.020 | 275 | 183 | 121 | 61 | 46 |
| 45 | Долно Дивјаци | 860 | 302 | 230 | 118 | 57 | 59 |
| 46 | Острилци | 890 | 230 | 137 | 76 | 42 | 32 |
| 47 | Цер | 1.000 | 945 | 672 | 390 | 208 | 159 |
| 48 | Големо Црско | 1.000 | 97 | 53 | 33 | 10 | 4 |
| 49 | Мало Црско | 980 | 122 | 40 | 22 | 5 | 1 |
| | **ВКУПНО 1-49** | **-** | **20.491** | **17.870** | **15.807** | **11.184** | **9.945** |

Причините за ваквата негативна динамика на бројот на населението, произлегуваат од драстичните промени во општествениот, политичкиот и стопанскиот систем. Во наведениот период беа предизвикани промени во секторите на развој. Односно населението работно се пренасочи во секундарните и терциерните дејности, кои главно се развиваа во градските населби. Така настана силна емиграција на населението од руралната кон урбаната средина и просторот доживеа силна депопулација и деаграризација.

Миграционото движење на населението најчесто е од економски причини, а се јавува пред се во ридските и планинските населени места, од каде населението мигрира во рамничарските населени места, каде има подобри услови за живот, но голем дел од населението мигрира и во поголемите и поразвиени градови во Р.Македонија, но и надвор од неа.

Како главни центри во Р. Македонија, каде мигрира населението од оваа област се градовите Битола, кој претставува регионален центар и Скопје, а како главен мотив за тоа е слабата економска состојба, односно потрагата по подобри услови за живот, вработување но и укинувањето на образовните и здравствените услуги во руралната средина.

Подетална анализа на бројното движење на населението во областа Демир Хисар може да се види од прегледот по населени места за периодот 1961 – 2002 г.

Од податоците се забележува дека само кај населените места Белче, Демир Хисар и Кутретино постои тренд на зголемување на населението, додека кај сите останати населени места бројот на населението во 2002 г. е помал од тој во 1961 г., а постојат и населени места кои се раселени (како што е с.Лесково) или пред целосно раселување. Кога денес би имало официјални податоци за бројот на населението во оваа област проблемот сигурно би бил поизразен.

Се констатира дека намалувањето на вкупниот број на популацијата во областа е сериозен проблем воопшто, но и за развојот на туризмот како пропратна дејност во Демирхисарската област. Мора да се обрне внимание и преземат мерки за подобрување на линиската и институционалната инфраструктурата барем во некои поцентрални населени места во областа.

**Структура на населението според пол**

Половата структура на неселението го покажува бројниот соодност на машкото и женското население во однос на вкупното население. Оваа структура на населението е важна за физиолошката рамка за биолошка репродукција на населението во одредена област (Маџевиќ М. 2007).

Бројот на машките и женските лица во рамките на една средина обично се разликува до одреден степен, но во случаите, кога се појавуваат големи разлики настануваат сериозни промени и проблеми во останатите структури на населението, а тоа остава сериозни последици врз развојот на населението.

Во Демирхисарската област соодносот на машкото и женското население низ пописите од 1961 до 2002 г. се одржува во рамки од 50,6% машко спрема 49,4% женско население во 1961 г., и 51,1% машко спрема 48,9% женско население во 2002 г. Причините за поголемата застапеност на машкото население се од традиционален карактер, потоа заради поголемото мигрирање на женското население поради брак, школување и сл.

**Структура на населението според старост**

Староснатa структура на населението ја покажува распределбата на населението според одредени старосни групи и претставува значаен демографски елемент бидејќи од неа зависат можностите за репродукција на населението, виталноста и потенцијалната биодинамика на населението во одредена област (Маџевиќ М. 2007)**.**

Старосната структура во Демирхисарската област во периодот од 1961 – 2002 г. е значително променета. Од податоците за областа Демир Хисар во периодот 1961–2002 г., се констатира дека учеството на младото население (0 до 19 години) континуирано опаѓа (39,8 % во 1961 г. на 20,7 % во 2002 г.), додека учеството на старото население (60 и повеќе години) е во постојан пораст (9,6 % во 1961 г. на 29,6 % во 2002 г.), што покажува дека оваа област е во процес на длабоко демографско стареење. Денес според теренските согледувања ситуацијата е уште поизразена.

*Табела 17. Структура на населението во Демирхисарската област во периодот 1961 – 2002 година по старосни групи*

| Година на попис | Број на население | 0-19 год. | % | 20-59 год. | % | над 60 год. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1961** | 20.491 | 8.152 | 39,8 | 10.334 | 50,4 | 1.974 | 9,6 |
| **1971** | 17.870 | 5.972 | 33,4 | 9.284 | 52,0 | 2.523 | 14,1 |
| **1981** | 15.807 | 4.546 | 28,8 | 8.278 | 52,4 | 2.876 | 18,2 |
| **1994** | 11.184 | 2.457 | 22,0 | 5.692 | 50,9 | 3.020 | 27,0 |
| **2002** | 9.945 | 2.057 | 20,7 | 4.937 | 49,6 | 2.946 | 29,6 |

Карактеристика е тоа што старосната група над 60 години возраст е значително поприсутна во руралната средина. Ваквите податоци во контекст на развој на туризмот во општината Демир Хисар во голема мера се одразуваат негативно.

*Слика 18. Старосни пирамиди на населението во областа Демир Хисар во 1971год и во 2002 г.*






Од графичките прикази за старосната структура на населението во областа Демир Хисар се констатира дека во 1971 г. преовладува младото население, додека во 2002 г. оваа област се карактеризира со изразено нарушена старосна структура на населението. Тоа значи дека населението во областа Демир Хисар демографски старее.

## Природно движење на населението

Природното движење на населението е тесно зависно од одликите на наталитетот, морталитетот и виталниот индекс на населението (Маџевиќ М. 2007).

Наталитетот го означува раѓањето во една популација и претставува основна позитивна компонента на природното движење на населението. Во општина Демир Хисар стапката на наталитетот во периодот 1961-2002 година, постојано се намалува од 18,7% во 1961 год, на само 8,1% во 2002 год.

Морталитетот претставува негативна компонента на природното движење на населението, која се однесува на бројот на умрени лица во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Демир Хисар во периодот од 1961-2002 год. стапката на морталитетот постојано се зголемува и тоа од 6,6% во 1961 год, на 17,4% во 2002 год.

Природниот прираст претставува најважен демографски елемент кој ја покажува разликата меѓу родените (наталитет) и умрените лица (морталитет) во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Демир Хисар стапката на природниот прираст на населението постојано се намалува и тоа од 12,1 промили во 1961 г. до -9,3 промили во 2002 г. Тоа значи дека општината е во фаза на голема депопулација.

## Структура на населението според образование

Населението според образование во основа се категоризира како писмено и неписмено. Лицата кои знаат да читаат и пишуваат се сметаат за писмено население и обратно. Во анализата на населението според писменост се земаат само лицата кое има десет и повеќе години.

Писмените лица во продолжение се категоризираат според завршената школска подготовка (население без училиште, незавршено основно, завршено основно, средно, вишо, високо образование, магистратура и докторат) и според квалификации.

*Табела 18. Структура на населението во општина Демир Хисар според завршената школска подготовка во 1961 и во 2002 година*

| Школска подготовка | Година на попис | |
|---|---|---|
| | 1961(13) | 2002 |
| **Вкупно** | 13.797 | 8.045 |
| без училиште | 5.014 | 483 |
| некомпл.основно образо. | 7.720 | 2.100 |
| основно | 705 | 2.253 |
| ССС | 221 | 2.777 |
| ВШС | 18 | 217 |
| ВСС | | 206 |
| магистратура | | 3 |
| докторат | | 0 |
| се уште во процес на образова. | | 6 |
| Училиште за КВ и ВКВ работн. | 119 | |

Од податоците се забележува дека бројот на писменото население во општина Демир Хисар во периодот од 1961 г. до 2002 г се зголемува, односно процентот на неписменото население во 2002 г. изнесува само 4,9%. Тоа значи дека општина се одликува со позитивен тренд во развојот на образовната структура, така што денес има значително квалитетна образовната структура на населението.

Во контекст на развојот на туристичката дејност оваа демографска структура овозможува позитивни аспекти за развој.

**Структура на населението според народност**

Проучувањето на структурата на населението според национална припадност во контекст на развојот на туризмот не треба да има некое посебно значење. Според националната припадност во областа Демир Хисар низ сите пописни години со околу 97% преовладуваат Македонците, а само околу 3% од населението се од други националности.

**Структура на населението според активност**

Економската структура на населението претставува важна одлика, која влијание врз општествениот развој на одредена територија. Оваа категорија го претставува составот на населението според неговата активност.

Според податоците од 2002 г. скоро во 1/2 од населбите во областа Демир Хисар бројот на економски активните лица е помал од економски неактивните лица. Тоа е негативна карактеристика за развојот на општината. Бројот на економски неактивните лица, односно лицата со лични примања е во постојан пораст. Тоа значи дека бројот на активни лица се намалува.

Во контекст на развој на туристичката дејност мора да се земат предвид активните лица кои по разни основи се блиски до оваа дејност.

**Структура на домаќинствата**

Домаќинствата како социо-економски заедници претставуваат важен демографски елемент во кои населението живее, стопанисува и врши биолошка репродукција.

Според динамиката на бројното движење на домаќинствата и големината на домаќинствата според бројот на членови се констатира дека

просечниот број на членови на едно домаќинство во 1961 г. изнесувал 5,2, а во 2002 г. 3,2 членови по домаќинство. Тоа значи дека продуктивната моќ на домаќинствата е ослабната. Тоа негативно се рефлектира во разни сектори и дејности, а според тоа сигурно има рефлексии и во туристичката дејност.

Од теренските истражувања се забележува дека трендот на раслојување на домаќинствата во општина Демир Хисар продолжува до денес. Тоа се потврдува со се поголемиот број евидентирани самечки домаќинства. Ова особено е изразено во руралната средина на општината Демир Хисар.

**Миграциони движења на населението**

Поимот миграции подразбира просторно движење и територијално преразместување на популацијата, односно преселување на населението од едно место на друго. Миграционите движења во областа Демир Хисар повеќе се карактеризираат со процесите на емиграција, а помалку со имиграција.

*Имиграција.* Доселувањето на населението во општина Демир Хисар е незначително, односно според податоците во просек годишно се доселуваат по околу 50 лица (главно станува збор за лица повратници од поголемите градски центри Битола и Скопје).

Покрај доселувањето од други општини, може да се забележи дека имаме движење на населението од едно на друго место во рамките на самата општина Демир Хисар.

Причините за ваквото преразместување на населението од едно на друго место, во рамките на истата општина се нееднаквите физичко-географски услови на целокупната територија на општината, а со тоа и тешките економски услови особено во повисоките населени места од каде најчесто населението мигрира или се доселува во градот Демир Хисар кој претставува административен центар на општината, но се доселуваат и во другите рамничарски населени места, каде владеат подобри услови за стопанисување, подобра патна инфраструктура и се поблиску до административниот центар.

Од теренските сознанија се констатира дека во доселеното население доминираат женските лица. Главна причина е склучувањето на брак.

*Емиграција.* Процесот на иселување на населението од одредено место уште се нарекува и емиграција. Емиграцијата мошне застапена во областа Демир Хисар особено во повисоките населени места каде има лоша патна и институционална инфраструктура и каде природните услови се неповолни за стопанисување. Просечно годишно од општината Демир Хисар емигрираат по околу 70 лица. Главните правци на емиграција се насочени кон урбаните центри Битола и Скопје.

Емиграцијата во рамките на општинските граници главно се одвива она руралната средина кон административниот центар на општината, односно во градот Демир Хисар.

Според податоците се забележува дека во емигрантите поголемо учество има женското население кај кое една од главните причини за отселување е склучувањето на брак.

Според возраста најмногу се отселува работоспособното население од 15-64 години, кое најчесто е со повисоки образовни квалификации. Тоа предизвикува намлување на и продуктивноста во производствените процеси и општиот развој на општината.

### 3.3.2. Населби

Населбите спаѓаат меѓу најсложените објекти во географската средина, односно тие се највиден материјален одраз на човечката активност во просторот, во кои постојано или привремено живее и обезбедува егзистенција одреден број на население (Панов М. 1984).

Просторот што го зафаќа областа Демир Хисар е населен со 49 населени места (41 во општина Демир Хисар) од кои с.Лесково е целосно раселено, а уште неколку други се раселени или пред раселување.

Во Демирхисарската област само населбата Демир Хисар од 2004 г. има статус на градска населба.

Од сите 49 населени места во областа 41 припаѓа на општина Демир Хисар, населените места Цер, Мало и Големо Црско припаѓаат на општина Другово, а населбите Арилево, Г. Дивјаци, Д. Дивјаци, Пуста Река и Острилци припаѓаат на општина Крушево.

Соодветно на потребите на стратегијата во продолжение населените места во општината и областа Демир Хисар се обработени од повеќе аспекти.

**Динамика на бројот и големината на населбите**
**во периодот 1961-2002 година**

Територијата на областа Демир Хисар во минатото (подолго време) немаше развиена населба со статус на град. Најблиски градови со кои комуницира областа и во минатото и денес се Битола, Кичево и Крушево. Во областа меѓу двете Светски војни и по Втората светска војна до 1965 г. постоеја само општински административни центри (Мургашево, Жван). Со процесите на индустријализација и урбанизација после 1965 г. населеното место Мургашево (поради својот централитет) доби статус на општина под името Демир Хисар, која егзистира и денес со извесни проширувања со некои населени места од општината Крушево. Поради функционирањето на рудникот за железна руда економски и функционално во одредена мера се разви населеното место Сопотница. Но отсуството на градска населба во подолг период предизвика преразместување на населението, така што дел од него замина во поголемите градови низ Р Македонија, а дел се насели во ново урбанизираната населба со статус на општински центар Демир Хисар.

Во контекст на наведеното, поради промените во процесот на стопанисување во државата (индустријализацијата) започна да се напушта традиционалното земјоделско-сточарско стопанисување во населените места. Голем број од селското население ги напушти руралните средини. Така настанаа промени во големината на населените места.

Според податоците (Талески С.Т., 2015) се забележува дека во областа Демир Хисар доминантно место зафаќаат малите (до 100 жители) и релативно малите населби (101-300 жит.). Нивниот број од 20 населби во 1961 година во кои живеело 18,4% од вкупното население во областа, е зголемен на 39 населби во 2002 год., каде живее 35,9% од вкупното население во областа.

Бројот на средните по големина населби (301-500 жит.) е намален од 16 во 1961 г., кога во нив живеело 30,7% од вкупното население, на само 6 такви населби во 2002 г. во кои живее 21,4% од вкупното население во областа.

*Табела 19. Динамика на големината на населбите во областа Демир Хисар во периодот 1961 – 2002 година.*

| Ред.бр | Населба | н.в м | Оддале. од ДХ (km) | 1961 | 1981 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бабино | 750 | 16,0 | 451 | 194 | 34 |
| 2 | Базерник | 950 | 19,0 | 244 | 154 | 52 |
| 3 | Бараково | 615 | 8,0 | 118 | 90 | 67 |
| 4 | Белче | 650 | 2,5 | 170 | 199 | 245 |
| 5 | Боиште | 910 | 24,0 | 495 | 180 | 7 |
| 6 | Брезово | 970 | 18,0 | 510 | 197 | 62 |
| 7 | Вардино | 660 | 4,0 | 543 | 419 | 266 |
| 8 | Велмевци | 950 | 30,0 | 227 | 87 | 7 |
| 9 | Вирово | 840 | 21,0 | 461 | 345 | 151 |
| 10 | Големо Илино | 980 | 24,0 | 412 | 208 | 52 |
| 11 | Граиште | 610 | 4,0 | 311 | 260 | 145 |
| 12 | Демир Хисар | 635 | | 1.129 | 2.283 | 2.593 |
| 13 | Доленци | 700 | 14,0 | 402 | 242 | 97 |
| 14 | Единаковци | 670 | 9,5 | 588 | 552 | 338 |
| 15 | Жван | 690 | 14,0 | 904 | 699 | 428 |
| 16 | Железнец | 730 | 20,0 | 311 | 133 | 57 |
| 17 | Журче | 700 | 7,0 | 704 | 527 | 255 |
| 18 | Загориче | 674 | 6,0 | 247 | 299 | 115 |
| 19 | Зашле | 1.220 | 22,0 | 402 | 103 | 42 |
| 20 | Кочишта | 730 | 18,0 | 274 | 110 | 38 |
| 21 | Кутретино | 650 | 2,5 | 164 | 179 | 301 |
| 22 | Лесково | 1.000 | 11,0 | 215 | 1 | 0 |
| 23 | Мало Илино | 910 | 21,0 | 315 | 167 | 50 |
| 24 | Мренога | 760 | 19,5 | 414 | 288 | 107 |
| 25 | Ново Село | 670 | 14,0 | 239 | 120 | 35 |
| 26 | Обедник | 750 | 10,0 | 408 | 479 | 273 |
| 27 | Прибилци | 670 | 5,5 | 436 | 362 | 266 |
| 28 | Радово | 1.010 | 13,0 | 179 | 98 | 13 |
| 29 | Ракитница | 690 | 10,0 | 305 | 83 | 37 |
| 30 | Растојца | 720 | 12,0 | 238 | 81 | 19 |
| 31 | Света | 710 | 8,0 | 545 | 590 | 332 |
| 32 | Сладуево | 635 | 3,0 | 109 | 105 | 77 |
| 33 | Слепче | 680 | 3,0 | 1.099 | 1.031 | 719 |
| 34 | Слоештица | 770 | 17,0 | 746 | 535 | 221 |
| 35 | Смилево | 880 | 12,5 | 1.158 | 689 | 321 |
| 36 | Сопотница | 670 | 8,0 | 956 | 1.261 | 929 |
| 37 | Стругово | 710 | 4,0 | 607 | 535 | 286 |
| 38 | Суводол | 670 | 4,0 | 448 | 568 | 415 |
| 39 | Суво Грло | 720 | 8,0 | 143 | 62 | 8 |
| 40 | Утово | 690 | 6,0 | 119 | 130 | 35 |
| 41 | Церово | 970 | 24,0 | 211 | 67 | 2 |
| 42 | Арилево | 960 | 9,0 | 148 | 48 | 13 |
| 43 | Пуста Река | 940 | 15,0 | 415 | 287 | 134 |
| 44 | Горно Дивјаци | 1.020 | 13,0 | 275 | 121 | 46 |
| 45 | Долно Дивјаци | 860 | 11,0 | 302 | 118 | 59 |
| 46 | Острилци | 890 | 12,0 | 230 | 76 | 32 |
| 47 | Цер | 1.000 | 28,0 | 945 | 390 | 159 |
| 48 | Големо Црско | 1.000 | 24,0 | 97 | 33 | 4 |
| 49 | Мало Црско | 980 | 24,5 | 122 | 22 | 1 |
| | | | **ВКУПНО** | 15.807 | 9.945 | |

Бројот на релативно големите населби (501-1.000 ж) е намален од 10 во 1961 год. кога во нив живеело 34,4% од вкупното население, на само две такви населби (с.Слепче и с.Сопотница) во 2002 г., каде живее 16,6% од вкупното население во областа. Голема населба (над 1.000 жит.) во областа денес е само градот Демир Хисар во кој според пописот од 2002 г. живеле 2593 жители. или 26,1% од вкупното население во целата област. Денес состојбата е уште подрастично изразена, односно поголемиот дел од населението се концентрира во градска населба Демир Хисар.

**Популациски развиток на населбите во однос на висинската разместеност.**

Територијата на областа Демир Хисар се одликува со сложена просторна конфигурација, така што е застапен рамничарски, ридски и планински релјеф. Соодветно на тоа, според орографијата на теренот и топографската локација населените места во областа Демир Хисар се групирани како: рамничарски од 600-700 m.н.в, ридски од 701-900 m.н.в и планински над 900 m.н.в.

Според податоците се забележува дека 19 населени места се рамничарски во кои во 1961 г. живееле 44%, а во 2002 г. дури 74% од вкупното население. Денес овој сооднос е уште поголем. Ридски се 14 населени места, каде населението постојано се намалува (од 30,7% во 1961 год. на 19,5% во 2002 год,), како резултат на мигрирањето на населението. Планински се 16 населени места, каде населението се намалува од 25,4% во 1961 г., на само 6,5% во 2002 г. (Талески, 2015).

Преку теренско истражување се доаѓа до заклучок дека ваквиот тренд на намалување на населението во ридските и планинските населби продолжува и денес.

**Разместеност и популациски развиток на населбите во однос на сообраќајната мрежа во периодот 1961 - 2002 г.**

Разместеноста на населбите во однос на сообраќајната мрежа претставувала еден од условите за развој на одредена населба, особено заради се помасовната примена на сообраќајните средства во секојдневниот начин на живеење на луѓето.

Просторната разместеност на населбите во однос на главната сообраќајница во областа Демир Хисар е анализирана според оддалеченоста на населените места од главните регионални патишта. Се издвојуваат населби кои се наоѓаат на самиот пат, населби на растојание до 5 km, од 5 до 10 km и над 10 km. Како главна сообраќајница во оваа област се смета регионалниот пат Битола – Демир Хисар – Кичево, така што разметсноста на населените места е направена во однос на неа.

Според податоците во групата населби кои се наоѓаат на самиот пат се градот Демир Хисар, и населените места Белче, Сопотница и Железнец. Во овие населени места бројот на население е во пораст и тоа 12,5% во 1961 г. до 38,5% во 2002 г. а денес тој број на население е над 50%.

Групата населби на растојание до 5 km ја сочинуваат 25 населени места (Загориче, Утово, Стругово, Суводол, Кутретино, Слепче, Сладуево, Жван, Бабино, Доленци, Журче, Граиште, Прибилци, Суво Грло, Обедник, Слоештица, Бараково, Ново Село, Брезово, Мало Илино, Мренога, Вардино, Радово, Велмевци и Острилци). Во нив е концентрирано скоро половина од вкупното население во областа (49,2% во 1961 г., на 43,4% во 2002 г.).

Населените места Смилево, Единаковци, Света, Ракитница, Зашле, Големо Илино, Базерник, Вирово, Растојца, Арилево, Големо и Мало Црско се разместени на растојание од 5 -10 km, а населените места Боиште, Церово, Лесково, Кочишта, Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци и Цер се наоѓаат на растојание поголемо од 10 km. Кај нив во континуитет се намалува бројот на население.

Проблемот со оддалеченоста на населените места од главните сообраќајници делумно се надминува со изградбата на локални патишта до самите населби. Така во областа Демир Хисар локални асфалтни патишта се изградени до сите населени места освен до Лесково, Церово, Боишта и Радово. Оваа одлика на релативно квалитетна сообраќајна поврзаност меѓу другото е квалитативна придобивка во контекст на развој на различни видови туризам.

**Разместеност и популациски развиток на населбите во однос на централното место – административниот центар**

Во процесот на секојдневната функционална комуникација на населението многу е важна оддалеченоста на населените места од административниот центар на општината, во случајов градот Демир Хисар. Во оваа смисла населените места се класифицирани, како населби на оддалеченост до 5 km, од 5-10 km, од 10–15 km и над 15 km.

До 5 km од растојание од административниот центар се разместени 9 населени места (Белче, Вардино, Граиште, Кутретино, Сладуево, Слепче, Стругово и Суводол) и затоа кај нив бројот на население процентуално се зголемува во континуитет и тоа од 16,8 % во 1961 г. на 24,7% во 2002 г.

На растојание од 5 -10 km од Демир Хисар се разместени други 9 населби (Бараково, Единаковци, Журче, Загориче, Прибилци, Ракитница, Света, Сопотница, Суво Грло и Утово), кај нив бројот на население исто така се зголемува (19,5% во 1961 г, на 23,7% во 2002 г.) бидејќи некои од нив се на главниот регионален пат.

На растојание од 10 -15 km од Демир Хисар се наоѓаат 12 населени места кај кои бројот население се намалува (од 25,7% во 1961 год на 15% во 2002 г.).

Во групата населени места со над 15 km оддалеченост има 19 населби и кај нив бројот на вкупното население процентуално најмногу е намалено и тоа од 32,4% во 1961 г. на само 10,5% во 2002 г.

Со вкрстена анализа на податоците се констатира дека населените места кои се наоѓаат подалеку од главните сообраќајници и подалеку од административниот центар многу побрзо демографски се празнат.

Се наметнува потребата во областа Демир Хисар да се развијат и други рурални центри. Имајќи ја во предвид централната положба во однос на околните села, економската моќ, гравитационото влијание, инфраструктурната опременост, сообраќајната поврзаност и слично, таков рурален центар би требало да бидат населените места Сопотница и Жван.

**Густина на мрежата на населбите и населението**

Густината на населеност го претставува бројот на население кое живее на единица површина и се пресметува така што бројот на населението се дели со дадената површина на која живее тоа население (беој на жители на 1 $km^2$ ). Зависно од показателите може да биде: општа густина на населеност, рурална, урбана, аграрна итн.

Според површината на областа Демир Хисар која изнесува 620,3 km$^2$, во 1961 г. живееле 20.491 жит. или по 33 ж/km$^2$, а во 2002 г, изнесува 16 ж/km$^2$, односно намалување на густината на населението за повеќе од 50%. Тоа значи дека областа Демир Хисар спаѓа во групата на области со умерена густина (Маџевиќ М. 2007) на населеност (10-50 ж/km$^2$).

*Табела 20. Густина на населеност во областа Демир Хисар*

| Ред бр | Населба | н.в (м) | Голем. на атар (km2) | Обработл. земјиште (ha) | Густина на население на 1km$^2$ (1961 год) | Густина на население на 1km$^2$ (2002 год) | Аграрна густина на (100 ha) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бабино | 750 | 19,9 | 226,2 | 22,7 | 1,7 | 15,0 |
| 2 | Базерник | 950 | 13,0 | 172,4 | 18,8 | 4,0 | 30,2 |
| 3 | Бараково | 615 | 1,8 | 91,6 | 65,6 | 37,2 | 73,1 |
| 4 | Белче | 650 | 3,0 | 89,7 | 56,7 | 81,7 | 273,1 |
| 5 | Боиште | 910 | 21,7 | 439,5 | 22,8 | 0,3 | 1,6 |
| 6 | Брезово | 970 | 20,8 | 443,8 | 24,5 | 3,0 | 14,0 |
| 7 | Вардино | 660 | 8,8 | 234,8 | 61,7 | 30,2 | 113,3 |
| 8 | Велмевци | 950 | 18,3 | 75,7 | 12,4 | 0,4 | 9,2 |
| 9 | Вирово | 840 | 17,5 | 236,3 | 26,3 | 8,6 | 63,9 |
| 10 | Големо Илино | 980 | 20,6 | 327,8 | 20,0 | 2,5 | 15,9 |
| 11 | Граиште | 610 | 3,6 | 218,1 | 86,4 | 40,3 | 66,5 |
| 12 | Демир Хисар | 635 | 5,5 | 204,4 | 205,3 | 471,5 | 1.268,6 |
| 13 | Доленци | 700 | 10,6 | 218,4 | 37,9 | 9,2 | 44,4 |
| 14 | Единаковци | 670 | 8,7 | 345,3 | 67,6 | 38,9 | 97,9 |
| 15 | Жван | 690 | 9,3 | 248,9 | 97,2 | 46,0 | 172,0 |
| 16 | Железнец | 730 | 12,8 | 151,1 | 24,3 | 4,5 | 37,7 |
| 17 | Журче | 700 | 22,6 | 291,5 | 31,2 | 11,3 | 87,5 |
| 18 | Загориче | 674 | 4,8 | 174,7 | 51,5 | 24,0 | 65,8 |
| 19 | Зашле | 1.220 | 19,1 | 140,0 | 21,0 | 2,2 | 30,0 |
| 20 | Кочишта | 730 | 12,1 | 175,3 | 22,6 | 3,1 | 21,7 |
| 21 | Кутретино | 650 | 3,9 | 179,6 | 42,1 | 77,2 | 167,6 |
| 22 | Лесково | 1.000 | 8,4 | 302,5 | 25,6 | / | / |
| 23 | Мало Илино | 910 | 16,6 | 250,5 | 19,0 | 3,0 | 20,0 |
| 24 | Мренога | 760 | 14,5 | 183,2 | 28,6 | 7,4 | 58,4 |
| 25 | Ново Село | 670 | 5,4 | 151,1 | 44,3 | 6,5 | 23,2 |
| 26 | Обедник | 750 | 21,3 | 322,3 | 19,2 | 12,8 | 84,7 |
| 27 | Прибилци | 670 | 10,5 | 290,6 | 41,5 | 25,3 | 91,5 |
| 28 | Радово | 1.010 | 4,9 | 129,2 | 36,5 | 2,7 | 10,1 |
| 29 | Ракитница | 690 | 4,8 | 102,1 | 63,5 | 7,7 | 36,2 |
| 30 | Растојца | 720 | 8,0 | 125,2 | 29,8 | 2,4 | 15,2 |
| 31 | Света | 710 | 13,7 | 337,3 | 39,8 | 24,2 | 98,4 |
| 32 | Сладуево | 635 | 1,2 | 80,1 | 90,8 | 64,2 | 96,1 |
| 33 | Слепче | 680 | 24,5 | 365,4 | 44,9 | 29,3 | 196,8 |
| 34 | Слоештица | 770 | 21,4 | 330,6 | 34,9 | 10,3 | 66,8 |
| 35 | Смилево | 880 | 16,6 | 104,1 | 69,8 | 19,3 | 308,4 |
| 36 | Сопотница | 670 | 17,6 | 492,0 | 54,3 | 52,8 | 188,8 |
| 37 | Стругово | 710 | 16,7 | 386,9 | 36,3 | 17,1 | 73,9 |
| 38 | Суводол | 670 | 11,9 | 262,7 | 37,6 | 34,9 | 158,0 |
| 39 | Суво Грло | 720 | 4,6 | 79,0 | 31,1 | 1,7 | 10,1 |
| 40 | Утово | 690 | 2,9 | 110,7 | 41,0 | 12,1 | 31,6 |
| 41 | Церово | 970 | 7,7 | 175,8 | 27,4 | 0,3 | 1,1 |
| 42 | Арилево | 960 | 8,6 | 43 | 17,2 | 1,5 | 30,2 |
| 43 | Пуста Река | 940 | 11,3 | 228 | 36,7 | 11,9 | 58,8 |
| 44 | Горно Дивјаци | 1.020 | 12,3 | 112 | 22,4 | 3,7 | 41,1 |
| 45 | Долно Дивјаци | 860 | 12,4 | 54 | 24,4 | 4,8 | 109,3 |
| 46 | Острилци | 890 | 11,3 | 50 | 20,4 | 2,8 | 64,0 |
| 47 | Цер | 1.000 | 50,4 | 534 | 18,8 | 3,2 | 29,8 |
| 48 | Големо Црско | 1.000 | 10,1 | 75 | 9,6 | 0,4 | 5,3 |
| 49 | Мало Црско | 980 | 12,3 | 211 | 9,9 | 0,1 | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | **800** | **620,3** | **10.573,4** | **40,7** | **26,2** | **95,4** |

Просечната големина на атарите на населениете места изнесува околу 12,5 $km^2$.

Густината на населбите и населението е важна во контекст на стопанските карактеристики на просторот. Од изнесените податоци во може да се забележи дека со најголема апсолутна густина се одликува градот Демир Хисар, а со најмала густина се одликуваат претежно планинските населени места, оние кои се подалеку од главните сообраќајници, каде не е доволно развиена патната инфраструктура и се подалеку од административните центри и се заканува процес на раселување.

Според податоците се констатира дека и општата и руралната и аграрната густина на населеност во областа Демир Хисар е на половина од државниот просек. Со ваквата густина на населеност се констаира дека има прилично добри карактеристики за стопанисување во примарниот сектор (земјоделие, сточарство, шумарство).

**Функционални белези на населбите во областа Демир Хисар**

Развојните аспекти на конкретна територија се тесно поврзани со присуството на различни функционални белези. Затоа во продолжение е даден преглед на инфраструктурната опременост на населениете места (линиска и институционална инфраструктура) во областа Демир Хисар.

*Табела 21. Линиска и институционална инфраструктура во населените места во областа Демир Хисар*

| Ред. бр | Населба | ОУ до IV одд. | ОУ до IX одд. | Асфалт до селото | Водовод | Канализација | Амбуланта | Пошта | Продавница | Стопански објект | Црква | Манастир | Џамија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бабино | | | + | + | | | | | + | + | | |
| 2 | Базерник | | | + | + | | | | + | | + | | |
| 3 | Бараково | | | + | + | | | | | | + | | |
| 4 | Белче | | | + | + | | | | + | | + | | |
| 5 | Боиште | | | | + | | | | | | + | | |
| 6 | Брезово | | | + | + | | | | + | | + | | |
| 7 | Вардино | + | | + | + | | | | + | + | + | | |
| 8 | Велмевци | | | + | + | + | | | | | + | | |
| 9 | Вирово | | | + | + | | | | + | | + | + | |
| 10 | Голе. Илино | | | + | + | | | | + | | + | + | |
| 11 | Граиште | | | + | + | | | | + | | + | + | |
| 12 | Демир Хисар | + | + | + | + | + | + | + | + | + | + | | + |
| 13 | Доленци | + | | + | + | | | | + | | + | | |
| 14 | Единаковци | + | | + | + | | | | + | + | + | | |
| 15 | Жван | + | + | + | + | | | + | + | | + | + | |
| 16 | Железнец | | | + | + | | | | | | + | | |
| 17 | Журче | + | | + | + | | | | + | | + | + | |
| 18 | Загориче | | | + | + | | | | + | | + | | |
| 19 | Зашле | | | + | + | | | | | | + | + | |
| 20 | Кочишта | | | + | + | | | | | | + | | |
| 21 | Кутретино | | | + | + | + | | | + | | + | | |
| 22 | Лесково | | | | | | | | | | + | + | |
| 23 | Мало Илино | | | + | + | | | | | | + | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Мренога | | | + | + | | | | | | + | + | |
| 25 | Ново Село | | | + | + | | | | | | + | | |
| 26 | Обедник | + | | + | + | | | | + | | + | | + |
| 27 | Прибилци | | | + | + | | | | + | | + | | |
| 28 | Радово | | | + | + | | | | | | + | | |
| 29 | Ракитница | | | + | + | | | | | | + | | |
| 30 | Растојца | | | + | + | | | | | | + | | |
| 31 | Света | + | | + | + | | | | + | | + | | |
| 32 | Сладуево | | | + | + | | | | | + | + | | |
| 33 | Слепче | + | | + | + | + | | | + | + | + | + | |
| 34 | Слоештица | | | + | + | + | П | | + | | + | + | |
| 35 | Смилево | + | + | + | + | | | П | + | | + | + | |
| 36 | Сопотница | + | | + | + | + | | | + | + | + | + | |
| 37 | Стругово | | | + | + | | | | + | | + | + | |
| 38 | Суводол | + | | + | + | + | | | + | + | + | + | + |
| 39 | Суво Грло | | | + | + | | | | | | + | | |
| 40 | Утово | | | + | + | | | | | | + | | |
| 41 | Церово | | | + | + | | | | | | + | + | |
| 42 | Арилево | | | + | + | | | | | | + | + | |
| 43 | Пуста Река | | | + | + | | | | + | | + | | |
| 44 | Г. Дивјаци | | | + | + | | | | | | + | | |
| 45 | Д. Дивјаци | | | + | + | | | | | | + | | |
| 46 | Острилци | | | + | + | | | | | | + | | |
| 47 | Цер | | | + | + | | | | + | | + | | |
| 48 | Големо Црско | | | + | + | | | | | | + | | |
| 49 | Мало Црско | | | + | + | | | + | | | + | | |

П – Повремено

Инфраструктурната опременост во контекст на развојот на туризмот е многу важна компонента од аспект на сознание за потенцијалниот турист во врска со патувањето и престојот во ибраната дестинација.

**Некои карактеристики на градот Демир Хисар како административен центар на општината**

Денешното населено место Демир Хисар до донесувањето на „Законот за подрачјата на општините во СРМ" од 23.1.1965 г. било познато под името Мургашево. Со наведениот закон се формирани 32 општини, каде Демир Хисар се утврдува како општина со 38 населени места (без денешните Велмевци, Кочишта и Растојца) со седиште на општината во населеното место Мургашево (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

Од 1996 г. официјално се употребува терминот Демир Хисар. Тоа значи ојконимот Мургашево се преименува во Демир Хисар. Терминот Мургашево сеуште се среќава во катастарските книги (што е поврзано со историските аспекти на атарот на тоа населено место).

Седиштето на општината Демир Хисар, односно населеното место Мургашево, како општински центар од повоениот период 1947 г. во (Сл.весник на НРМ бр. 2 од 30.1.1947 г.) до денес бележи перманентен популациски, општествено економски и урбан развој. Така до 2004 г. Демир Хисар имаше статус на полуурбанизирана населба, а со последната административно – територијална организација на Р. Македонија во 2004 г., ова населено место официјално се стекна со статус на градска населба.




Слика 19. Демир Хисар (Source "Demir Hisar" $41^0$ 13' 10'' N and $21^0$ 12' 5'' E. Google Earth. August 15, 2020)

Демир Хисар како населено место, сместено во рамничарскиот дел од општината на 635 m н.в. според популацискиот развој по Втората светска војна бележи перманентен пораст на населениетои и тоа од 1129 жители во 1961 г., 2283 во 1981 г., 2593 жители во 2002 г.

Како седиште на општината во Демир Хисар се развиени бројни институционални инфраструктурни објекти од типот на стопански, трговски, образовни, здравствени, културни, административно управни и други објекти.

### 3.4. Економско-географски карактеристики

Општината Демир Хисар според географската положба, природните и антропогените потенцијали може да се каже дека сеуште го нема достигнато соодветниот степен на развој (Општина Демир Хисар, 2008).

Денес, во општината од различни дејности функционираат над 350 деловни субјекти.

*Табела 22. Преглед на структурата на деловни субјекти во општина Демир Хисар*

| Ред. бр | Стопанска дејност | Бр.на субјекти |
|---|---|---|
| 1 | Земјоделство, лов и шумарство | 26 |
| 2 | Рибарство | 1 |
| 3 | Вадење на руди и камен | 3 |
| 4 | Преработувачка индустрија | 16 |
| 5 | Градежништво | 7 |
| 6 | Трговија и поправка на уреди | 230 |
| 7 | Хотели и ресторани | 31 |
| 8 | Сообраќај, складирање и врски | 46 |
| 9 | Финансиско посредување | 1 |
| 10 | Активност со недвижен имот, изнајмување и деловна активност | 3 |
| 11 | Јавна управа | 1 |
| 12 | Образование | 5 |
| 13 | Здравство и социјална работа | 3 |
| 14 | Други комунални, културни, општи и лични услужни активности | 3 |
| **ВКУПНО** | | **376** |

*(*) Податокот за деловните субјекти е од Централен регистар на Р.М. и се однесува за општина Демир Хисар, а класификацијата на истите е направена според називот на дејноста.*

Поголемиот дел од регистрираните деловни субјекти во општина Демир Хисар, припаѓаат на трговијата (61%), што покажува дека во изминат период помалку се вложувало во развојот на производното стопанство.

Од теренските истражувања се констатира дека голем дел од деловните субјекти се во фаза на ликвидација, дел од останатите може да се каже дека во практиката не функционираат, а друг дел се на работ на згаснување.

Според плановите за локален економски развој и потенцијалите со кои располага општината Демир Хисар, главен приоритет се става на развојот на земјоделството и шумарството. Но тоа незначи дека другите дејности неможе да се развиваат, туку напротив треба да се тежи кон меѓугранска поврзаност на

дејностите. Во тој контекст во општината Демир Хисар треба да се гледа и насочува и туристичката дејност.

За посоодветно согледување на состојбите во продолжение е посветено внимание на одликите на примарните, секундарните и терциерните дејности во општината.

### 3.4.1. Примарни дејности

Главна стопанска гранка во примарните дејности е земјоделството. Тоа е дејност што ја извршува човекот со цел да произведе прехрамбени производи и суровини за обезбедување на својата егзистенција (Мијалов Р. 2000).

Земјоделството во општина Демир Хисар, иако неможе да се потенцира дека е развиено тоа сепак претставува еден од главните приоритети за локалниот економски развој. Според географските карактеристики (клима, вода, почви) и сообраќајната поврзаност на областа има добри перспективи.

Бидејќи земјишниот фонд претставува еден од основните услови за развој на земјоделството во продолжение е прикажана структурата на земјиштето по катастарски култури. Неговата големина и структура во општина Демир Хисар според направениот премер на земјиштето во 1968 и 1976 г. е како што е наведено.

*Табела 23. Структура на земјиштето во општина Демир Хисар според премер во 1968 и 1976 год.*

| **Структура на земјиште** | | | **Премер 1968 и 1976 год** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| Продуктивно земјиште | Обработливо земјиште | Ораници и бавчи | 7578,3 | 15,7 |
| | | Овоштарници | 232,3 | 0,5 |
| | | Лозја | 134,6 | 0,3 |
| | | Ливади | 1321,2 | 2,7 |
| | Пасишта | | 11025,5 | 22,9 |
| | Шуми | | 25288,7 | 52,5 |
| Непродуктивно земјиште | | | 2563,4 | 5,3 |
| **ВКУПНО** | | | 48144,0 | 100,0 |

Извор: (РГУ, 1976)

Од податоците се забележува дека од вкупната расположлива површина на земјиштето (48144 ha) (АКН на РМ) во општина Демир Хисар, најголем дел односно дури 52,5% припаѓа на шумите, 22,9% на пасишта, 19,2% обраболиво земјиште и 5,3% непродуктивно земјиште.

За пофункционално планирање на развојот на одделните дејности се прикажани и податоци за структурата на земјишните површини по катастраски култури за секое населено место во општината Демир Хисар.

*Табела 24. Структура на земјиштето според катастарски култури по населени места во општина Демир Хисар според извршен премер во 1968 и 1976 год. во ha*

| Р. бр. | Населба | Обраб земјиште | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | Пасишта | Шуми | Необработливо земјиште | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бабино | 226,2 | 202,6 | 6,2 | 7,0 | 10,4 | 161,5 | 477,7 | 127,9 | 993,3 |
| 2 | Базерник | 172,4 | 138,6 | 2,2 | 0,3 | 31,3 | 370,4 | 734,1 | 22,4 | 1.299,3 |
| 3 | Бараково | 91,6 | 70,8 | 7,5 | 2,7 | 10,6 | 78,7 | 1,0 | 15,4 | 186,7 |
| 4 | Белче | 89,7 | 52,2 | 8,3 | 1,7 | 27,5 | 59,4 | 136,8 | 19,5 | 305,4 |
| 5 | Боиште | 439,5 | 392,3 | 0,9 | 5,9 | 40,4 | 495,2 | 1.176,2 | 65,6 | 2.176,5 |
| 6 | Брезово | 443,8 | 419,4 | 1,5 | 1,6 | 21,3 | 1.213,0 | 385,9 | 38,7 | 2.081,4 |
| 7 | Вардино | 234,8 | 186,9 | 3,0 | 9,0 | 35,9 | 222,7 | 391,7 | 38,6 | 887,8 |
| 8 | Велмевци | 75,7 | 9,7 | 25,6 | 0,2 | 40,2 | 614,6 | 1.104,3 | 37,9 | 1.832,5 |
| 9 | Вирово | 236,3 | 187,9 | 7,6 | 0,6 | 40,2 | 515,9 | 978,3 | 26,3 | 1.756,8 |
| 10 | Голе. Илино | 327,8 | 306,3 | 3,4 | 0,8 | 17,3 | 628,4 | 925,6 | 187,3 | 2.069,1 |
| 11 | Граиште | 218,1 | 175,8 | 3,4 | 3,1 | 35,8 | 70,4 | 44,9 | 27,7 | 361,1 |
| 12 | Демир Хисар | 204,4 | 161,0 | 4,1 | 3,3 | 36,0 | 97,0 | 137,1 | 118,1 | 556,6 |
| 13 | Доленци | 218,4 | 198,7 | 2,9 | 1,4 | 15,4 | 21,0 | 561,1 | 264,9 | 1.065,4 |
| 14 | Единаковци | 345,3 | 261,9 | 5,4 | 4,3 | 73,7 | 306,1 | 178,8 | 47,7 | 877,9 |
| 15 | Жван | 248,9 | 169,5 | 7,6 | 14,0 | 57,8 | 154,3 | 456,4 | 60,3 | 919,9 |
| 16 | Железнец | 151,1 | 146,9 | 1,3 | 0,6 | 2,3 | 547,2 | 350,8 | 231,1 | 1.280,2 |
| 17 | Журче | 291,5 | 245,8 | 15,0 | 4,5 | 26,2 | 229,6 | 1.693,7 | 54,7 | 2.269,5 |
| 18 | Загориче | 174,7 | 150,9 | 0,9 | 2,5 | 20,4 | 42,4 | 173,6 | 18,7 | 409,4 |
| 19 | Зашле | 140,0 | 130,7 | 0,6 | 0,1 | 8,6 | 1.242,6 | 515,4 | 11,6 | 1.909,6 |
| 20 | Кочишта | 175,3 | 85,2 | 7,6 | 0,1 | 82,4 | 186,2 | 820,1 | 31,4 | 1.213,0 |
| 21 | Кутретино | 179,6 | 152,3 | 2,0 | 3,0 | 22,3 | 61,9 | 126,6 | 20,8 | 388,9 |
| 22 | Лесково | 302,5 | 288,6 | 0,0 | 0,1 | 13,8 | 181,6 | 331,8 | 29,2 | 845,1 |
| 23 | Мало Илино | 250,5 | 236,3 | 2,1 | 0,1 | 12,0 | 620,8 | 499,4 | 294,5 | 1.665,2 |
| 24 | Мренога | 183,2 | 159,1 | 3,3 | 0,6 | 20,2 | 45,1 | 1.184,5 | 37,6 | 1.450,4 |
| 25 | Ново Село | 151,1 | 108,7 | 8,5 | 2,8 | 31,1 | 81,2 | 282,7 | 32,0 | 547,0 |
| 26 | Обедник | 322,3 | 277,4 | 1,8 | 0,8 | 42,3 | 96,0 | 1.684,4 | 33,7 | 2.136,4 |
| 27 | Прибилци | 290,6 | 236,7 | 12,8 | 4,0 | 37,1 | 178,6 | 459,0 | 128,1 | 1.056,3 |
| 28 | Радово | 129,2 | 113,7 | 1,0 | 0,5 | 14,0 | 174,5 | 175,9 | 17,4 | 497,0 |
| 29 | Ракитница | 102,1 | 73,5 | 12,5 | 1,5 | 14,6 | 143,6 | 219,6 | 12,5 | 477,8 |
| 30 | Растојца | 125,2 | 104,1 | 3,6 | 1,8 | 15,7 | 116,0 | 540,8 | 18,9 | 800,9 |
| 31 | Света | 337,3 | 273,2 | 4,4 | 6,1 | 53,6 | 359,3 | 633,8 | 47,9 | 1.378,3 |
| 32 | Сладуево | 80,1 | 52,9 | 2,8 | | 24,4 | 11,0 | 24,8 | 11,1 | 127,0 |
| 33 | Слепче | 365,4 | 261,1 | 21,4 | 16,6 | 66,3 | 267,7 | 1.737,8 | 85,4 | 2.456,3 |
| 34 | Слоештица | 330,6 | 274,5 | 12,4 | 6,5 | 37,2 | 269,8 | 1.511,9 | 30,4 | 2.142,7 |
| 35 | Смилево | 104,1 | 67,4 | 4,3 | 2,2 | 30,2 | 113,2 | 1.402,6 | 24,4 | 1.644,3 |
| 36 | Сопотница | 492,0 | 342,8 | 14,9 | 8,4 | 125,9 | 289,7 | 850,0 | 133,0 | 1.764,7 |
| 37 | Стругово | 386,9 | 328,4 | 3,9 | 8,2 | 46,4 | 224,4 | 1.000,6 | 63,1 | 1.675,0 |
| 38 | Суводол | 262,7 | 229,4 | 2,3 | 4,2 | 26,8 | 185,1 | 610,9 | 43,3 | 1.102,0 |
| 39 | Суво Грло | 79,0 | 67,7 | 2,7 | 2,2 | 6,4 | 120,2 | 241,3 | 22,5 | 463,0 |
| 40 | Утово | 110,7 | 95,1 | 0,2 | 1,2 | 14,2 | 15,9 | 162,7 | 8,6 | 297,9 |
| 41 | Церово | 175,8 | 142,3 | 0,4 | 0,1 | 33,0 | 213,3 | 364,1 | 23,2 | 776,4 |
| | **ВКУПНО** | **9.266,4** | **7.578,3** | **232,3** | **134,6** | **1.321,2** | **11.025,5** | **25.288,7** | **2.563,4** | **48.144,0** |

Извор: РГУ 1982, СР Македонија низ катастарска евиденција, Скопје.

Според застапеност на одредени површини треба да се планираат функционални приоритети за развој на конкретна дејност, како на пример

населеното место Велмевци се одликува со мали површини под обработливо земјиште, а со изразено големи површини под шуми и пасишта. Според тоа главен приоритет треба да се дава на развојот на шумарството и сточарството и обратно во населените места Сопотница или граиште приоритет треба да се дава на полјоделската активност.

Во функција на развој на туризмот и овие аспекти треба да се имаат предвид со цел правилно да се насочи развојот на конкретна туристичка активност.

**Полјоделство**

Полјоделството претставува една од најважните земјоделски гранки во општина Демир Хисар. Го опфаќа производството на житни, индустриски, градинарски и фуражни култури.

Големината и структурата на засеаните површини под полјоделски култури во општина Демир Хисар според податоците од последниот попис на земјоделието спроведен во 2007 г. е намалена за 50% во однос на 1970 г.

*Табела 25. Засеани површини по видови на полјоделски култури во општина Д.Хисар во 2007 год.*

| Видови на култури | 2007 година | | 1970 година (13) | |
|---|---|---|---|---|
| | Засеани површини по видови полјо-делски култури во ha | % | Засеани површини по видови полјо-делски култури во ha | % |
| Житни култури | 1.381,3 | 62,2 | 2.794,0 | 63,7 |
| Индустриски култури | 345,4 | 15,5 | 1.100,0 | 25,1 |
| Градинарски култури | 179,8 | 8,1 | 424,0 | 9,7 |
| Фуражни култури | 151,5 | 6,8 | 71,0 | 1,6 |
| Ароматични и медицински растенија | 2,4 | 0,1 | | |
| Цвеќе и украсни растенија | 1,5 | 0,1 | | |
| Семе и расад | 0,1 | 0,0 | | |
| Угари и др.незасеани ораници и бавчи | 159,6 | 7,2 | | |
| ВКУПНО | 2.221,6 | 100,0 | 4.389,0 | 100,0 |

Се констатира дека учеството на житните култури (и покрај намалувањето на вкупните површини) останало скоро непроменето, а се забележува намалување на индустриските култури и зголемување на фуражните култури. Тоа значи дека има трансвер на земјоделската кон сточарската дејност.

Житните култури имаат доминантно место бидејќи од вкупните засеани површини зафаќаат 62,2%, потоа следуваат индустриските со 15,5%, градинарските со 8,1% и фуражните култури со 6,8%.

Најзастапени житни култури се пченицата со 881,3 ha и пченката 406,4 ha, а останатите површини се под други житни култури. Пченицата како лебно жито, а пченката е присутна заради погодните почвени и хидрографски одлики на теренот.

Најзастапена индустриска култура е тутунот со 338,8 ha или околу 98%. Причината е што има загарантиран откуп на производството и релативно поповолана откупна цена. Се одгледува низ атарите на повеќе населени места. Останатите површини се незначително присутни. Во 1970 г. на околу 200 ha се одгледувал сончоглед.

Кај градинарските култури во однос на минатото се направени најголеми промени. Според податоците од 2007 г. најзастапени се површините под пипер 68,6 ha или 37,8%, компир 66,5 ha или 36,7%, и грав 24,4 ha или 13,5%, кромид 5,2 ha или 2,9% и останатите површини се под други култури (ДЗС, 2007).

Вкупните површини под фуражни култури во 2007 г. не се многу променети во однос на 1970 г. Порано позастапена била детелината а во 2007 г. најголеми површини се под луцерка 108,8 ha или 73,8%, детелина со 21,0 ha или 13,9% и фуражна пченка 13,0 ha или 8,6%. Тоа значи дека се тежи кон интензивен начин на сточарската дејност.

**Овоштарство**

Заради природните одлики на просторот од една страна и ориентацијата на населението главно кон полјоделските култури од друга страна, во општина ДемирХисар неможе да се зборува за организирано и интензивно овоштарство.

На територијата на општина Демир Хисар се застапени разни видови на овошни култури, но најзастапени се сливите и јаболката, а потоа следуваат вишни, ореви и круши. Непосредните податоци се прикажани во следната табела.

*Табела 26. Површини и број на стебла по видови на овошки во општина Демир Хисар според пописот од 2007 г. .*

| **Видови на овошје** | Вкупен број на стебла | % | Вкупна површина (ha) | % |
|---|---|---|---|---|
| Јаболка | 9.205 | 24,2 | 16,06 | 18,6 |
| Круши | 1.395 | 3,7 | 3,04 | 3,5 |
| Сливи | 21.893 | 57,5 | 47,60 | 55,2 |
| Цреши | 631 | 1,7 | 2,20 | 2,5 |
| Вишни | 3.128 | 8,2 | 3,27 | 3,8 |
| Кајсии | 148 | 0,4 | 0,32 | 0,4 |
| Праски | 98 | 0,3 | 0,29 | 0,3 |
| Ореви | 1.579 | 4,1 | 10,56 | 12,2 |
| Бадеми | 10 | 0,03 | 0,02 | 0,02 |
| Останато овошје | | | 2,93 | 3,4 |
| ВКУПНО | 38.087 | 100,0 | 86,29 | 100,0 |

Извор: ДЗС 2007, Попис на земјоделството во РМ

Сливите се одгледуваат скоро на целата површина на општината, но како поорганизирано и на поголема површина се одгледуваат во с.Загориче. с.Света и с.Утово.

Од останатите видови на овошје уште се одгледуваат јаболка, круши, цреши, вишни, ореви и друго. Се забележува зголемен интерес за одгледување на вишни поради обезбедениот откуп, а поорганизирано се одгледуваат во с.Загориче, с.Кутретино и Демир Хисар.

Во последно време има зголемен интерес во процесот на одгледување на шумски плодови како што се: лешници, аронија, малинки итн. Во с.Сладуево и с.Сопотница уште се одгледува и аронија која се карактеризира со лековити својства и за која исто така постои интерес кај откупните центри.

Дел од овожните производи, особено шумските плодови може да бидат од интерес за посетителите и туристите во областа Демир Хисар.

**Лозарство**

Во општина Демир Хисар иако постојат поволни климатски и почвени услови за одгледување на винова лоза, сепак лозарството нее развиено. Присутно е само како индивидуални насади во дворни места, но не за комерцијални цели.

**Сточарство**

Во областа Демир Хисар постојат поволни природно – географски услови за развој на сите видови сточарски гранки. Областа располага со пространи и квалитетни природните пасишта и можности за производство на фуражни култури. Во функција на сточарството во Демир Хисар постојат две ветеринарни станици.

Развојот на сточарството во последните 50 години бележи опаѓање, но тоа покажува дека услови постојат. од поновите податоци од пописот на земјоделските стопанства во 2007 г. се забележува дека овчарството е намалено за околу пет пати, говедарството за 50%, свињарството се одржало со благ пораст, а живинарството со благо намалување. Евидентно е дека се појавува козарството и особено пчеларството.

*Табела 27. Промени во бројот на сточарските гранки во општина Демир Хисар* (Котески П.Ц. 2009; ДЗС, 2007)

| Вид на стока | 1971 г. | 1981 г. | 2007 г. |
|---|---|---|---|
| Овци | 25.497 | 17.944 | 5.233 |
| Говеда | 4.495 | 3.988 | 1.900 |
| Коњи | нема податок | нема податок | 796 |
| Свињи | 2.240 | 916 | 2.509 |
| Кози | нема податок | нема податок | 1.370 |
| Живина | 31.120 | 31.643 | 27.184 |
| Пчелни семејства | нема податок | нема податок | 2.549 |

Овчарството е водечка гранка во сточарството во општина Демир Хисар, но треба да се забележи дека секоја година има намалување на бројот на овци за околу 20%. Се одгледуваат во повеќе населени места и тоа: Единаковци, Обедник, Суводол, Вирово, Кутретино, Стругово, Мало Илино, Радово и во др. населени места.

Говедата во најголем број се застапени во селата Сопотница, Обедник и Единаковци, а се застапени и во Суводол, Сладуево, Брезово, Ново Село, Слоештица и др. Бројот на говеда се намалува, пред се поради немање на откуп и загарантирани откупни цени на пазарот.

Свињарството во општина Демир Хисар не е развиено и неможе да се зборува за поорганизирано одгледување на свињи, туку тоа најчесто задоволување на индивидуални потреби..

Козарството е најзастапено во населените места Смилево, Стругово, Ракитница и др. Таа е понова гранка за која е потребно да се преземат низа мерки меѓу кои и подобра едукација на сточарите.

Живинарството во општина Демир Хисар најмногу е застапено во селата Кутретино, Сопотница и Белче каде постојат живинарски фарми и каде најмногу се одгледуваат кокошки несилки.

Се констатира дека сточарството во општина Демир Хисар и покрај тоа што постојат одлични услови за негов развој (поради демографското празнење

на просторот, се поголемата употреба на меѓанизација, ниските и негарантирани откупни цени) доживува перманентно намалување кај сите видови на стока.

**Пчеларство**

Релјефната структура, развиената хидрографска мрежа, шумската и тревната вегетација овозможуваат општина Демир Хисар да располага со добри услови за развој на пчеларството. Поради тоа и поради релативно добрата цена на медот може да се каже дека скоро во секое населено место се одгледуваат пчелни смејства.

Бројот на пчелните семејства е над 5000 и постојано се зголемува, така што може да се каже дека пчеларството во оваа општина е релативно добро развиено. Координацијата во пчеларството ја врши здружението на пчелари „Прополис.

**Лов и риболов**

*Лов.* Ловот, како стопанска гранка го опфаќа одгледувањето, заштитата и искористувањето на дивечот. Во општина Демир Хисар главно е развиен спортскиот лов кој може да се искористи и за развој на ловен туризам.

На територијата на општина Демир Хисар се установени четири ловишта (Сл.весник на Р.М бр.49/97) и тоа „Базерник“, „Лесково“, „Журче“ за крупен дивеч и „Прибилци“ за ситен дивеч (ЕЛС – Демир Хисар, 2008).

Ловиштата се наменети за одгледување, заштита и ловење на дивеч, но треба да се спомене дека има и подрачја кои се забранети за лов. Такви се териториите меѓу селата Доленци, Железнец и Кичевско, меѓу селата Прибилци, Кочишта и Журче и меѓу селата Мраморица, Смилево и Битолско (Општина Демир Хисар, 2008). Во продолжение се прикажани основните податоци за наведените ловишта.

*Табела 28. Ловишта на територијата на општина Демир Хисар*

| Ред. бр. | Име на ловиште | Вкупна површина ha | Ловно продуктивна површина ha | Ловно непродуктивна површина ha | Неловна површина ha |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | „Базерник“ | 12.091 | 10.663 | 1.028 | 400 |
| 2 | „Лесково“ | 14.483 | 12.533 | 1.600 | 350 |
| 3 | „Журче“ | 12.672 | 9.704 | 2.560 | 408 |
| 3 | „Прибилци“ | 5.060 | 4.560 | 370 | 130 |
| ВКУПНО | | 44.306 | 37.460 | 5.558 | 1.288 |

Извор: (ЕЛС – Демир Хисар, 2008)

Од дивечот под заштита се среќаваат: срна, дива свиња, мечка, див зајак, полска еребица, лештерка, еребица камењарка, диви гулаби, потполошка и др, а од дивечот без заштита се среќаваат волк, лисица, ласица, куни, дива мачка, јазовец, твор, јастреб кокошар, страчка и други видови.

И покрај претходно споменатите одлични природни услови за развој, ловниот туризам, во општина Демир Хисар е слабо развиен. Главни причини се недоволна и несоодветна ловна инфраструктура во ловиштата, како што се сместување, обезбедување на превозни средства, ловечка опрема, набљудувачници, солишта, хранилишта за дивечот итн. Подобрувањето на

условите за лов и подобрата организација се сериозна гаранција за постигнување на подобри резултати во оваа дејност.

*Риболов.* Риболовот во општина Демир Хисар има спортско – рекреативен карактер (се одвива по течението на Црна Река и во малите акумулации Стругово, Суводол 1 и Суводол 2) и стопанско – економски карактер во рибниците (од кои 2 се во близина на с.Бабино, 1 во близина на Жван и 1 во близина на Железнец). Во нив се одгледува калифорниска пастрмка.

Годишно се издаваат помеѓу 40 – 50 дозволи за риболов, најчесто ловени видови на риба се: речна пастрмка, крап, клен, мрена, скобал, карас, белвици и др, а за развојот на риболовот во оваа општина се грижи СРД „Пастрмка“ – Демир Хисар.

Имајќи ги предвид хидрографските услови може да се констатира дека оваа гранка може да биде повеќе развиена, особено во делот на одгледување на риби.

## Шумарство

Шумарството е стопанска дејност која опфаќа одгледување и искористување на шумите.

*Шумски површини и разместеност на шумите*. Од изнесените податоци се забележува дека од вкупната територија на општината Демир Хисар повеќе од 50% односно 25.007 ha (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Демир Хисар, 1998) припаѓаат на шуми и шумското земјиште. Тие се распространети скоро на целата територија на општината, но со најголем процент на Бигла, Илинска и Плакенска Планина.

*Табела 29. Големина на површините под шуми, дрвна маса и среден прираст по видови на дрвја во општина Демир Хисар*

| Видови на дрвја | ВКУПНО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина | | Дрвна маса | | среден прираст | |
| | ha | % | м³ | % | м³ | % |
| Бука | 5.511,7 | 22,04 | 1.181.639 | 53,54 | 15.594 | 33,3 |
| Горун | 11.177,8 | 44,70 | 646.114 | 29,28 | 18.376 | 39,3 |
| Бел бор | 255,0 | 1,02 | 16.409 | 0,74 | 871 | 1,9 |
| Црн бор | 1.208,0 | 4,83 | 68.201 | 3,09 | 3.049 | 6,5 |
| Плоскач | 3.918,9 | 15,67 | 194.971 | 8,83 | 6.029 | 12,9 |
| Цер | 1.866,3 | 7,46 | 77.239 | 3,50 | 2.359 | 5,0 |
| Воден габер | 24,4 | 0,10 | 2.257 | 0,10 | 32 | 0,1 |
| Црн габер | 365,0 | 1,46 | 10.561 | 0,48 | 231 | 0,5 |
| Благун | 145,2 | 0,58 | 4.621 | 0,21 | 98 | 0,2 |
| Дуглазија | 5,4 | 0,02 | 0 | 0,00 | 0 | 0,0 |
| Багрем | 3,0 | 0,01 | 152 | 0,01 | 5 | 0,0 |
| Останати видови | 526,8 | 2,11 | 4.777 | 0,22 | 131 | 0,3 |
| ВКУПНО | 25.007,3 | 100,0 | 2.206.941 | 100 | 46.775 | 100 |

Извор: (ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Д.Хисар, 1998)

Со шумите и шумското земјиште на територијата на општина Демир Хисар стопанисува ЈП „Национални шуми“ подружница „Бигла“ од Демир Хисар.

Заради конфигурацијата на просторот, шумите и шумското земјиште со кои стопанисува ПШС „Бигла“ од Демир Хисар се поделени на шест шумско – стопански единици (ШСЕ) и тоа: „Илинска планина“, „Бигла“, „Брезово - Света“, „Суводол“, „Ставраково“ и „Железнец“.

Шумските потенцијали на територијата на општина Демир Хисар се прикажани според површината и структурата на насадите по видови на дрвја. Вкупната обрасната површина со која што стопанисува ПШС „Бигла“ од Демир Хисар изнесува 25.007,3 ha.

Од податоците се забележува дека најголема површина зафаќаат горуновите насади и тоа 44,7%, потоа следува буката со 22,04%, дабот плоскач со 15,67% и дабот цер со 7,46%.

Покрај овие видови на дрвја се среќаваат уште и бел и црн бор, воден и црн габер, благун, дуглазија, багрем и други видови на дрвја на кои припаѓаат само околу 10% од вкупната површина под шуми на територијата на општина Демир Хисар.

Што се однесува пак до дрвната маса која е еден од факторите преку која се одредува економското значење на шумите, од прикажаните податоци може да се види дека процентуално најголема дрвна резерва има буката (53,54%), потоа горунот (29,28%), додека на останатите видови отпаѓаат 17,18% од вкупните резерви на дрва во општината.

Вкупниот годишен среден прираст на шумите во општина Д.Хисар изнесува 46775 $м^3$ односно по 1,9 $м^3$/ha.

Според тоа во зависност од површинската застапеност и квалитетот на шумите најголем прираст се забележува кај горунот од 39,3%, а потоа следува буката со 33,3%.

*Структура на шумите по стопанска форма.* Шумите со кои стопанисува ПШС „Бигла“ од Демир Хисар главно се природни со исклучок на малите насади од бел бор и црн бор, како култури за пошумување.

Според формата шумите се поделени на високостеблени, нискостеблени и култури.

*Табела 30. Структура на насадите по форма на одгледување*

| Ред. бр | Шумско стопанска единица | Површина (ha) | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Високостеблени | % | Нискостеблени | % | Култури | % | |
| 1 | Бигла | 624,4 | 19,0 | 4.024,4 | 19,1 | 488,5 | 76,3 | 5.137,3 |
| 2 | Ставраково | 556,9 | 16,9 | 5.486,1 | 26,0 | 140,0 | 21,9 | 6.183,0 |
| 3 | Илинска Планин. | 1.857,2 | 56,5 | 2.070,4 | 9,8 | | 0,0 | 3.927,6 |
| 4 | Железнец | 112,2 | 3,4 | 2.056,1 | 9,8 | 12,1 | 1,9 | 2.180,4 |
| 5 | Суводол | 92,7 | 2,8 | 1.839,4 | 8,7 | | 0,0 | 1.932,1 |
| 6 | Брезово - Света | 42,4 | 1,3 | 5.604,5 | 26,6 | | 0,0 | 5.646,9 |
| ВКУПНО | | 3.285,8 | 100,0 | 21.080,9 | 100,0 | 640,6 | 100,0 | 25.007,3 |

Извор: ЈП „Национални шуми“ – Скопје, ПШС „Бигла“ – Д.Хисар, 1998

Од податоци се забележува дека најголем дел од површината е под нискостеблени шуми 21080,9 ha или 84,3%, под високостеблени шуми се 3285,8 ha и најмал дел само 640,6 ha се под култури.

Според стопанската форма односно според структурата по состав насадите во општина Демир Хисар се поделени на чисти и мешани.

Чистите насади се претставени со чисти високостеблени едновозрасни насади и чисти нискостеблени насади, додека кај мешаните насади се среќаваат мешани високостеблени насади и мешани нискостеблени насади.

Според податоците е констатирано дека чистите високостеблени шуми најмногу се распространети во ШСЕ „Илинска планина" и се претставени со насади од бука, бел бор, горун и црн бор. Од сите нив најголема површина припаѓа на буковите насади и тоа 76,9%.

Чистите нискостеблени шуми најмногу се распространети во ШСЕ „Ставраково" и се претставени со насади од бука, горун, плоскач, црн габер и цер, а најголема површина припаѓа на горуновите насади (68,3%).

Мешаните високостеблени шуми зафаќаат површина од само 38,7 ha, а се претставени со насади од бел и црн бор, горун и црн бор, бука и бел бор и дуглазија и црн бор.

Мешаните нискостеблени шуми зафаќаат површина од 7532 ha и најмногу се распространети во ШСЕ „Брезово - Света" на која припаѓаат 4185,5 ha или 55,2%. Тие се претставени со насади кои претставуваат комбинација од два или повеќе видови.

Најголема површина припаѓа на насадите од плоскач и цер (43,66%), горун и цер (18,95%), бука и горун (11,33%) итн.

*Искористување на шумите.* Шумите како во минатото така и денес се користат повеќекратно (ЈП „Национални шуми" – Скопје, ПШС „Бигла" – Д.Хисар, 2004). Шумите со кои стопанисува ПШС „Бигла" од Д.Хисар првенствено се со стопанска намена, што значи дека се користат за производство на дрвни сортименти и тоа: трупци, техничко и огревно дрво.

Освен дрвенестите шумски растенија од големо значење се и споредните шумски производи како што се: печурки, боровинки, малинки, лешници, диви јагоди, лековити билки, семе од шумски видови дрвја итн, а кои имаат економско значење за одреден дел од населението (Калески С. Т. 2015).

Покрај стопански и економски, шумите ја имаат и функцијата за заштита на земјиштето од ерозија која е од многу големо значење.

*Обнова и заштита на шумите.* Како кај сите растенија така и кај шумите обновата претставува природна способност за одржување на видот со исти генетски особини како од претходната генерација. Според начинот на обновувањето, обновата може да биде природна и по вештачки пат.

За да може да се користат шумите, мора да се заштитуваат од разни видови деградација како што се: заштита од габни заболувања и штетни инсекти, заштита од штетен дивеч, заштита на одредени места од испаша на добиток, заштита од абиотски фактори (пожари, ветрови итн.), навремено и правилно вршење на прореди, следење на здравствената состојба на шумите, кастрење на гранки во култивираните насади итн.

Може да се заклучи дека општина Демир Хисар располага со одлични услови за развој на шумарството, така што треба да се посвети внимание на оваа гранка, за да истата биде искористена како посебна но и во меѓугранска поврзаност со други дејности, а во таа смисла и со туристичката дејност (Калески С. Т. 2015).

### 3.4.2. Секундарни дејности

**Индустрија**

Индустријата е стопанска дејност која врши обработка на суровини и производство со помош на машини. Според видот на производите се дели на тешка и лесна.

*Табела 31. Индустриски капацитети кои постоеле во минатото во општина Демир Хисар*

| Ред. бр. | Име на фирма | Основна дејност | Година на затворање | Број на вработени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Рудник „Сопотница“ | рударство | 1989 | 170 |
| 2 | Живинарска фарма - с.Белче | живинарство | 1990 | 70 |
| 3 | АД „Дехитекс“ - Д.Хисар | конфекција | 1996 | 230 |
| 4 | „Бигла“ – Демир Хисар | трговија | 1991 | 170 |
| 5 | АД „Југотутун“ – Демир Хисар | откуп и прерабока на тутун | 1997 | 197 |
| | ВКУПНО | | | 837 |

*Табела 32. Поголеми индустриски капацитети кои денес постојат во општина Демир Хисар со нивни основни карактеристики*

| Ред. бр. | Име на фирма | Населно место | Основна дејност | Број на вработени + сез. раб. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | АД „Железник“ | Сопотница | Производство на челични сачми и челични одливци | 70 |
| 2 | АД „Рудник -Д.Хисар“ | Сопотница | Бушење, минирање и дробење на камен за бетон и асфалт | 40 |
| 3 | ГД „Гранит“ АД Скопје | Слоештица | Бушење, минирање и дробење на камен за бетон и асфалт | 14 |
| 4 | ДОО „Чапе Фунги“ | Сладуево | Откуп и преработка на печурки, шумски билки и плодови | 5+30 |
| 5 | ДООЕЛ „Евтинија“ | Вардино | Печење, мелење и пакование на кафе и какао | 14 |
| 6 | ДООЕЛ „Ксенос“ | Демир Хисар | Преработка и конзервирање на земјоделски и шумски производи | 36+20 |
| 7 | ДООЕЛ „Југотрговија“ | Демир Хисар | Трговија на големо и мало со градежни материјали, електрика и санитарија | 3 |
| 8 | ДОО „Жито брест“ | Единаковци | Производство на брашно и леб | 18+15 |
| 9 | ДООЕЛ „Пашоски дилер“ | Демир Хисар | Откуп и преработка на тутун | 32+100 |
| 10 | ДООЕЛ „Ни - Ол трејд“ | Демир Хисар | Бушење, минирање и дробење на камен за бетон и асфалт | |
| 11 | ДОО „Ангромаркетинг“ | Демир Хисар | Трговија на големо и мало и производство на пластични маси | 90 |
| 12 | ДООЕЛ „ЗД Амбиент“ | Суводол | Производство на мебел за домаќинство | 13 |
| 13 | ДООЕЛ „Бебеко ЗГ“ | Суводол | Производство на мебел за домаќинство | 5 |

Во општината Демир Хисар скоро сите индустриски капацитети припаѓаат на лесната индустрија. Во табелите се прикажани некои основни одлики на индустриските капацитети, кои постоеле во минатото, но и на оние кои постојат денес, а се или биле водечки во развојот на индустријата во оваа општина.

### 3.4.3. Терцијарни дејности

**Сообраќај**

Сообраќајот иако не е производствена дејност без негова развиеност неможе да се замисли ниту развојот на стопанството во одредена област.

Сообраќајниот систем (ИПП – Охрид,1983) во општина Демир Хисар денес го сочинуваат патничкиот и ПТТ сообраќајот. Во минатото бил застапен и железничкиот сообраќај.

Патниот сообраќаен систем го сочинуваат патната мрежа, патните превозни средства и фирмите што се занимаваат со превоз на патници и товар.

*Патна мрежа.* Основата на патната мрежа во општина Демир Хисар ја сочинуваат регионалните патни правци

- Р 1305 Кукуречани – Демир Хисар – Другово и
- Р 1306 Прилеп (врска со Р13033) Кривогаштани-Крушево-Сладуево (врска со Р 1305);

кои се целосно асфалтирани и кои се во релативно добра состојба.

Покрај овие патишта, општина Демир Хисар се поврзува и со регионалните патишта :

- Р 2339 Ново Лагово (врска со Р1101)-Галичани-Обршани-Бучин-Граиште (врска со Р 1305)
- Р 29273 Ботун (врска со А2) – Белчишта-Брежани-Железнец (врска со Р1305) и
- Р 29371 Врска со А3 – Кривени-Слоештица (врска со Р1305

но кои немаат поголемо значење во моментот, бидејќи не само што не се целосно асфалтирани туку во еден дел не се и пробиени.

Населените места во општината меѓусено се поврзани со локални патишта во вкупна должина од 165 km, од кои 83 km или 50,3% се асфалтирани, 71 km или 43 % се земјен коловоз и 11 km или 6,7 % се непробиени патишта (ДЗС, 2007).

Треба да се напомене дека во општината Демир Хисар само до населените места: Церово, Лесково и Боиште нема асфалтен пат, додека до сите останати населени места се поврзани со асфалтен пат. Но, и покрај тоа што локалните патишта претежно се асфалтирани не можат да понудат современ сообраќај, бидејќи квалитетот на асфалтната подлога и техничките елементи на патиштата се во незадоволителна состојба. Во таа смисла се констатира дека постојано треба да се работи на подобрување на локалните патишта, но и кон регионалните патни правци, особено кон РП 417 и РП 530.

*Железнички сообраќај.* Во сообраќајниот систем низ општина Демир Хисар минува и железничката пруга Сопотница – Бакарно Гумно во должина од околу 15 km. Оваа железница е пуштена во употреба на 05.06.1957 г. На територијата на општината постојат две железнички станици и тоа во с.Сопотница и с.Света.

Железнички сообраќај по оваа пруга се одвивал до 2006 г. а транспортот на руда е прекинат во 1992/93 г., кога се прекинува со ископ на руда. Железничката линија главно се користеше за транспорт на железна руда од рудникот до „Железара" во Скопје, а многу малку за превоз на патници, па поради тоа што завршуваше во с.Сопотница нејзиниот капацитет не беше доволно искористен.

*Превозни средства*. Бројот на регистрирани возила во општина Демир Хисар во 1981 год. изнесувал 1264 (ИПП – Охрид,1983) моторни возила од кои повеќето се патнички (1.088) и товарни (88), додека во 2011 г. (ДЗС, 2007) во оваа општина се регистрирани вкупно 1903 возила од кои 12 мотоцикли, 1622 патнички автомобили, 7 автобуси, 158 товарни автомобили, 52 влечни возила и 52 приклучни возила. Тука треба да се спомене дека голем дел од земјоделската меѓанизација, особено тракторите не се евидентирани, бидејќи не се регистрирани и не се официјално забележани (Калески С. Т. 2015).

Сето ова го покажува степенот на зголемувањето на моторизацијата во општината, кој се очекува и понатаму да расте, поради неговата значајна улога во развојот на стопанството.

*Сообраќајни правни субјекти*. Во општина Демир Хисар се регистрирани вкупно 46 правни субјекти чија основна дејност е превоз на патници и товар, од кои најголемиот дел од нив се занимава со превоз на товар.

Транспортот на патници и стоки на територијата на општината Демир Хисар во основа се реализира преку транзитните превозници на релациите Битола-Крушево и обратно, Битола-Кичево и обратно, каде главна улога има фирмата Транскоп од Битола, Метро Транс - с.Дебреште и Ѓоко транс – Крушево.

*ПТТ сообраќај*. ПТТ сообраќајот се користи за испраќање, пренос и испорака на писма, весници, книги, вредносни ѓартии, пари, пакети итн.

Во општина Демир Хисар постојат три ПТТ објекти и тоа во градот Демир Хисар каде се вработени 5 лица, во с.Жван се вработени 3 лица и во с.Смилево каде објектот работи повремено, односно само два дена во неделата (Калески С. Т. 2015).

Со телефонски приклучоци не се опфатени само населени места Лесково, Церово (кои се веќе раселени) и Боишта, додека во сите останати населени места има телефонски приклучоци.

Од сето претходно изнесено може да се заклучи дека во општина Демир Хисар постојат релативно солидни услови за развој на современ сообраќаен систем.

**Занаетчиство**

Занаетчиството е дејност, која од една страна и претходи на индустријата, а од друга страна (подоцна) ја дополнува. Со занаетчиството се вршат низа услуги според потребите на потрошувачите.

Занаетчиството во Демир Хисар низ историскиот период било во тесна врска со општествено – економските услови кои постоеле во даден период, па така во зависност од степенот на развиток на прозводството се јавувале и промени во видот и застапеноста на занаетите. Сето тоа придонесува во одреден временски период на стопанскиот развој одредени видови на занаети

да изумираат, а на нивно место се појавуваат нови современи видови на занаети соодветни на новите општествени текови на развој и пазарните услови.

Како низ целата држава така и во Демир Хисар пред да започне процесот на индустријализација, на занаетчиството му се посветувало посебно внимание соодветно на потребите на населението. Во даден период биле застапени голем број на занаети и тоа: ќумурџии, варџии, ковачи, дрводелци, фурнаџии, ѕидари, воденичари, самарџии, шнајдери, бербери, столари, молери итн. односно скоро и да немало занает кој не бил застапен во оваа област.

Меѓутоа со текот на времето поголемиот дел од овие занаети изумираат поради развојот на индустријата чии производи во споредба со занаетчиските се поелегантни, поквалитетни, со поголем асортиман и со пониски цени.

За разлика од постарите видови занаети, кои се во фаза на исчезнување или веќе се исчезнати се јавуваат нови видови занаети, како на пример водоводџии, електричари, фасадери, автомеѓаничари, автолимари, бравари, заварувачи и др. (Калески С. Т. 2015).

Според видот на занаетите, занаетчиството е поделено на производно и непроизводно (услужно) занаетчиство.

Во општина Демир Хисар најголем процент припаѓа на непроизводното односно услужното занаетчиство. Според официјалните податоци (ЦР на Р Македонија, 2014) во општина Демир Хисар регистрирани занаети се: фризери, бербери, автомеѓаничари, автолимари, фурнаџии, стаклорезач, бравари, електричари, столари, ѕидари, ќумурџии и варџии.

Главна карактеристика на занаетчиството во општина Демир Хисар е тоа што има присуство само на индивидуално занаетчиство. Осетно и нагло е исчезнувањето на некои традиционални занаети, но и многу слаб интерес на населението за ангажирање во занаетчиството, пред се поради слабата заработувачка, а за која е потребно многу вложен труд (Калески С. Т. 2015).

На територијата на општината Демир Хисар постојат занаети, кои се мошне интересни и и денес имаат практична употребна вредност. Такви се ќумурџиството, валавичарството, кои со мали исклучоци се скоро единствени во Р. Македонија. Во тој контекст можат да служат, како сериозна атракција во сверата на развојот на туристичката дејност во општината.

**Трговија**

Трговијата претставува посебна стопанска дејност која има за задача да ја организира размената меѓу производството и потрошувачката, но современата трговија ја има надминато само посредничката улога, па така таа има големо влијание врз потрошувачката и ориентацијата во производството итн.

Трговијата на подрачјето на општина Демир Хисар е организирана како трговија на големо и трговија на мало. Трговските капацитети на мало главно се состојат од трговски дуќани од класичен тип, специјализирани продавници итн., каде главно се вработуваат едно до две лица и претежно се семеен бизнис.

Трговските капацитети на територијата на општина Демир Хисар се разместени во 17 населени места од вкупно околу 40 продавници. Тоа значи недоволна заинтересираност на трговците за малите населени места и оние кои се подалеку од главните сообраќајници, така што треба да се понудат одредени мерки за да се надмине таквата состојба. Карактеристика е дека и во оние населени места, каде што има продавници асортиманот на производи е

прилично оскуден, така што дел од приходите на населението се одлева во поголемите центри (Калески С. Т. 2015).

Се констатира дека трговските капацитети главно се концентрирани во градот Демир Хисар, додека во останатите населени места развојот на трговијата не е на задоволително ниво. Во функција на порамномерен развој на целата територија на општината и во функција на туризмот би било многу важно трговијата преку откуп на разни земјоделски, сточарски занаетчиски и други производи да помогне на дирекните производители. Така ќе се зголеми и асортиманот на производи и преку трговијата производите ќе може да стигнат до посетителите на територијата на општина Демир Хисар.

**Туризам**

Туризмот претставува збир на односи и појави кои произлегуваат од патувањата и престојот на странците во едно место, доколку тоа не е поврзано со постојано населување или со обавување на некоја стопанска дејност.

Современиот туризам претставува сложена стопанска, општествена и културна дејност која бара квалитетен простор за негов развој. Тој е условен од карактеристиките на на природните и антропогените фактори.

Од предходно изнесените природни и антропогени карактеристики на територијата, општината Демир Хисар се констатира дека постојат низа природни и антропогени интересни и вредни објекти како основа за развој на туризмот. Но, во методолошка смисла на стратегијата за развој на туризмот нивните карактеристики се поместени во делот посветен на туристичките ресурси во општината Демир Хисар.

## 3.4. Административно-функционална организација

### 3.4.1. Историски развој на општина Демир Хисар

*Историски настани и случувања*. Демир Хисар е познат револуционерен крај во кој што се случиле значајни настани за Македонската историја, во Илинденскиот период, но и за време на Народноослобидителната борба.

На територијата во областа Демир Хисар се случиле повеќе настани од револуционерната борба за слобода на Македонија и Македонците, кои се тесно поврзани со револуционерите и настаните, како што се:

- Дамјан Јованов Груев (Смилево,19.1.1871 - Русиново, 2312.1906), Национални револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, еден од основачите на Македонската револуционерна организација, претседател на Смилевскиот конгрес, раководител на Илинденското востание и член на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ.
- Веле Марков – Милтон, крушевскиот апостол и војвода (од Крушевското село Селце, 12.2.1870 – Ракитница, 10/23.6.1902), со комитите од неговата чета како што се: Ѓурчин Наумов – Пљакот (од с. Сланско), Марко Хр. Алексовски - Мирче од с. Сопотница, Тирчо Карев од Крушево, Ѓорѓија Христов, од с. Света (познат како Ѓорѓија Рало Скршениот), Стојан Иванов Јошевски, од с. Жван, Христо Тасев од с. Воѓани, Ѓорѓи Кошинчето од с. Кошино, Петко Иванов од Крушево, Томо Крстов Дојчинов од Крушево, Мирче Новев од Крушево, Павле Костов од

Крушево, Иван Боримечката од Крушево, Најдо Велјановски - Черга од Ракитница, Алексо Стефанов од Радово, Никола Врбовски - Врбата од Брезово, Ангеле Секуловски од Базерник, (попознати од настаните во Ракитничката Провала)

- Ѓорѓи Чуранов од Смилево,
- Смилевскиот конгрес одржан од 2-ри до 7-ми мај 1903 г. На ова комитско револуционерно заседание донесена е одлуката за кревање на Илинденското востание, изработен е востаничкиот дисциплински устав и е избран главниот Штаб на чело со Даме Груев. Главниот Штаб имал задача да ја одреди датата за кревање на востанието. Смилевскиот конгрес ја завршил својата работа длабоко во ноќта на 7 мај 1903 година. На 27 јули, кај селото Буф (Леринско), (Леринско) ГШ како ден за објавување на востанието го определил 2 август. На 28 јули, од селото Боишта (Демирхисарско), Штабот преку брзи курири испраќа проглас за востанието во сите краишта на Битолскиот револуционерен округ. Поради напаѓањето на патничките, железничките, телеграфските и поштенските врски била испратена декларација, а до Големите Сили да не патуваат нивни граѓани на железницата Битола - Солун, за да не дојде до несакани жртви. Илинденската епопеја била на прагот.
- Демирхисарскиот војвода со козичко потекло (од с. Козица, Кичевско), Јордан Силјанов - Пиперката и неговите соборци Милош Трајковски и Кузман Тодоровски од Бабино и Мијајле Стојанов Филипоски од Велмевци  и други.



*Слика 20. Спомен музеј „СМИЛЕВО“ Смилево (Фото: Бл. Маркоски, 2014)*

*Историски развој на административно територијалната организација на општината*. Градчето Демир Хисар е еден од помалите градски населби во Р. Македонија. Населбата Демир Хисар почнува да се развива од 1945 г., кога во „Службен весник“ бр.24 од 27.11.1945 г. со Уредба за определување на бројот, територијалните подрачја и седиштата на околиите и месните народни

одбори, во Битолскиот округ спаѓа и Демирхисарската општина, која за првпат во оваа Уредба се споменува со седиште во с.Лопатица. Во составот на оваа општина влегувале 64 населени места.

Подоцна со Законот за административно – територијална поделба на НРМакедонија (Сл.весник на НРМ бр.2 од 30.01.1947 г.) седиштето на Демирхисарската околија е пренесено во с. Мургашево во стариот Слепченски ан, на местото на денешната автобуска станица во градот Демир Хисар.

На 23.01.1965 г. е донесен „Законот за подрачјата на општините во СРМ“ кога се формирани 32 општини, каде Демир Хисар се утврдува како општина со 38 населени места (без денешните Велмевци, Кочишта и Растојца) со седиште на општината во Мургашево.

Во минатото градот Демир Хисар бил познат под името Мургашево, а од 1996 г. официјално се употребува терминот Демир Хисар. Денес во официјалните документи на општината не се употребува терминот Мургашево, но тој сеуште се среќава во некои од катастарските документи.

Со административно – територијалната поделба од 1996 г., оваа општина е поделена на две општини и тоа општина Демир Хисар со седиште во Демир Хисар и општина Сопотница се седиште во с. Сопотница. Ваквата состојба траела до административно - територијалната поделба во 2004 г., кога повторно е формирана само една општина со седиште во градот Демир Хисар.

Демир Хисар до последната административно – територијална организација на Р. Македонија во 2004 г. имаше статус на полуурбанизирана населба, а од 2004 г. и официјално се смета како градска населба.

Сместен е во југо-источниот дел од областа, а бидејќи низ самата населба поминува регионалниот пат Битола-Кичево, тој има поволна географска положба. Денес Демир Хисар како урбана населба претставува административен центар на општината. Затоа тука се концентрирани разни подрачни единици на државните институции и институции од локалната самоуправа. Tokmy затоа најголем дел од населението од селските населени места мигрира и гравитира кон оваа градска населба.

Од државни институиции во седиштето на општината, односно во градот Демир Хисар како подрачни единици се присутни:

- ПЕ на Министерство за економија;
- ПЕ на Министерство за финансии;
- ПЕ на Министерство за одбрана;
- ПЕ на Министерство за правда;
- ПЕ на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- ПЕ на Министерство за труд и социјална политика;
- Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
- Одделение на Центар за управување со кризи;
- Одделение на Дирекција за заштита и спасување;
- ЈУМЦСР – Битола, одделение во Демир Хисар;
- Одделение на Управа за јавни приходи;
- Одделение за премер и катастар на Државен завод за геодетски работи;
- Подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување;
- Подрачна служба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување;
- Полициска станица на Министерството за внатрешни работи;

Населението во градот Демир Хисар е во постојан пораст и тоа од 1129 ж. во 1961 г., 1828 ж. во 1971 г., 2283 ж. во 1981 г., 2447 ж. во 1994 г. и 2593 ж. во

2002 г., што покажува тренд на постојано зголемување на бојот на население и покрај тоа што вкупниот број на население во целата област и општината се намалува.(https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html)

Се констатира дека во ова градче се развиени повеќе функции и како административен центар кон него гравитираат сите селски населби кои административно припаѓаат на општината, но гравитираат и некои други кои административно припаѓаат во други соседни општини.

### 3.4.2. Административна управа

Административната управа на општината Демир Хисар ја сочинуваат Советот на општината и Градоначалникот на општината, како основни органи на управување.

Советот на општината претставува преставнички орган на граѓаните. Советот го сочинуваат 11 претставници на граѓаните (советници) избрани на општи и непосредни избори со тајно гласање. Мандатот на советниците е 4 години. Советот на општината од редот на советниците избира претседател.

Градоначалникот ја претставува и застапува Општината. Тој е избран на општи и непосредни избори, согласно закон, за период од 4 години. Градоначалникот раководи со општинската администрација. Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот по предлог на Градоначалникот.

### 3.4.3. Веб Портал

Општина Демир Хисар поседува и раководи со официјална веб страна каде се презентираат сите поважни информации поврзани со работењето на општината, а кои се од интерес на граѓаните, бизнис заедницата, идните инвеститори, посетители и други заинтересирани страни. Веб страницата е: https://www.demirhisar.gov.mk/

## 4. ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

### 4.1. Природни туристички ресурси

Природните туристички ресурси во општината (областа) Демир Хисар се поврзуваат со релјефни, хидрографски и биогеографски објекти и вредности.

### 4.1.1. Релјефни атрактивности

Според податоците евидентирани и опишани во делот Природно географски карактеристики во областа Демир Хисар, како најзначајни објекти од релјефната структура се издвојуваат:

- маркантните планини и планински врвови кои ја тангираат областа Демир Хисар, како што се:
    - Планинскиот масив Илинска Планина и Бигла со врвовите Лиска (1908 m) и Штирни Камен (1864 m) на Илинска Планина; Сталев Камен (1998

m) и Вршник (1918 m) на Плакенска Планина; и Голем Камен (1656 m) на Бигла Планина,
  - Бушевата Планина со врвовите Стара Мусица (1789 m), Ѓолче (1780 m), Козјак (1764 m), Ручало (1664 m), Кркало (1602 m) и др..
  - Баба Сач со врвот Голем Сач (1698 m) и Лубен во централниот планински дел. со врвот Кафчал (1764 m),
  - Древеник со врвовите Кале (1494 m) и Стара Бука (1451 m),
- Флувијалниот релјеф претставен преку клисурестите долини на реките од кои најживописни се;
  - Клисурата кај с. Железнец со изворите на Црна Река;
  - Клисурата на Боишка Река,
  - Клисурата на реката Жаба,
  - Плавините на помалите притоки на Црна Река и
- Карстниот релјеф (површински и подземни карстни форми)
  - Церско Поле, најголемо карстно поле во Р. С. Македонија, како изразена површинска релјефна форма,
  - Шкрапи и вртачи во Церско Поле, на Љубен и Суво Поле,
  - Пештерата Пешна се наоѓа на десната страна од Брезовска Река околу 4 km северо западно од с.Брезово,
  - Пешрерата „Балтин“ кај с. Зашле
  - Пештерата „Еврејка‘‘ кај с.Доленци,
  - Пештерата „Змејова Дупка‘‘ кај с.Бабино;
  - Пештерата Буков Дол се наоѓа на 4 km источно од с.Цер,
  - Ристеа Пештера се наоѓа во близина на с.Железнец,
  - Сапотничка Пештера се наоѓа во близина на с.Сопотница во непосредна близина на изворите,
  - Цветкоа Пештера се наоѓа во близина на с.Доленци,
  - Пештерата Гољапеш се наоѓа во близина на с.Железнец,
  - Топлички пропаст, Златопропаст и други.

### 4.1.2. Хидрографски ресурси

Покарактеристични хидрографски објекти интересни од аспект на туризмот во во областа Демир Хисар се:

- Изворите на Црна Река кај населеното место Железнец. Изворите се лоцирани непосредно покрај регионалниот пат Битола-Демир Хисар-Кичево, така што се лесно пристапни и претставуваат своевидна атракција (како пример за извор) дотолку повеќе што се извори на најголемата притока на реката Вардар.
- Водите на самиот тек на Црна Река, кои во областа Демир Хисар (како чиста еколошка средина) се со висок квалитет (I и II класа) и можат да се користат како за одгледување така и за спортски риболовен туризам,
- Вештачките акумулации Стругово, Суводол 1 и Суводол 2 за развој на риболовен туризам;
- Водите на помалите речни текови кои се користат во валавичарскиот занает како раритет на државно ниво и други хидрографски атрактивности.

### 4.1.3. Биогеографски ресурси

Според климатско-вегетациската класификација на Филиповски и др. (1996), во регионот на Демир Хисар се развиваат неколку климазонални шумски заедници: шуми на плоскач и даб (ass. Quercetum frainetto-cerris macedonicum Oberd. Emend. Ht), шумата на дабот горун (ass. Orno-Quercetum petraeae Em), подгорската букова шума (ass. Festuco heterophyllae-Fagetum Em), горската букова шума (Calamintho grandiflorae-Fagetum Em), субалпската букова шума (ass. Fagetum subalpinum scardo-pindicum (Ht. Treg.) Em, како и поголем број азонални заедници.

По течението на Црна Река и нејзините притоки се наоѓаат состоини со крајречни шуми, изградени главно од евла (Alnus glutinosa). По пониските планински падини се развива тревеста вегетација на брдски пасишта на варовничка и силикатна подлога, додека највисоките делови од Илинска, Плакенска и Бигла Планина се покриени со вегетација на високопланински пасишта.

Според Директивата за живеалишта на ЕУ, со поголемо конзерваторско значење се следните типови живеалишта: 4060 Алпски и бореални вриштини, 6170 Алпски и субалпски варовнички пасишта, 6210 Полуприродни суви пасишта и џбунови, фациес на варовничка подлога, 6430 Заедници на хидрофилни високи рабни зелјести растенија во низини и од претпланинскиот до алпскиот појас, 8140 Источномедитерански варовнички точила, 8210 Варовнички карпести падини со hазмофитска вегетација, *91E0 Алувијални шуми со евла (Alnus glutinosa) и јасен (Fraxinus excelsior) и 91W0 Мезиски букови шуми. Од нив, живеалиштето на крајречни шуми со евла (91E0) има статус на приоритетно живеалиште.

Регионот е флористички исклучително богат, заради што одделни делови од регионот се приклучени кон две значајни растителни подрачја (ЗРП) – Илинска Планина и Баба Сач со Лубен. Од посебно значење овде се балканските ендемични таксони Sideritis scardica, Centaurea grbavacensis, Erodium guicciardii, Oxytropis purpurea и Geranium cinereum subsp. macedonicum var. liskensis. Растителното богатство е основа за поинтензивно собирање на шумски плодови – мов и лишаи, габи, различни видови чај (пред сè, засеклива трева, планински чај, крастечки чај), како и други видови плодови (глогинки, дренки, капини, малини, бобинки од смрека и друго).

## 4.2. Антропогени туристички ресурси

Областа Демир Хисар, покрај природно географски располага и со серија антропогени туристички ресурси кои можат да придонесат за развој на туризмот.. Тука се среќаваат голем број археолошки локалитети, културно-историски споменици, религиозни објекти, традиции, занаети, фолклор и т.н.

### 4.2.1. Археолошки локалитети

Иако подрачјето на општината е недоволно археолошки испитано, постојат локалитети од материјалната култура од предисторискиот период до денес.

Најголемиот дел од археолошките локалитети се од античкиот период и средновековниот период. На локалитетите постојат делови од населби, тврдини, некрополи, фрагментарна керамика и сл.

*Табела 33. Археолошки локалитети по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*

| Населено место | Споменици / Опис |
|---|---|
| Бабино | Бојано Лозје. Некропола од рано античко време. |
| | Вртешка. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Дуковска Крастица. Топилница од доцноантичко време. |
| | Црно Село. Населба и некропола од Среден век. |
| Базерник | Дупки. Рудник од доцноантичко време. |
| | Св.Атанас. Црква и некропола од Среден век. |
| | Селиште. Населба од Среден век. |
| | Средни Ливади. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Црквиште. Црква од Среден век. |
| | Превалец. Некропола од Среден век. |
| | Старо Село. Црква и населба од Среден век. |
| Белче | Гориче. Црква од старо христијанско време. |
| | Зад Корија. Населба од Среден век. |
| | Зарев Манастир. Црква од Среден век. |
| | Стари Анови. Населба од Среден век. |
| | Градиште. Градиште од доцноантичко време. |
| | Св.Атанас. Црква од Средниот век. |
| | Св.Петка. Црква од Средниот век. |
| Брезово | Габер. Црква од Средниот век. |
| | Каменец. Населба, некропола и топилница од доцноантичко време. |
| | Црквиште. Црква и некропола од Среден век. |
| | Средновековна кула. Кулата потекнува од 1530-та година и истата е конзервирана и заштитена од НУ Завод и Музеј Битола. |
| | Плоча. Некропола од доцноантичко време. |
| | Горна Црква. Населба, црква и некропола од Средниот век. |
| Велмевци | Беројци |
| | Меризим |
| Вирово | Гумниште Долно Вирово. Населба и црква од Средниот век. |
| | Св. Богородица. Населба, црква и некропола од Средниот век. |
| | Штеуни. Црква од средниот век. Доцноантички рударски јами |
| Големо Илино | Старо Село. Населба од Средниот век. |
| | Висои. Доцноантичка некропола. |
| | Градиште. Населба од хеленистичко и доцноантичко време. |
| | Присои. Населба и некропола од доцноантичко време. |
| | Св.Петка. Црква и некропола од Среден век. |
| Граиште | Градиште. Населба од рано античко и доцноантичко време. |
| | Превалец. Некропола од доцноантичко време. |
| | Св. Петка. Црква од Средниот век. |
| | Црквиште. Црква од старо христијанско време. |
| Доленци | Стари Куќи. Населба од Среден век. |
| Единаковци | Во Селото. Населба од доцноантичко време. |
| Жван | Градиште. Населба од доцноантичко време. |
| | Мајданиште. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Св. Арһангел Миһаил. Црква и некропола од Средниот век. |

| | |
|---|---|
| | Св.Илија. Остатоци од црква од Среден век. |
| | Селиште. Населба од доцноантичко време. |
| Железнец | Во Гарон. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Градиште. Населба од раноантичко време, опидум од доцноантичко време и средновековна тврдина. |
| | Даркојца. Населба од доцноантичко време. |
| | Спилје. Населба од доцноантичко време. |
| | Рурална целина на село Железнец. **Руралната средина на Железнец е заштитена како културно наследство од Министерство за култура** (со Националниот регистар од 31.12.2012 г.). |
| Журче | Бачилиште. Сакрален објект и некропола од доцноантичко време. |
| | Даблики. Населба и некропола од доцноантичко време. |
| | Љубов Камен. Населба од неолитот. |
| | Мартинец. Населба од Средниот век. |
| | Св.Илија. Црква и населба од Средниот век. |
| Загориче | Калуѓерска Река. Црква од Среден век. |
| | Куќиште. Населба од доцноантичко време. |
| Зашле | Јачмиште. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Дабовја. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Караиче. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Куќиште. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Кале. Населба од Средниот век |
| | На Куќишта. Некропола од доцноантичко време |
| | Старо Кочиште. Населба од Среден век |
| Кочиште | Грамаѓе. Населба и некропола од доцноантичко време. |
| | Манастириште. Сакрален објект од доцноантичко време. |
| | Ќерамидница. Населба од доцноантичко време. |
| Кутретино | Леска Св.Никола. Населба од Среден век. Осамен наод од римско време. |
| Лесково | Илиница. Остатоци од старата средновековна црква. |
| | Ѓурѓа. Остатоци од средновековна црква. |
| | Манастириште. Остатоци од средновековна црква. |
| Мало Илино | Во темелите на црква Св.Илија. Црква од средниот век (археолошко наоѓалиште). |
| | Граишта и Калец. Топилници од доцноантичко време. |
| | Св.Пречиста. Црква и некропола од средниот век. |
| Мренога | Бела Земја. Некропола од доцноантичко време. |
| | Боричино. Населба и некропола од римско време. |
| | Калуѓерица. Осамен наод од римско време. |
| | Грнчари. Населба, некропола и топилница од доцноантичко време. |
| | Средно Селиште. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| Ново Село | Над црквата. Црква од Средниот век. |
| | Видрауци. Населба и некропола од Средниот век. |
| | Над селото. Населба, црква и некропола од Средниот век. |
| | Ракински Дол. Населба и некропола од Средниот век. |
| Обедник | Стара Корија. Црква од Средниот век. |
| | Сува Река. Сакрален објект и некропола од доцноантичко време. |
| | Кале. Населба од доцноантичко време и Среден век. |
| | Сува Река. Населба и топилница од доцноантичко време. |
| | Влашки гробишта. **Локалитетот е заштитен како културно наследство од Министерство за култура** (со Националниот регистар од 31.12.2012 година). |
| Прибилци | Над Селото. Црква и некропола од среден век. |
| | Самоникојоца. Топилница од доцноантичко време. |
| | Стара Раслојца. Средновековна населба. |
| | Старо Село. Населба и некропола од Среден век. |

| | |
|---|---|
| Радово | Грамаѓе. Населба, некропола и рудник од римско време. |
| | Клаинец. Некропола од Средниот век. |
| | Краста. Некропола од Средниот век |
| | Манастириште. Црква од Средниот век. |
| Растојца | Старохристијанска базилика. |
| | Гумниште. Утврдување од Средниот век. |
| | Кула. Рудник од Средниот век. |
| | Млаки Грмаѓи. Некропола од Средниот век. |
| | Над Сопатот. Некропола од доцноантичко време. |
| | Синоец |
| Света | Стари Гробишта. Црква и некропола од Средниот век. |
| | Широка леска. Населба и некропола од Среден век. |
| Сладуево | Светец. Населба и некропола од Средниот век. |
| Слепче | Грамаѓе. Населба од хеленистичко време. |
| | Горна Куќа. Населба од Средниот век. |
| | Добромирово. Црква и некропола од Средниот век. |
| Слоештица | Заврток. Населба од доцноантичко време. |
| | Валавици на Бела Река. Слоештица е познато по легендата за Александар III Национални, која вели дека во близина на селото постои карпест предел каде постојат отисоци од копитата на коњаницата на војсководецот. |

Извор: МАНУ, Музеј на Македонија – Археолошки оддел (1994), Археолошка карта на Република Македонија, Том 1, Скопје.
МАНУ, Музеј на Македонија – Археолошки оддел (1996), Археолошка карта на Република Македонија, Том 2, Скопје.
МАНУ, Музеј на Македонија – Археолошки оддел (2001), Археолошка карта на Република Македонија, Том 3, Скопје.

Од големиот број археолошки локалитети, најмаркантни се локалитетите во селата Граиште, Жван, Железнец, Зашле и Обедник.

### 4.2.2. Културно-историски споменици

Покрај останатите големо значење за развој на туризмот во општина Демир Хисар има културно – историското наследство во општината (недоволно истражено, слабо заштитено и недоволно афирмирано).

Според временската класификација најзастапени се споменициите од средновековниот и турскиот период. На подрачјето на општината во повеќе населени места постојат споменици кои се ставени под заштита на Републичкиот завод за заштита на споменициите од културата што може да се види од табеларниот преглед.

*Табела 34. Споменични објекти и нивни карактеристики по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*

| Насе. место | Споменик / Опис |
|---|---|
| Бараково | Споменик од НОБ |
| Бабино | Споменик на паднати борци во НОБ и Илинденско востание<br>Споменикот е лоциран во центарот на селото. |
| Бараково | Споменик во чест на паднатите борци на НОВ |
| Боиште | Споменик во чест на паднатите борци на НОВ |
| Брезово | Споменик во чест на Сотир Војводата |
| | Споменик во чест на Костадин Војводата Капиданот |

| | |
|---|---|
| | Средновековна кула. Кулата потекнува од 1530-та година и истата е конзервирана и заштитена од НУ Завод и Музеј Битола. |
| Вардино | Споменик во чест на паднатите борци на НОВ |
| Велмевци | Беројци |
| | Меризим |
| | Вечното почивалиште и спомен плоча на Јордан Пиперката |
| | Споменик на народниот херој Јанкула Јосифоски |
| Вирово | Споменик во чест на паднатите борци Илинденското востание и НОБ |
| | Штрковски Валавници. Стопанска целина, стопански објекти - валавици **Објектите се заштитени како културно наследство од Министерство за култура** (со националниот регистар од 31.12.2012 година). |
| Жван | Споменик на паднатите борци во Илинденското востание и НОБ |
| Железнец | Споменик на паднатите борци во НОБ |
| | Рурална целина на село Железнец. **Руралната средина на Железнец е заштитена како културно наследство од Министерство за култура** (со Националниот регистар од 31.12.2012 г.). |
| Журче | Споменик на паднатите борци во НОВ |
| Загориче | Во близина на Загориче и село Утово има споменик на паднатиот борец во НОБ – Стојко Огненовски. |
| Зашле | Споменик на паднатите борци во НОБ |
| Лесково | Споменик во чест на паднатите борци во НОБ |
| Ново Село | Споменик во чест на паднатите борци Ванчо Н. Блажески, Јордан К. Трајковски и Борис В. Христовски |
| | Влашки гробишта. **Локалитетот е заштитен како културно наследство од Министерство за култура** (со Националниот регистар од 31.12.2012 година). |
| Радово | Споменик на паднатите борци во НОБ |
| Ракитница | Споменикот на војводата Веле Марков во с.Ракитница |
| | Споменик на паднатите борци во НОБ |
| Растојца | Споменик на паднатите борци во НОБ |
| Слоештица | Споменик на паднатите борци во НОБ |
| | Валавици на Бела Река. Слоештица е познато по легендата за Александар III Национални, која вели дека во близина на селото постои карпест предел каде постојат отисоци од копитата на коњаницата на војсководецот. |
| | Спомен собата на Петре М.Андреевски. Музеј под отворено небо. |
| Смилево | Споменик во чест на војводата Дамјан Груев |
| | Спомен куќа каде е одржан Смилевскиот конгрес во мај 1903 година. |
| | Споменик во чест на паднатите Илинденци. |
| | Споменик во чест на паднатите борци во НОБ. |
| | Историска целина. **Селото е заштитено како културно наследство од Министерство за култура** (со националниот регистар од 31.12.2012 година). |
| Сопотница | Споменик во чест на паднатите борци во НОБ од с. Сопотница. |
| Утово | Споменик во чест на паднатите борци во НОВ и револуцијата од с. Удово. |

Извор: Џебен информатор / туристички водич 2015. Општина Демир Хисар https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html

Од наведените споменици на културата и историски споменици посебно важни и заштитени со закон се: Манастирот „Св.Јован Претеча“; Амбар - манастирот „Св.Атанасие Александриски“; археолошкиот локалитет „Влашки гробишта“;Смилево, како историска целина; Валавниците во с. Вирово и с. Железнец како целина.

### 4.2.3. Музеи, библиотеки и галерии

По повод сто годишнината од Смилевскиот конгрес и Илинденското востание, во с. Смилево изграден е Меморијалниот музеј “Смилевски конгрес“.

Покрај сите претходно наброени, еден од позначајните објекти од нашата современост, кој меѓудругото придонесува за развој на туризмот е библиотеката „Ал-Би‘‘, во с.Бабино. Таа е најголема приватна библиотека не само во Р. Македонија, туку и во поширокиот регион. Основана е и за прв пат се споменува уште во далечната 1882 г., а во 2004 г. е регистрирана како прва приватна библиотека во чиј состав има амфитеатар и етнолошка поставка.

Оваа библиотека располага со библиотечен фонд од над 20000 наслови, а во неа се чуваат првиот отпечатен примерок на Националниот правопис, дел од првите изданија на класиците на светската книжевност, книги со неутврдена старост и место на печатење, ракописи на најзначајните Национални изданија како што е оригиналот на „Волшебното самарче‘‘, изданија на книги што се печатени во тираж помал од 200 примероци, забранувани и конфискувани книги, книги кои се одликуваат со своето техничко и естетско обликување итн. (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).



*Слика 21. Библиотеката „Ал-Би‘‘ во с. Бабино (фото: Т.Калески, 2013),*

Сето ова придонесува оваа библиотека да претставува туристички магнет, која годишно ја посетуваат повеќе од 3500 посетители не само од Р.Македонија туку и од многу далечни земји во светот.

Во Демир Хисар познато е Арт студиото „В.В.Гог“ на Љубе Неделковски - Бобек, познат сликар. Неговите слики се наоѓаат во многу институции, галерии и приватни колекции низ целиот свет.

### 4.2.4. Религиски објекти

Религиозните објекти на територијата на општината Демир Хисар се застапени во поголем број. Меѓу нив, се наоѓаат и такви кои се одликуваат со позабележително значење. Во продолжение се прикажани сите религиозни објекти во општината класифицирани по населени места, а за посебно значајните и туристички атрактивни религиски објекти е направен подетален

осврт во врска со нивната локација, време на изградба, врескоживопис и други карактеристики.

*Табела 35. Приказ на религиски објекти и нивните карактеристики, по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*

| Населено место | Религиозен објект / Опис |
|---|---|
| Бабино | Црква Св. Никола. Црквата е градена во 1858 година, а фрескоживописот бил завршен во 1888 година. |
| | Топлички манастир – црква Свети Никола. Според написот на западниот ѕид на влезот, црквата е живописана во 1537 година од зографот Димитар од с. Леуново. Во текот на XVI век црквата била срушена и повторно изградена. Црквата претставува еднокорабна градба ѕидана со кршен камен. Фреско-живописот во црквата е целосно сочуван. Конаците се разурнати. |
| Базерник | Црква Св. Атанасиј. Црквата е живописана во 1891-1895 година..Во темелите на црквата има остатоци од средновековна црква и некропола. |
| Бараково | Црква Св. Богородица. Изградена е во 1942 година. |
| Белче | Црква Св. Никола. Изградена е во 1925 година. |
| Боиште | Црква Св. Петка. Релативно нова црква, која не е живописана. |
| | Црква Св. Ѓорѓи. Почнала да се гради во 1850-та година. Фрескоживописот датира од 1878 година, а го има само на северниот и јужниот ѕид. |
| | Црква Св. Илија. Според начинот на градба и иконографските карактеристики на живописот, црквата датира од XVII век. |
| | Црква Св. Ѓорѓи. Според натписот над влезната врата, црквата е градена во 1835-та, а обновена 1888 година. Живописана е од зограф Анастас од Крушево. |
| Вардино | Манастир Св. Тома (Шути манастир). Се наоѓа во планинското подрачје помеѓу селата Вардино и Мургашево. Според основата и начинот на градењето се претпоставува дека црквата е изградена во периодот од 15 и 16 век. |
| | Црква Св. Никола. Црквата е живописана само на дрвениот свод, односно на таванот од штици. Потекнува од XIX век. |
| | Црква Св. Константин и Елена. Манастирска црква, изградена на темелите на стара црква. Во тек е изградба на конаци. |
| Велмевци | Црква Св. Илија. Изградена е во 1838-ма, а иконостасот е изработен во 1873/4 г. |
| | Црква Св. Богородица. Градена е во XVII век, иконостас изработен во 1875 година. |
| | Црква Св. Петка. Градена во 1999 година., а осветена во 2000-та година. |
| | Параклис Св. Марина. Изградена во 2006 година. |
| Вирово | Црква Св. Никола Мириклијски – Св. Талалеј. Црквата не е живописана. Иконостасот датира од XIX век. Според записот на претставата на Арһангел Миһаил црквата е изградена во 1878-ма. |
| | Манастир Св. Никола. Црквата е изградена во 1999 година. |
| | Манастир Св. Петка |
| Големо Илино | Црква Св. Петка. Црквата е изградена 1874 година. |
| | Црква Св. Никола. Според написот на јужниот ѕид, црквата е изградена во 1824 година, а живописана во 1896 година од зограф Серафим. |
| | Манастир Св. Илија. Изграден е во 1990-та година. Во дворот на манастирот има конаци отворени за посетители. |
| Граиште | Црква Св. Леонтие. Изградена е во 1927-ма година на темелите на стар христијански објект. |
| Демир Хисар | Црква Св. Никола. Релативно нова црква. |
| Доленци | Црква Успение на Пресвета Богородица. Почетоците на градбата биле во 1851 на темели на стара црква. Дел од ѕидовите на црквата се живописани. |
| | Црква Св. Богородица. Нова црква. |
| Единаковци | Црква Св. Николај. Изградена и живописана во 1884-та година од зографот Коста Анастасов од Крушево. |

| | |
|---|---|
| Жван | Црква Св. Димитрија (Латинска црква). Црквата е изградена и живописана 1634 година. **Црквата е заштитена како културно наследство од Министерство за култура** (со националниот регистар од 31.12.2012 година). |
| | Црква Св. Петка. Според градбата и сочуваниот фрескоживопис, црквата е изградена во првата половина на XVII век. **Црквата е заштитена како културно наследство од Министерство за култура** (со националниот регистар од 31.12.2012 година). |
| Железнец | Црква Св. Богородица. Изградена е во 1852 година. |
| Журче | Црква Усп. на прсв. Богородица. Црквата е живописана во 1885-та година од зограф Никола од Крушево. |
| | Манастир Св. Атанасиј Александриски (Журечки манастир). Александриската црква е подигната во 1121 година и целосно живописана е во 1617-та. Тремот е обновен и насликан со фрески во 1622 година. **Манастирот е заштитен како културно наследство од Министерство за култура** (со националниот регистар од 31.12.2012 година). |
| | Црква Св. Илија. Изградена е во 1976 година. |
| Загориче | Црква Св. Николај Мираклијски. Заедничка црква со село Утово. Според написот над вратата на јужниот ѕид, црквата е живописана во 1885 година од зографите Никола и Вангел од Крупево. |
| Зашле | Црква Св. Илија. Црквата е изградена и живописана околу 1888 г. Се карактеризира по покривот од камени плочи и долгиот трем. |
| | Манастирска црква Св. Ѓорѓи. Изграден е во 1873 година. Кај народот е познат како Зашлевски манастир. |
| Кочиште | Црква Св. Никола. Изградена при крајот на XIX век |
| Кутретино | Црква Св. Константин и Елена. Главна селска црква изградена во поново време. |
| Лесково | Црква Св. Илија. Изградена е при крајот на XIX век, а обновена во 1980 година. |
| Мало Илино | Црква Св. Илија. Изградена е при крајот на XIX век врз темелите на стара црква. Во темелите на црквата се наоѓа средновековно археолошко наоѓалиште |
| | Црква Воведение на Пресвета Богородица. Изградена е во 1974 г. Во темелите на црквата се наоѓа средновековното археолошко наоѓалиште Св. Пречиста. |
| Мренога | Црква Св. Спас. Средновековна црква, која најверојатно била изградена помеѓу XIV и XVI век. |
| Ново Село | Црква Св. Арhангел Миhаил. Црква од XIX век со релативно нов живопис. |
| Обедник | Црква Успение на Пресвета Богородица. Изградена е во 1974 година. |
| Прибилци | Црква Успение на Пресвета Богородица. Релативно нова црква (изградена во 1973). |
| Радово | Црква Св. Арhангел Миhаил. Изградена е во 1856-та г., а живописана во 1875-та г. |
| Ракитница | Црква Св. Димитриј. Изградена меѓу XVI и XVII век. Во дворот на црквата се наоѓа гробот на војводата Веле Марков. |
| Растојца | Црква Пресвета Богородица. Изградена во 1874-та година. Градбата на црквата има правоаголна основа. Камбанаријата се наоѓа непосредно од левата страна на влезот во дворот од црквата. |
| Света | Црква Св. Петка. Изградена во 1970-та година врз темелите на стара црква. |
| | Црква Св. Пантелејмон. Изградена во периодот 1905-1910-та година. |
| Сладуево | Црква Св. Илија. Изградбата е започната во 2007 со донации на иселеници од селото, сеуште е во градба. |
| Слепче | **Манастир Св.Јован Претеча, Слепче.** Се претпоставува дека е изграден во 1010-та година. Црквата е изградена во 1862-ра г., на местото на старата голема и живописана црква. **Манастирот е заштитен како културно наследство од Министерство за култура** (со националниот регистар од 31.12.2012 г.) |
| | Црква Св. Јован Богослов. Позната е уште како Црква Св. Николај Мираклијски Чудотворец. Изградена е во 1864 г. на темели од стара црква. Според натписот на влезот на јужната страна, фрескоживописот е изработен во 1884 год. од зограф Никола Анастасов од Крушево. |
| | Црква Св. Јован Теолог (Стара црква). Според написот во црквата, таа датира од 1627 г. Во основа претставува мала еднокорабна градба, покриена со полукружен свод. |
| | Манастир Добромирово-посветен на Пресвета Богородица Балаклија. Според |

| | |
|---|---|
| | археолошките наоѓалишта тука постоела црква од Средниот век. Според легендите, манастирот „Добромирово“ е поврзан со војсководецот Добромир (Самоиловата војска). Во неговите конаци престојувале и владетелите Добромир Хрс и Добромир Стрез. По нивното име манастирот го добил називот „Добромирово“. Во непосредна близина на комплексот се изградени нови конаци за посетители. |
| Слоештица | Св. Атанасиј (селска гробјанска црква). Потекнува од поствизантискиот период. Во дворот на црквата се наоѓа гробот на Петре М. Андреевски. **Црквата е заштитена како културно наследство од Министерство за култура** (со националниот регистар од 31.12.2012 г. |
| | Црква Пресвета Богородица. Главна селска црква. Изградена во 1908-ма година. Живописана е во 1924-та г. |
| | Манастир Св. Ѓорѓи |
| Смилево | Црква Св. Ѓорѓи. Изградена во 1911 год и е прилично голема. Во основа претставува трикорабна градба со полукружен дрвен централен свод и покриени странични бродови. |
| | Манастир Св. Петар и Павле (Смилевски манастир). Новата манастирска црква е изградена во 1983/4 година врз стари темели на црква која била изградена во средината на XIX век. |
| Сопотница | Црква Св. Никола. Претставува еднокорабна градба, покриена со полукружен свод, изградена во 1874 година. |
| Стругово | Црква Св. Атанасиј Велики. Претставува трикорабна црква со петто страна апсида изградена и живописана кон крајот на XIX век. |
| | Манастир посветен на Св. Антониј. Релативно нов објект и во негова близина има конаци. |
| Суво Грло | Црква Св. Атанасиј Велики. Претставува еднокорабна градба со полукружен низок свод и полукружна апсида без прозор, изградена е во 1886 година. |
| | Црква Рожденство на Пресвета Богородица. Релативно нова градба. |
| Суводол | Црква Св. Константин и Елена. Храмот е изграден околу 1830-та и посветен е на младиот крал Константин и неговата мајка Елена. Фасадите се малтерисании и обоени се окер боја. На западната страна има трем. Црквата не е живописана. |
| | Манастир посветен на Св. Богородица. Црквата е една од најстарите на овие простори, но била оставена и пропаѓала, се до последното возобновување пред неколку години. |
| Утово | Црква Св. Никола. Претставува релативно нова градба. |
| Церово | Црква Св. Илија. Подигната е во 1875 г. Претставува еднокорабна градба покриена со дрвен свод. Има полукружна апсида со мало прозорче. Ѕидана е со кршен камен. |

Извор: Мојсов К. 1993
https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html)

**Манастирот „Св. Јован Претеча“ кај Слепче**

*Локација.* Манастирот Слепче со црквата посветена на Св. Јован Претеча се наоѓа на околу 3 km западно над населеното место Слепче. Завиткан во столетна дабова шума, манастирот „Св. Јован Претеча“ е еден од најголемите и добро сочувани манастирски комплекси во Р. Македонија. Манастирскиот комплекс со црквата се подигнати на падините на планината „Илиница“ (разгранок на Бигла Планина).

*Историја*. Подигнат е во 1393 г. според најстариот пишан документ, кога во манастирот е препишан еден триод на словенски јазик. Но, првпат конкретно манастирот се споменува во 1543 година, во едно писмо на протопопот Лука.

*Културно-просветна дејност*. Манастирот бил културно - просветен центар, каде што се подготвувале свештеници и учители на словено - Национални јазик. Историјата, манастирот го памети и како центар во кој постоела уметничка резбарска школа.

Во него имало развиена препишувачка школа, каде се препишувале богослужбени книги на црковно-словенски јазик. Јеромонахот Пахомије го препишал минејот за месец јуни во 1547 година, а истата година јеромонахот

Висарион од дебарско, вршел препис на “Поученијата на Кирил Јерусалимски” на македонско-словенски јазик. Препишувањето продолжило и во 1546, 1549 и 1553 година (Мојсов К. 1993).

*Фрескоживописот.* Од сочуваните стари уметнички предмети, со својата вредност посебно се важни “Големиот крст со распнатиот Христос” од XVI век, “Царските двери” и певниците изработени во копаница. Посебно се вредни двете врати, изработени во плитка резба со фигури и мотив плетенка (тие се наоѓаат во Уметничката галерија во Скопје).

*Конаци.* На источната и западната страна од манастирската црква се наоѓаат старите конаци кои неодамна се целосно реконструирани и обновени во изворен автентичен и оригинален изглед и форма. Дрвените конструкции се изработени од дабово дрво од богатиот манастирски шумски фонд.



*Слика 22. Манастир „Св.Јован Претеча“ (фото: Т.Калевски, 2013),*

*Природни убавини.* Манастирот располага со голем земјишен фонд и развиена манастирска економија. Неговото природно опкружување е богато со манастирска дабова и букова шума и разновидни ендемични растителни видови, како и со ливади кои нудат одлични услови за рекреација, пешачење во природа, лов, собирање на шумски плодови и планинарење. (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html)

**Манастир „Св. Атанасиј Александриски кај с. Журче**

*Локација.* Манастирскиот комплекс и црквата Св. Атанасиј Александриски се наоѓаат во североисточниот дел на територијата на општината Демир Хисар, во атарот и непосредно над селото Журче (во непосредна близина на регионалниот пат за Крушево). Селото Журче, од општинскиот центар Демир Хисар е оддалечено 10 km. Селото е лоцирано веднаш на десната страна од регионалниот пат Демир Хисар - Крушево. До manастирот води современ асфалтен пат. Комплексот е подигнат на падините на планинскиот масив.

*Историја.* Првата манастирска црква е подигната во 1122 година. Овој податок е публикуван во генеалошкиот труд на Борис Дамевски Журче-

деветстотони години словенска населба, а е потврден во 1935 година кога манастирскиот старешина во Белград вадел тапија за шумата што му припаѓа.

*Културно-просветна дејност.* Во конаците на манастирот постоела и работела библиотека во која што свештениците пишувале, преведувале и создавале богослужбени дела. Библиотеката едновремено била и училиште каде што учеле ученици од селото Журче и околните села. Од некогашната библиотека, во манастирот се сочувани мал број ракописи и книги. Меѓу најстарите се Апостолски читанија издадена во Цариград во 1870 година и Минеј за месец октомври, издадена во Киев во 1891 година (Мојсов К. 1993).

*Фрескоживопис.* Манастирот има отворен живописан трем што ретко може да се види во другите манастири од овој период. Според текстот напишан во тремот, се гледа дека е зографисан во 1622 г. На него се поставени ликовите на словенските светители Јован Рилски и Јоаким Осоговски и илустрациите на календарските месеци со прикази на најкарактеристичните дејства во секој од месеците. (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html)

**Манастир „Св. Никола Топлички“ кај Жван-Слоештица**

*Локација.* Топличкиот манастир со црквата посветена на Св. Никола се наоѓа во подножјето на Плакенска Планина, односно, меѓу селата Жван, Бабино и Слоештица, во месноста „Топлица“. Топонимот „Топлица“ оваа месност го добила заради карактеристичната географска местоположба. Местото е оградено од сите страни со планини и густа шума и е заштитено од ветрови и студови. Зимите биле благи и топли.

*Историја.* Се претпоставува, дека првобитната црква на Топличкиот манастир била подигната во XIV век. Градена била од камен и кал, а зачуван е само еден ѕид и влезот на црквата од западната страна, како и дел од камени плочи што се поставени на подот од средишниот дел на црквата.

*Културно-просветна дејност.* Манастирот бил не само религиозен, ами и културно-просветен и книжевен центар. Низ вековите во овој манастир се одвивала плодна книжевна дејност, препишувачка, преведувачка и оригинална книжевна дејност. Свои записи оставил само книжевникот Макарија Топлички. За жал, за себе тој не оставил никакви позначајни податоци.

*Фрескоживопис.* Живописот во основниот дел го изработил зографот Јован во 1536/37 година. Во олтарната апсида е насликана композицијата „Служба на архиереите“, фрагментарно зачувана сцена од „Христовите исцелувања“ и „Визија на Св. Петар Александриски“ (Мојсов К. 1993).

*Конаци.* По примерот на најзначајните средновековни духовни светилишта, манастирскиот киомплекс на „Топличкиот Манастир“ имал конаци. Во него биле сместени библиотеката и учиштето. Меѓутоа заради повеќе вековното отсуство на човечка грижа, тие се распаднале, срушиле и денеска не постојат (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

**Црква „Св. Јован Богослов“ кај Слепченскиот манастир**

На околу 200 m над Слепчанскиот манастир, во 1617 г. била подигната црквата посветена на Свети Јован Богослов, денес меѓу народот позната како црква „Св. Никола“. Претставува еднокорабна градба со скромни димензии и живопис, настанат десет години по нејзиното градење, односно во 1627 година. Зографот е непознат, но се претпоставува дека бил еден од монасите од слепченскиот манастир кои се занимавале со иконопис и живопис. Во внатрешноста на црквата се забележува дрвен иконопис на кој е поставен

големиот крст со претстава на распнат Исус Христос, крст за кој науката претпоставува дека потекнува од XVI век (Мојсов К. 1993).

По својата уметничка вредност, од оваа црква можат да се издвојат насликаните композиции „Деизис“ „Успение Богородично“, „Свети Лука го слика ликот на света Богородица со Христа“, како и иконата на Св. Богородица Троерачица од 1627 г. (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

**Манастир „Св. Апостол Тома“**

Манастирот “Св. Тома” е во манастирите од локален карактер. Тој бил разрушен во XVIII век, а возобновен во 2002 година. Подигнат е на старите темели, со основа во форма на четирилисна детелина. Самата градба зборува дека спаѓа меѓу најстарите манастирски цркви во Демирхисарско и Македонија. Ваква градба е вистинска реткост. Од неговиот двор како на дланка се гледаат демирхисарските села и полето. Благодарение на еден запис на фрагмент од служебен минеј за месец септември од XVI век, се открива книжевната дејност во овој манастир. Книжевникот Спиридон учел, живеел и творел во манастирот кон крајот на XVI и почетокот на XVII век, во манастирската библиотека, која била сместена во една просторија од конаците кои го опкружувале манастирот (Мојсов К. 1993; https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

**Манастир „Св. Петар и Павле“ кај Смилево**

На воздушна линија од само околу еден километер од Смилево, или десетина километри неасфалтиран пат, североисточно од селото, во смилевската корија, опкружен со столетна шума и во препознатлив песнопоен амбиент, се наоѓа манастирот “Свети Петар и Павле”.

Се претпоставува дека е стар повеќе од 150 години и се вбројува во нашите најпознати културно-историски споменици. Меѓутоа заради отсуството и негрижа, старата манастирска црква подолго време била препуштена на забот на времето и од неа останале само руини.

Според сеќавањата на постарите смилевци, во манастирот, целиот живот го поминал Егуменот Петре чија што предсмртна желба била, тука да се изгради нова манастирска црква. И така, во 80-те години од 20-ти век, во манастирскиот комплекс, вредните смилевски неимари ја започнаа изградбата на конаците, како и возобновувањето на манастирската црква, со што е исполнета исконската желба на смилевци, но и аманетот на егуменот Петар.

Манастирот “Свети Петар” е составен дел од историското минато на Смилево, но и составен и неразделен дел од смилевското катадневие и роднокрајните смилевци кои останале во селото, но и на оние кои поради разни причини го напуштиле и се преселиле во градовите или во други земји (Мојсов К. 1993; https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

**Црква „Св. Димитрија“ (Латинска црква) кај Жван**

Во близина на селото Жван, покрај патот Битола - Кичево, е црквата посветена на Свети Димитрија, меѓу народот позната како „латинска црква“.

Црквата е изградена и живописана 1624 г. Архитектонски претставува еднокорабна засводена градба со мали димензии. Внатрешноста крие траги од живопис работен од непознат, но особено талентиран зограф кој умеел да ги обликува формите, со успешни комбинации од неколку основни бои (Мојсов К. 1993; https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

### 4.2.5. Настани и манифестации

На територијата на општина Демир Хисар во текот на годината се одржуваат серија на настани и манифестации поврзани со верските празници, историски настани и културно спортски манифестации. Нивниот број, според време и место на одржување е евидентиран низ податоците во табелата, а за покарактеристичните манифестации и настани е даден и краток опис.

*Табела 36. Приказ на Манифестациите и нивните карактеристики, по населени места во рамките на Општина Демир Хисар*

| Населено место | Манифестација / Опис | Време на одржување |
|---|---|---|
| Брезово | Брезовски културни средби | 2 август |
| Велмевци | Чествување по повод годишнина од смртта на Јордан Пиперката | 10 август (1903) |
| Големо Илино | Илински средби. Во дворот на манастирот св. Илија | 2 август |
| Демир Хисар | Традиционално чествување на „Иванден“ | 7 јули |
| | Имenденско чествување за Петре М. Андреевски | 12 јули |
| | Хуманитарен меѓу институционален турнир во мал фудбал, Демир Хисар, | Март/април |
| | Меѓународен ден на детската литература | 2 април |
| | Традиционален велигденски базар | На Велигден |
| | Велигденска фолклорна средба | На Велигден |
| | Рок хепенинг | по 15-ти август |
| | „ДЕТСКИ НОВОГОДИШЕН ХЕПЕНИНГ“ | 31 декември |
| | Ден на општината | 2 септември |
| | ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА - ПРАЗНИЧЕН ХЕПЕНИНГ | 8 септември |
| Растојца | Илинденски срцекази | 2 август |
| Слепче | Поетска манифестација Славко Крстевски. Во рамките на манастирскиот комплекс Св. Јован Претеча, а во организација на Општина Демир Хисар и МК | Втора половина на јуни |
| | Демирхисарска летна школа. Во рамките на манастирскиот комплекс Св. Јован Претеча | 7-14 јули |
| | Чествување по повод годишнината од свети кипријановата погибија | На Велигден |
| | Годишнина од формирањето на с. Слепче и од смртта на Цар Самоил | 6 октомври |
| | Меморијален турнир во мал фудбал „Валентин Стефановски” | Ноември |
| | Меѓународен симпозиум во манастирот Свети Јован Претеча и почеток на Демирхисарско културно лето | 5 - 7 мај |
| | Традиционално чествување на „Иванден“ | 7 јули |
| Слоештица | „Славење на пирејот“ во спомен на писателот Петре М. Андреевски | 28 август |
| | Ликовна колонија “Art Point - Gumno” | Септ./октомври |
| Смилево | Денови на Смилевскиот конгрес | 2-7 мај |
| | „Петровден“. Голем народен собир во Манастирот „Св. Петар“ по повод на верскиот празник Св. Петар и Павле | 12-13 јули |
| | Илинден. – Прослава во с. Смилево. Марш во чест на Смилевските илинденци, востанички ручек и Панихида за Даме Груев | 2 август |
| | Чествување во с. Смилево ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА | 23 октомври |
| Суводол | Манастирско поетско ехо. Се одржува во дворот на манастирот Св. Богородица | 25-30 август |

Извор:(Извор: https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html)

Најпознати јавни манифестации се: Денови на Смилевскиот конгрес, Меѓународниот симпозиум во манастирот Свети Јован Претеча во рамки на Демирхисарското културно лето, Традиционалното чествување на „Иванден“, , Илинденската прослава во с. Смилево со Марш во чест на Смилевските илинденци, востанички ручек и Панихида за Даме Груев, Чествувањето во с. Смилево по повод Денот на Македонската револуционерна борба, Имендденското чествување за Петре М. Андреевски и други.

Во Демир Хисар секое семејство, со богат духовен живот прославува поголем дел од верските христијански православни празници. Најчести слави се празникот Илинден и Св. Никола. На Илинден во селото Смилево се одржува општонароден собир под покровителство на општината.

Од зимските празници посебно се празнува Василица, еден од најбучните, највозбудливите и највеселите празници во Демир Хисар. Богатството на овој празник го прават “бабарите“, маскирани машки лица во невеста, зет, мечкар, мечка и др. Бабарската група ја следат деца и повозросни и претствува вистинска атракција. Најкарактеристични се бабарите во с.Слоештица, с.Базерник, с.Жван и с.Големо Илино.

**Од сверата на Сценските уметности во** Домот на културата “Илинден“ во Демир Хисар се случуваат повеќе културни настани и во негов состав работат:

- аматерско драмско студио (од 2000 година), со 30 тина членови, кое на сцената има поставено повеќе претстави.
- Фолклорниот ансамбл „Илинден“, кој има мала, средна и голема група и сопствен оркестар со вкупно 150 членови. Ансамблот е формиран 1993 г. Со него работаат три кореографи како надворешни соработници. На репертоарот на фолклорниот ансамбл во моментот има 10 кореографии.
- литературниот клуб „Изгрев“. Денес клубот брои околу 40 членови и со тенденција да се зголемува, бидејќи има голем интерес кај младите луѓе во Демир Хисар, особено учениците и студентите. Членовите на овој клуб повеќе пати во годината учествуваатна Културните манифестации и на многу други настани ги презентираат своите литературни творби.

### 4.2.6. Традиции, занаети и фолклор

Во Р. Македонија, како целина многу карактерситични се традициите, занаетите, фолклорот и националната кујна. Тие, традиционално се присутни во туристичката понуда, кои во последните години сé повеќе од пропратен елемент, така што добиваат значење на основен атрактивен производ.

Општината Демир Хисар е поврзана со низа од посебно карактеристични занаети, традиционални производи и кујна. Постојат многу стари занаети, кои се уште се негуваат во селата низ општината. Такви се:

- Валавниците во с.Вирово и с.Слоештица како традиционален начин на валање, бојадисување и перење на волнени производи;
- традиционалното ткаење на волнени јамболии,
- рачната изработка на волнени килими,
- ковачкиот занает,
- традиционалното производство на ќумур,
- правењето на вар,

- изработката на домашни ракотворби со народни мотиви од регионот,
- рачната изработка на дрвени и плетени производи,
- резбарството (најчесто во манастирите),
- ѕидарството (познати се Смилевските ѕидари)
- казарниците за варење на домашна ракија,
- изработката на бочви и каци.



*Слика 23. Валавница во с.Вирово (фото: Т.Калески, 2013),*



*Сл.24 Традиционално производство на ќумур во с.Вирово (фото: Т.Калески,2013),*

 

*Слика 25. Варџилници за правење на вар во с. Зашле,*
*(фото: Т.Калески, 2014, Бл.Маркоски, 2017)*

Во областа Демир Хисар има долга традиција за кулинарски вредности, како мешавина од ориенталната и европската кујна. Се среќаваат специјалитетите: зелник, бакрданик со пршки, печени пиперки на различни начини, печено месо на ќумур, речна пастрмка, кисела зелка, и многу други, како и јадења кои се одомаќени низ ресторанite во Р. Македонија, тавче гравче, шопска салата, селско месо и секако ајвар.

## 4.2.7. Сместувачки капацитети

Покрај претходно споменатите фактори за развој на туризмот неопходни се и сместувачките и угостителските капацитети. Нивниот обем и квалитет има директно влијание врз обемот и структурата на туристичкиот промет. Денес во рамките на општината Демир Хисар функционираат:

- Хотелот „Младост" со 14 соби односно 42 легла (вон функција);
- Мотелот „Чичко Таљо" со 7 соби односно 14 легла;
- Мотелот „Европа" со 13 соби односно 26 легла;
- Мотелот „Дезерто" со 5 соби односно 13 легла (вон функција);
- Манстирскиот комплекс „Св.Илија" кај с.Големо Илино со 26 легла;

Се констатира дека во општина Демир Хисар фондот на сместувачки капацитети е релативно мал и од পониска категорија.

*Табела 37. Број на туристи во општина Демир Хисар*
*во периодот 1998 – 2002 г.*

| Година | Туристи | | | Ноќевања | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Домашни | Странски | Вкупно | Домашни | Странски |
| **1998** | 179 | 147 | 32 | 447 | 306 | 141 |
| **1999** | 89 | 68 | 21 | 283 | 108 | 175 |
| **2000** | 256 | 216 | 40 | 690 | 576 | 114 |
| **2001** | 65 | 63 | 2 | 90 | 83 | 7 |
| **2002** | 74 | 53 | 21 | 321 | 134 | 187 |

Напомена: После 2002 г. не се води статистичка евиденција за бројот на туристи и ноќевања во сметувачките капацитети во општината.

Бројот на туристи и ноќевања по години покажува дека е релативно мал.

Причината е сигурно поголемото влијание и привлечност на околните центри, како што се Битола, Прилеп и поатрактивниот центар Крушево.

Од изнесените податоци се констатира дека Демир Хисар нема остварено некое забележително туристичко движење, а уште помалку некој соодветен туристички промет. Затоа е неминовно збогатување на содржините, обнова и изградба на сместувачки капацитети и нивна категоризација, изградба на патишта до потенцијалните туристички локалитети и излетнички места, промоција на туристичките содржини, отварање на центар за туристички услуги или туристичко биро, кадровска екипираност итн. Може да се развијат одредени видови на туризам така што би се обезбедиле дополнителни приходи за развој на општината.

Една од причините за степенот на развој на туризмот е и податокот дека на територијата на општината нема регистрирано ниту една туристичка агенција, која би била во функција на оваа дејност.

## 5. ЦЕЛНИ ГРУПИ НА ТУРИСТИ

Општина Демир Хисар според географска положба и туристички ресурси нуди различни можности за развој на туризмот, како и опфат на различни категории на туристи кои можат да го посетат регионот. При определувањето на специфичните целни групи, значајно е да се спомене дека истите во општината Демир Хисар ќе се развиваат според предложениот концепт на видови на туризам. Тие можат да се развиваат согласно статистиката за туристички доаѓања и ноќевања во општина.

Во Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 г. можат да се идентификуваат различни потенцијални целни групи на туристи. Тие можат да бидат:

- Домашни туристи (од територијата на Р. Македонија, особено од Пелагонискиот и Кичевскиот Регион)
- Регионални туристи (од териториите на некои од соседните земји како на пример Србија и Бугарија)
- Туристи од ЕУ и останати земји. Тие може да се поделат на приоритетни, секундарни и потенцијални пазари. Во приоритетни пазари може да се сметаат гости од – Грција, Турција, Албанија, Бугарија, Србија; Во секундарни пазари – Австрија, Австралија, Израел, Полска, Русија, САД, Хрватска, Чешка. Во потенцијални пазари –држави од Азија, Шпанија, Шведска, Холандија, Унгарија, Романија, Италија, Германија.

Според возраста, социјалните аспекти, очекувањата од туристичката понуда и други одлики во областа Демир Хисар реално е да се очекуваат туристи од групатциите: авантуристи, бизнис патници, нови генерациии т.н. милениумски туристи, повозрасни групи туристи, семејства со мали деца, студенти и ученици.

*Авантуристи.* Станува збор за туристи, кои се во постојана потрага по дестинации, кои се несекојдневни, односно привлечни на посебен начин. Тие претпочитаат дегустација на локална храна и пијалоци, така што очекуваат нови доживувања, специфични само за тој регион. Овој тип на туристи претпочитаат:

-пешачење, планинање, алпинизам, ридско-планински велосипедизам (на планините Илинска, Плакенска и Бигла, Бушева Планина, Ђубен и Бабасач). Посети и престој во црквите и манастирите, и љубители на флората и фауната која ја има овој регион;
-селските средини и дегустација на локална храна (ресторани во Слепче, Бабино, Демир Хисар);

*Бизнис патници.* Вообичаено посакуваат поголема автономија при планирањето на нивните деловни патувања. Тие во комбинација на нивното деловно патување настојуваат активно да го искористат слободното време за рекреација и релаксација со посета на локалитети и објекти во непосредната околина. Овој сегмент во општината Демир Хисар треба да се искористи за бизнис патници кои дошле во блиските градски центри.

*Нова генерација туристи.* Во оваа категорија туристи (т.н. милениумски туристи) се вбројуваат лицата, кои имаат секојдневен динамичен живот и затоа патуваат за да се одморат од една страна и да ги прошират своите хоризонти од друга страна. Вообичаено бараат автентични искуства, непосредно доживување на локалната култура, активно партиципирајќи во создавањето локални културни вредности. Претпочитаат автономија во стекнувањето искуство од патувањето и се крајно чувствителни на технологијата. Тие имаат потреба да бидат константно поврзани и да имаат достапни информации во секој момент. Главен интерес за овие туристи во општината Демир Хисар се:

- запознавање со културните обележја во регионот и локалните приказни, поврзани за местото и локалитетите;
- селските средини;
- дегустирање на локална храна;
- понуда на комбинација од автентична локална забава и локална кујна во текот на целата година во разни угостителски објекти.

*Повозрасни групи туристи.* Групата повозрасни туристи опфаќа релативно послободни лица, главно од градските средини, кои имаат потреба од релаксација со патување и посета на помирни средини. Во оваа група голем дел се пензионирани лица. Претпочитаат посета на религиски објекти, локални ресторани, еколошки чиста и мирна средина. Во контекст на туристичките атрактивности со кои располага општината Демир Хисар оваа целна група на туристи може да претставува голем економски потенцијал. Како поебен и вистински туристички предизвик би било:

- посета и запознавање на културните обележја во општина Демир Хисар;
- настани и места поврзани со локалните традиции, обичаи и верувања;
- посета на руралните средини во општина Демир Хисар кои се разликуваат по својата стара рурална архитектура и по својата специфичност и вредности;
- дегустирање на традиционалната локална храна;
- посета на културни манифестации во зависност од периодот на годината.

*Семејства со мали деца.* Семејствата со мали деца се посебна категорија туристи кои туристичките патувања ги организираат во функција на поврзување со децата и создавање на убави спомени и доживувања. Тие претпочитаат разновидна, релаксирана и весела атмосфера. Во тој процес децата имаат

можност да учат и да доживеат нови искуства. Локалитети кои можат да ги посетат овие туристи во општината Демир Хисар се:

- селски населби и карактеристични објекти,
- културни и историски обележја на територијата на општина Демир Хисар;
- места со амбиентални и пејсажни вредности;
- посета и учество на културни и спортски манифестации и друго.

## 6. УСЛУГИ

### 6.1. Објекти за сместување

*Туристички производи, услуги и побарување***.** Понудата на туристички услуги во општина Демир Хисар во моментот е мошне мала, што најверојатно ја рефлектира и сиромашната побарувачка. Оскудни се податоците за анализи и оценки на тековните перформанси на туризмот во општината. Податоците главно се од локалната самоуправа (од ОЛЕР), а другиот дел од достапните статистички извештаи и изработени студии. Но без разлика на тоа општина Демир Хисар, поседува низа туристички атракции, а според тоа и можности за развој на туризмот.

*Сместувачки капацитети.* Сместувачките и угостителските капацитети се важен фактор за развој на туризмот. Обемот и квалитетот на сместувачките капацитети има директно влијание врз обемот и структурата на туристичкиот промет (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

Сместувачките капацитети во општина Демир Хисар вклучуваат 1 хотел **(**хотел “Младост“ во Демир Хисар. Изграден е 1978 година како хотел од Б-категорија. Лоциран е во центарот на градот. Располага со 46 легла и еден ресторан со 250 седишта. Во моментот не функционира) и два мотели (мотел “Европа“ со 6 двокреветни соби и мотел “Чичко Таљо“ со 12-14 легла).

Еден туристички сместувачки капацитет (20-25 легла) е изграден во близина на Манастирот Св. Илија, на Илинска Планина. Се наоѓа на границата меѓу општината Демир Хисар и општината Дебарца, на 1525 m н.в. на 9 km од селото Големо Илино.

Конаците во манастирите на територијата на општината располагаат со околу 120-160 легла, а тука се и приватните соби и куќи.

Табела 38. Преглед на сместувачки капацитети во општина Демир Хисар

| Сместувачки објект | локација | број на соби | број на легла | ресторан / седишта |
|---|---|---|---|---|
| Хотелот „Младост“ | Демир Хисар | 14 | 46 | 250 (вон функција) |
| Мотелот „Чичко Таљо“ | Демир Хисар | 7 | 14 | |
| Мотелот „Европа“ | Демир Хисар | 13 | 26 | |
| Мотелот „Дезерто“ | | 5 | 13 | (вон функција) |
| Манстирскиот комплекс „Св.Илија“ | Големо Илино | | 26 | |
| Други манастирски конаци | / | | 120-160 | |

Извор: https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html
Калески С. Т. 2015

Посебен проблем кај сместувачките капацитети е релативно слабата категоризацијата на сместувачките и угостителските објекти. Ваквата состојба

претставува хендикеп за сериозен и издржан пласман на туристичката понуда, како на домашниот, така на странскиот туристички пазар. Тоа е одредница, која укажува на фактот дека не постои гаранција за соодветен квалитет на услугите. Збогатувањето на сместувачката туристичка понуда во општина Демир Хисар е можно со отварање на мали хотели, мотели и преноќишта од викенд куќи за издавање и апартмани кои би функционирале како фамилијарни бизниси. Ова особено е погодно да се организира во руралната средина.

### 6.2. Угостителски објекти

Угостителските објекти од ресторанската мрежа даваат услуги од исхрана и забава, ја збогатуваат туристичката понуда и придонесуваат за зголемување на вонпансионската потрошувачка. На територијата на општина Демир Хисар не постои развиена ресторанска мрежа, која преку бројноста и разновидноста на објектите во голема мера би ги задоволила постоечките потреби на туристите и притоа позитивно би влијаела врз туристичката вонпансионска потрошувачка.

Покрај рестораните кои функционираат во рамките на сместувачките објекти, постојат уште неколку други класични ресторани, пицерии и кафе барови. Покарактеристичните угостителски објекти, каде што се служи храна и пијалоци во општината Демир Хисар се лоцирани во градот Демир Хисар и населените места Слепче, Бабино, Смилево и Слоештица.

*Табела 39. Преглед на покарактеристичните угостителски објекти во општина Демир Хисар*

| Угостителски објект | локација / населено место | забелешка |
|---|---|---|
| Dezerto Hotel & Suites | Демир Хисар | хотел од трета категорија со сместувачки капацитети |
| Вила „Горна куќа“ | Слепче | со апартмани за сместување |
| Гостилница „на Валајци“ | Слоештица | ресторан |
| Етно ресторан „Бабино“ | Бабино | ресторан |
| Кафе ресторан „Костенче“ | Смилево | ресторан |

Извор: https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html
Калески С. Т. 2015

Искуствата покажуваат дека има потреба од зголемување на ресторанските капацитети.

Може да се констатира дека на територијата на општината изостанува бројноста на специјализирани ресторани кои во традиционални амбиентални услови би нуделе автентични кулинарски специјалитети. Таков е само рибниот ресторан во с.Бабино.

Во општина Демир Хисар се уште нема видливи инвестиции за хотели и ресторани, како и значајни странски директни инвестиции во туристичка инфраструктура. Во интерес на промовирање и иницирање на позабрзан развој на туризмот во општината, потребно е квантитативно и квалитативно унапредување на сместувачката туристичка понуда.

Уделот на туризмот во вкупниот прилив на услуги е минорен, а бројот на вработените во хотели и ресторани е околу 30 лица. Се забележува дека многу малку или воопшто нема податоци за бројот на вработени, бројот на туристи и ноќевања, остварените финансиските резултати од хотелско угостителската

дејност, платите на вработените во секторот и податоци за нивниот придонес во локалните и централните јавни приходи.

## 6.3. Трговски услуги

Трговијата во општината Демир Хисар главно е во организација на трговските субјекти (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html):

- „Ангромаркетинг" со основна дејност трговија. Вработува 12 работници.
- „Југотрговија" со основна дејност трговија на големо и мало со градежни материјали,
- „НИ-ОЛ трејд" со основна дејност услуги во градежништвото. Вработува 12 работници.

## 6.3. Винарии

На територијата на општина Демир Хисар, како што е наведено нема некоја особена застапеност на лозарството, така што сеуште неможе да се зборува за присуство на винарии како дел од туристичката понуда. Но тоа не ја исклучува можноста за развој на винскиот туризам во контекст на кооперативност со постоечките и специјално организирани ресторани со винарии.

## 6.4. Превозници

Транспортот на патници и стоки на територијата на општината Демир Хисар во основа се реализира преку транзитните превозници на релациите Битола-Крушево и обратно, Битола-Кичево и обратно, каде главна улога има фирмата Транскоп од Битола, Метро Транс од с.Дебреште и Ѓоко Транс од Крушево

Во функција на посоодветен транспорт на стоки и патници во рамките на општината Демир Хисар е формирано Јавно претпријатие Дехи Транс, кое во моментот ја презема улогата на транспорт на ученици низ основните училишта (надлежност на општините), со амбиција оваа дејност да се развива и во организација на поширок регионален транспорт на стоки и патници.

Во сверата на локалниот сообраќај транспортот се реализира со индивидуални возила и со услуги од нерегистирани превозници. Во контекст на дејноста реална претпоставка е во рамките на ЈП Дехи Транс да се организира и официјална такси превозна служба. Оваа услуга во голема мера би била и во функција на туризмот во општината.

## 6.5. Бензински пумпи

На територијата на Општина Демир Хисар функционираат две бензински пумпи. Лоцирани се во градот Демир Хисар. Такви се:

- АД - Мак петрол, Скопје – бензиска пумпа Демир Хисар и
- DH Petrol – бензиска пумпа Демир Хисар.

## 6.6. Банки и пошти

На подрачјето на општина Демир Хисар свои експозитури имаат ,,Стопанска банка,, АД Битола и „Стопанска банка“ АД Скопје. Тие покрај денарското и девизното работење вршат услуги и во платниот промет.

Во „Стопанска банка“ АД Битола експозитура Демир Хисар има 4 вработени лица, кои работаат во две смени. Во „Стопанска банка“ АД Скопје експозитура Демир Хисар работаат 2 лица во една смена.

Во Демир Хисар функционира и една пошта задолжена за целокупниот ПТТ сообраќај и поштенски платен промет.

## 6.7. Образование

Образовниот систем во општината Демир Хисар се состои од организирано предучилишно, основно и средно образование (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

*Предучилишно образование*. Предучилишно згрижување и образование на територијата на општината е организирано само во градот Демир Хисар. Станува збор за Јавната општинска установа за деца, односно, детска градинка „Втори септември“. Основана е 31.10.1978 г. со Одлука на Општинската самоуправна заедница за општествена заштита на децата (ОСИЗ), со назив “Комбинирана детска установа“. Институцијата располага со објект од 1000 $m^2$ и дворна површина од 2000 $m^2$.

Дејноста се извршува во 7 занимални со вкупна површина од 300 $m^2$ наменети за детски јасли и градинка, сала за разновидни активности и други простории. Дејноста на детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

*Основно образование*. Основното образование на територијата на општина Демир Хисар се реализира во: Основно општинско училиште „Гоце Делчев“ во Демир Хисар, Основното училиште „Браќа Миладиновци“ во н.м. Жван, Основното училиште „Даме Груев“ во н.м. Смилево.

<u>Основно општинско училиште „Гоце Делчев“ во Демир Хисар</u>. Училиштето, започнало со работа во учебната 1948/49 г. Училиштето се одликува со наменска, добро зачувана, функционална зграда изградена во текот на 1965/66, која ги задоволува потребите за кои е наменета. Училиштето располага со 2600 $m^2$ корисна површина или 4,30 $m^2$ по ученик од која 1186,25 $m^2$ е училнички простор. Има фисклутурна сала со површина 195 $m^2$, кујна и трпезарија од 115,65 $m^2$, библиотека со 34,20 $m^2$ и други помошни простории . Дворното место е со површина од 11380 $m^2$. Мрежата на училиштето се состои од едно деветгодишно училиште со седиште во Демир Хисар и 6 петогодишни подрачни училишта во населените места: Кутретино, Вардино, Света, Единаковци, Журче и Слепче и ги опфаќа населените места: Демир Хисар, Утово, Загориче, Стругово, Кутретино, Суводол, Вардино, Света, Единаковци, Бараково, Граиште, Журче, Сладуево, Прибилци, Белче и Слепче.

Со одлука на Советот на Општина Демир Хисар на училиштето му ја има отстапено на користење и управување спортската сала „ Јордан Пиперката,

која е  изградена во централното градско подрачје. Училиштето располага и со летна училница за реализација на наставата во природа.

Основно училиште „Браќа Миладиновци“ во н.м. Жван. Сместено е во новата населба на с. Жван на патниот правец Битола – Кичево. Ова училиште ги собира учениците од горниот дел на Демир Хисар (поточно од областа Железнец). Училиштето располага со 6 згради од кои 2 за потребите на Основното училиште и 4 за потребите на подрачните училишта. Зградата на ОУ е градена во текот на 1961 г. а со настава започнало на 01.09.1962 г. Училиштето располага со асфалтирани игралишта за ракомет и кошарка, сообраќаен полигон, уреден парк со цвеќиња и зимзелени дрва, а преостанатиот дел е тревнат. Дворното место е со површина од 4000 $m^2$. Истото е оградено и уредено. Зградата е градена наменски, добро е зачувана, функционална и ги задоволува потребите за организирање на воспитно-образовниот процес. Располага со 826 $m^2$, корисна површина. 450 $m^2$ е ученички простор. Располага со фискултурна сала со 200 $m^2$, кујна и трпезарија со 110 $m^2$, библиотека со читална со 50 $m^2$ и други помошни простории.

Основно општинско училиште „Даме Груев“ во Смилево. Првата училишна зграда во Смилево е изградена во 1928 г., а дотогаш наставата се изведувала во селската црква. Бројот на ученици во учебната 1928/29 бил 104. Во 1954 г. воведено е осумгодишно основно образование. Како и во останатите рурални средини, така и во овој крај бројот на учениците се намалува.  ОУ „Даме Груев“ функционира во Смилево и во подрачното училиште во с.Обедник.

Освен примарната воспитно-образовна функција ОУ „Даме Груев“ во Смилево има и функција во културата. Бидејќи се наоѓа во населено место со големо историско значење училиштето одбележува значајни датуми од македонската историја посебно поврзани со револуционерот Даме Груев (кој е роден во Смилево) и, секако, Смилевскиот конгрес за кој се организираат свечености  од 2-7 мај под мотото  „ДЕНОВИ НА СМИЛЕВСКИОТ КОНГРЕС“.

*Средно образование*. Средното образование во општината Демир Хисар е организирано во Средното општинско училиште „Крсте П. Мисирков“. Училиштето е основано во 1975 г. како Училишен центар за средно образование. Од 1989 г. располага со посебна училишна зграда. Соодветно на потребите во развојот на општеството и приликите во училиштето се менувале повеќе струки и гимназиски насоки. Во училиштето покрај гимназиско функционира и стручно образование од Шумарско-дрвопреработувачка струка.

### 6.8. Здравство

Здравстевениот систем во општината Демир Хисар се состои од јавната здравствена установа Здравствен дом во Демир Хисар и Јавната здравствена установа  Психијатриска болница Демир Хисар.

Здравстевен дом Демир Хисар. Претставува прва здравствена станица во Демир Хисар основана 1946 г. Во 1957 г. е основана првата стоматолошка дејност, а во 1954 г. првата фармацевтска дејност. Во 1980 г. започна изградбата на новиот Здравствениот дом, кој на 02.09.1983 г. е предаден во употреба. Располага со околу 2 000 $m^2$.

ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар. Формирана е во 1956 г. Првично болницата била формирана под називот „Болница за душевни Болести“.

Основната дејност на Болницата е болничка и вонболничка психијатриска и специјалистичко консултативна здравствена заштита, а во склоп на останатите дејности се врши и дијагностичко-лабораториска дејност, обезбедување лекови и санитетски материјали, сместување и исхрана на болните и вршење на здравствено-статистичка обработка. Низ повеќегодишниот стручен, кадровски, просторен, технички и економски развој во болницата се создадоа услови за формирање на Центар за ментално здравје во Прилеп, Дневна болница за психози во Демир Хисар и Дневна болница за алкохолизам Демир Хисар. Капацитетот на ЈЗУ Психијатриска Болница во однос на болнички кревети изнесува 500 легла, а приближно на годишно ниво се лекуваат околу 1000 пациенти во болничкиот дел и исто толку во делот на вонболничката заштита односно Центарот за ментално здравје и Дневните болници.

### 6.9. Фабрики и занаетчиство

*Прехрамбена индустрија*. Досегашниот развој на прехрамбената индустрија на подрачјето на општината се базира на земјоделското производство како суровинска база за преработувачките капацитети од прехрамбената индустрија. Од овие капацитети на територијата на општина Демир Хисар егзистираат фирмите:

- „Ксенос“ со 4 вработени во постојан работен однос, а континуирано користи и сезонски работници. Основна дејност на друштвото е откуп и преработка на шумски плодови и преработка на вишни. Располага со деловен простор пд 800 $m^2$, магацински простор од 150 $m^2$ и двор од 60 $m^2$.
- „Евтинија“ со 13 вработени во постојан работен однос. Основна дејност е трговија и производство. Преработува кафе, какао, бибер и сл. Располага со деловен простор од 1000 $m^2$, магацински простор од 100 $m^2$ и двор од 1000 $m^2$. Суровините ги обезбедува од Грција.
- ДОО “Младост”-Демир Хисар има основна дејност угостителство, производство на леб и трговија. Имало 18 вработени во постојан работен однос. Годишното производство било 250000 лебови, а искористеноста на капацитетот 25%. Во негов состав е мотелот “Младост” кој располага со деловен простор од 350 $m^2$, летна бавча од 120 $m^2$ и сопствено паркиралиште од 1000 $m^2$. Мотелот има сместувачки капацитет од 46 легла, но во моментот е надвор од функција.

*Текстилно конфекциска индустрија*. Фабриката „Гришко“ – Скопје, погон во с.Слепче со основна дејност производство на балетанки. Имал 50 вработени во постојан работен однос. Располага со деловен простор од 628 $m^2$, но не функционира.

*Металопреработувачка индустрија*. АД „Железник“ произведува челични сачми и челични одливци. Дејноста ја обавува со 85 вработени во постојан работен однос во три смени. Располага со деловен и магацински простор од 1300 $m^2$ и двор од 11000 $m^2$. Искористеноста на капацитетот е 40%. Суровините за производство ги обезбедува од домашен пазар.

*Дрвопреработувачка индустрија*. ЗД „Амбиент“ - с. Суводол, претставува релативно млад стопански субјект на територијата на општина Демир Хисар..

Основна дејност на друштвото претставува производство на мебел за домаќинствата и угостителските капацитети. Дејноста ја обавуваат 13 вработени од кпи 6 се инвалидизирани лица. Друштвото располага со погон за производство со пивршина опд 450 $m^2$ и неопходната опрема за обавување на дејноста.

## 6.10. Комунални услуги

*ЈКП-Комуналец, Демир Хисар.* - Јавното комунално претпријатие Комуналец е основано од општината Демир Хисар со решение бр.03-1460/4 од 28.5.1966 г., заради вршење на комунална дејност од јавен интерес за територијата на општина Демир Хисар. Седиштето на ЈКП-Комуналец е во Демир Хисар на ул. "29-ти Ноември" бб. Основни дејности се:

- Собирање, обработка и снабдување со вода;
- Отстранување на отпадни води;
- Собирање на безопасен отпад;
- Обработка и отстранување на безопасен отпад;
- Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина;
- Погребни и слични дејности.

Како споредни (дополнителни) дејности се:

- Изградба на стамбени и нестамбени објекти;
- Изградба на патишта и автопати;
- Изградба на комунални објекти за течност;
- Изградба на хидроградежни објекти;
- Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на други места,
- Инсталации за греење - клима уреди;
- Услужни дејности поврзани со копнен сообраќај и друго.

*Подружница ШС „Бигла“* - Првите почетоци на организирано шумарство на територијата на општина Демир Хисар се од 1946 г., а со поорганизирано стопанисување со шумите се започнува во 1952 г. Претпријатието претрпело повеќе организациски промени, а од 1998 г. е во состав на ЈП “МАКЕДОНСКИ ШУМИ, но дејноста е иста. Подружницата ШС „Бигла“ има 95 вработени лица и стопанисува со 25007,30 ha шуми и шумско земјиште. Експлоатацијата на шумите е главно за огревно дрво. Најголеми потрошувачи на производството на ПШС „БИГЛА“ се центрите Битола, Прилеп и Демир Хисар. (https://www.demirhisar.gov.mk/za-demir-hisar/istorijat.html).

## 6.11. Спортски капацитети .

Демир Хисар има соодветна спортска традиција. Традиционално, во Демир Хисар најпопуларен спорт е фудбалот. Покрај градското фудбалското игралиште и неколкуте игралишта во Граиште, Прибилци и Жван, во Демир Хисар во 2010 г. е изградена и Спортска сала. Салата е опремена со спортски реквизити за натпревари во ракомет, мал фудбал, кошарка, одбојка, пинг - понг и други спортови, како и со спортски реквизити за рекреативна гимнастика. Салата има трибина со капацитет до 500 гледачи. Во Демир Хисар постојат

уште 5 - 6 отворени асфалтирани игралишта и 1 игралиште со вештачка трева, а треба да започне изградбата на уште едно повеќенаменско игралиште.

### 6.12. Невладини организации

На територијата на општината Демир Хисар постојано и активно работат повеќе невладини организации. Такви се:

- НГА ,,ИЛИ-НИК,, с.Големо Илино,
- ЦПЛИП - ,,Порака", Демир Хисар,
- Еколошко друштво ,,Бигла", Демир Хисар,
- Риболовно друштво ,,Долина на рибите", Демир Хисар,
- Арт Поинт Гумно, с. Слоештица,
- Друштво за наука и култура ,,Васирион,, Демир Хисар и др.
- Планинарско друштво

## 7. ВИДОВИ ТУРИЗАМ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

### 7.1. Културно-историски туризам

Општина Демир Хисар се карактеризира со богата културно-историска оставнина претставена со голем број на материјални и нематеријални културни добра, кои сведочат за богатото и динамично културно-историско минато на овие простори. Мноштвото од цркви и манастири кои своевремено претставувале значајни книжевни и уметнички центри, манифестациите преку кои се негува и чува традицијата, обичаите, фолклорот, писмото, јазикот, естетското и духовното верување, како и специфичната архитектура и гастрономија претставуваат солидна основа за развој на културниот туризам на територијата на општина Демир Хисар.

За правилно искористување на културните добра и богатата историја, како и нивно ставање во функција на целокупниот туристички развој, неопходно е да се направи соодветно валоризирање и заштита на истите. Дел од културните добра со кои располага просторот имаат висока атрактивност, така што можат да бидат искористени како основни туристички мотиви за посетителите. Такви примери се Слепчанскиот манастир "Св.Јован Претеча", библиотеката во Бабино, музејот во Смилево, валалниците и кумурџилниците во Вирово и Слоештица, варџилниците во Зашле, Брезово и други вредности.

### 7.2. Гастрономски туризам

Гастрономскиот туризам подразбира посета на одредена дестинација, со цел да се задоволат интересите за локалната гастрономија. Комплексните природно-географски особености на територијата на Демир Хисар го одредиле видот на храна која е најчесто присутна на трпезите во оваа област.

Регионот несомнено располага со богата и специфична гастрономска понуда составена од специјалитети подготвени на традиционален начин со

локални производи богати со ароми и вкусови, од кои никој не може да остане рамнодушен. Гастрономската карта на општина Демир Хисар е составена од специјалитети во кои главни состојки се свинско месо, печурки, месо од дивеч и компири, потоа специјалитети од речна риба, зелник, бакрданик, ѓомлезе, кашаник, свирипиле, макало со грав и суви пиперки, како и сокови, мармалад и слатко од шумски плодови собрани од недопрената еколошка средина.

Создавањето на самостоен туристички производ со фокус на локалната гастрономија треба на посетителите да им понуди консумирање на храна и пијалоци подготвени од локални еколошки производи и организирање на курсеви за приготвување на истата, како и вклучување во процесот на подготовка.

За правилно искористување на гастрономијата и нејзино интегрирање во комплексниот туристички производ неопходно е да се креира развојна програма која ќе се базира на три важни сегменти:

- Создавање на услови кои ќе овозможат да се зголеми бројот на угостителски објекти кои ќе служат локални специјалитети.
- Организирање на обуки и работилници за локалното население, како би се зачувала традицијата на подготовка на храна и пијалоци по кои е препознатлив просторот.
- Создавање на бренд со кој сите локални производи кои ги исполнуваат критериумите за квалитет ќе бидат препознатливи на пазарите.

## 7.3. Здравствен туризам

Здравствениот туризам се дефинира, како потреба на поединецот за здравствено, физичко и психичко оправување, со истовремено задоволување на туристичките потреби. Оваа форма на туризам ја таргетира и привлекува онаа категорија на луѓе кои живеат во урбаните градски центри чии животни навики со себе го носат ризикот од стрес и нарушување на здравјето.

Регионот на Демир Хисар нуди можности со чист воздух и недопрена природа, кои можат да влијаат врз подобрување на: крвната слика, заболувања на дишните патишта, намалување на болеста на новото време “стрес” која влијае на недостатокот на работна концентрација, намалувањето на ефикасноста на работа и работна мотивација, општата слабост на организмот, хроничниот замор и сл.

За рационално да се искористат потенцијалите што овој простор ги нуди би требало фокусот да биде ставен на промоција на регионот во контекст на заживување на условите за развој на здравствениот туризам.

## 7.4. Активности во природа и спортски туризам

Активностите во природа и спортот стануваат фундаментални мотиви за новата генерација туристи, кои влијаат на одлуката да се посети одредена дестинација.

Факторите кои го детерминираат развојот на спортскиот туризам и активностите во природа се природните ресурси и спортско-рекреативните објекти. Така, автентичните и незагадени средини стануваат се попривлечни за

посетители кои имаат потреба за рекреација во амбиент исполнет со природен пејзаж, мир и свеж воздух и квалитетна содржина на активности.

Трендовите во туризмот покажуваат дека руралниот простор богат со квалитетно природно опкружување е идеално место за реализирање на спортско-рекреативни активности: пешачење во природа, планинарење, трекинг, велосипедизам и други, кои позитивно влијаат на психофизичката состојба на организмот, особено на кардиоваскуларниот систем.

Природно-географските карактеристики со кои се одликува просторот на Демир Хисар нудат потенцијал за активно изведување на наведените и други форми на спортско-рекреативни активности.

*Планинарење.* Нивото на развој на овој спорт како и економските придобивки од истиот е на ниско ниво, а за негово унапредување потребно е:

-создавање и маркирање на планинарски патеки до највисоките врвови во општината;

-формирање на служба за лиценцирани водичи во планина;

-изградба или адаптација на планинарски домови кои ќе служат за сместување на планинарите;

-изградба на места за краток одмор (летниковци и видиковци) на атрактивни локации вдолж планинарските патеки;

-поставување на информативни табли со мапи и корисни информации за патеките;

-создавање на промотивна стратегија која ќе го промовира планинарењето и останатите спортови за кои постојат услови за изведување (планински велосипедизам, алпинизам, спелеологија, трекинг и сл.);

-организирање на традиционални тури со искачувања на планинските врвови во повеќе наврати во годината заради зголемена промоција на просторот.

Највисоки врвови на територијата на општина Демир Хисар се Лиска (1909 m.н.в.), Старец (1577 m.н.в.), Ветреник (1902 m.н.в.) и Стирени Камен (1898 m.н.в.) на Илинска Планина. На Плакенска Планина највисоки врвови се Сталев Камен -Плаке (1999 m.н.в.), Дамов Гроб (1962 m.н.в.), Коњарник (1919 m.н.в.) и Црн Врв (1921 m.н.в.). Бигла има неколку планински врвови повисоки од 1500 m.н.в., а највисок е Црн Врв (1935 m.н.в.).

*Трекингот* е активност која подразбира пешачење во природа без претходно поставена цел, да се искачи одреден планинарски врв и истата не бара посебни физички подготовки, туку напротив служи за подобрување на психофизичката кондиција на организмот и уживање во природата. Падините на планините во Демирхисарско се исполнети со шумски комплекси и високопланински ливади кои нудат совршени услови за оваа активност. Посебно се истакнуваат падините на планината Бигла, која се карактеризира со помал наклон на теренот и големи површини под шума и ливади.

*Планинскиот велосипедизам* се повеќе привлекува внимание кај модерниот турист. Долгите планински патишта во областа Демир Хисар кои поминуваат низ прекрасни шумски пејсажи и високопланински пасишта овозможуваат непречено изведување на оваа спортско-рекреативна содржина. Отворање на спортски објекти за запознавање на природните убавини со помош на велосипед се само дел од чекорите за збогатување на туристичката понуда.

*Спортската ориентација* е активност која се одвива во природа и има рекреативна компонента, а овдешните терени нудат одлични услови за нејзина изведба. За промоција на истата треба логистичка поддршка и соработка со планинарските клубови во околните градови.

### 7.5. Образовен и ексурзионен туризам

**Образовниот туризам** подразбира патувања, кои се поврзани со некој вид на образование, наука или научна дејност. Во тој контекст, територијата на областа Демир Хисар поседува и природни и антропогени атрактивности, кои може да се користат во образовни и научни цели. Тука се присутни географски и историски објекти и разновидни биолошки вредности, така што се интересни за организација на теренска настава за ученици и студенти, но и за конкретни научни истражувања. Природниот амбиент овозможува организација на разни манифестации од сверата на конгресниот туризам.

Во општина Демир Хисар има услови за организација на покомплексни туристички тури, бидејќи на релативно мал и сообраќајно пристапен простор да се посетат природните вредности: Церско Поле (најголемо карстно поле во Р. Македонија), поголем број пештери (интересни за спелеолошки посети и проучувања), клисурата на Црна Река, изворите на Црна Река, некои од планинските врвови, селските населби Вирово и Слоештица, Брезово, Зашле (со традиционални занаети и несекојдневни занаети), манастирските комплекси (со нивната улога низ историјата), културно историските споменици и музеи (во Смилево и другите населени места). Организирањето на стручни екскурзии симпозиуми, работилници и конгреси се еден од најдобрите начини за привлекување на посетители од сверата на образованието и науката. Во образовниот туризам, како посебна варијанта се издвојува екскурзиониот туризам.

**Екскурзиониот тип** на туризам ги опфаќа патувањата на учесниците, (ученици и студенти) кои се надвор од образовните институции, а понекогаш и надвор од местото на живеење, со цел да посетат одредена локација или дестинација која изобилува со исклучителни природни или антропогени вредности. Тоа се патувања на кои учесниците се едуцираат, рекреираат, забавуваат и дружат. Следствено на дефиницијата за ексурзионен туризам, слободно може да се заклучи дека општина Демир Хисар располага со голем потенцијал за развој на оваа туристичка форма.

Со подобрување на сместувачките капацитети и неопходните инфраструктурни објекти (училници на отворено, амфитеатри и сл.) Општина Демир Хисар може да се позиционира како атрактивна дестинација за повеќедневни екскурзии. Во понудата може да се вметнат содржини кои вклучуваат настава во природа, надополнета со посета на културно - историски споменици, како и можност за вклучување во бројни спортско - рекреативни активности, условени од предусловите со кои располага просторот.

### 7.6. Ловен и риболовен туризам

*Ловен туризам*. Ловниот туризам во светски рамки претставува еден од најбрзо растечките и најдоходовни форми на туризам. Како дел од вкупниот

туристички промет во светски рамки има се поизразено место и во одделни земји остварува големи финансиски ефекти.

На територијата на општина Демир Хисар и воопшто во областа се присутни разни живодински видови од влакнестиот дивеч, перјастиот дивеч и водната фауна. Влакнестиот дивеч е застапен во повисоките предели, во шумските појаси на даб и бука, а најзастапени се: мечка, волк, лисица, јазовец, куна, зајак, срна, верверица, дива свиња, и др.

Перјастиот дивеч е застапен со еребица камењарка, полска еребица, диви гулаби, грлица, гугутка и др. Од грабливките присутни се соколот и орелот.

*Ловишта*. На територијата на општина Демир Хисар се наоѓаат четири ловишта за крупен дивеч, и тоа: Базерник, Лесково, Журче и Прибилци. Ловиштата се карактеризираат со богата вегетација и животински свет, што овозможуваат добри услови за исхрана на дивечот како и природни засолништа. Сите ловишта имаат чиста вода која овозможува опстанок на животинскиот свет и вегетацијата.

<u>Ловиште број 1 – Базерник</u>. Ловиштето е наменето за одгледување, заштита и ловење на крупен дивеч. Се наоѓа на североисточната страна од билото на Илинска и Плакенска планина до Црна Река и Мреноштица, северно од тт-1575 m н.в. и реката Копривница. Ловиштето бр. 1 - Базерник зафаќа површина од 12091 ha од која ловнопродуктивната површина изнесува 10663 ha, ловно непродуктивна 1028 ha и неловна површина 400 ha.

Главниот пристап до ловиштето е регионалниот патен правец Кичево – Битола, а од него се одвојуваат повеќе локални патишта во правец на ловиштето. Такви се: патот за село Илино, патот за селата Вирово и Боишта, локалниот пат за селата Бабино и Базерник, локалниот пат за село Мало Илино и други патишта.

Мрежата, густината и распоредот на патиштата во ловиштето се во функција на негова мошне добра пристапност и отвореност во скоро сите негови делови. За тоа придонесуваат и шумско – камионските патишта, кои од селото Слоештица се протегаат до месноста Орлов камен, потоа патот од селото Вирово до до билото на Плакенска Планина и патот од селото Базерник до билото на Плакенска Планина. По самото било на Плакенска планина постои пат, кој ги поврзува споменатите шумско – камионски патишта во ловиштето и ловиштето го поврзува со делови на Ресенско и Битолско. Моторен сообраќај со теренски возила по шумските комуникации е возможен во најголемиот дел на годината. Теренот на ловиштето е доста развиен, конфигурациски испресечен со неколку поголеми реки, долови и долчиња, како и ридови кои се протегаат во различни правци. Надморската височина во ловиштето од реките Црна и Боишка во правец на возвишенијата на Илинска и Плакенска Планина е во постојано зголемување. Наклонот на теренот е умерено стрмен до стрмен.

Релативно еднообразните орографски, вегетациски и други природни услови што преовладуваат низ ловиштето овозможуваат релативно оптимални услови за опстанок и нормална репродукција на дивечот. Вкупно издвоената ловно продуктивна површина по видови на дивеч изнесува: за срна (10663 ha, за дива свиња 6400 ha, за мечка 7000 ha.

Во ловиштето не постојат изградени ловно-технички и стопански објекти во функција на ловството. Планирана е изградба на 8 наблудувачници, 12

солишта и 5 хранилишта за дивечот. Наблудувачниците по правило се градат покрај секое хранилиште или солиште на далечина од 10 до 120 m.

Во ловиштето покрај срната, дивата свиња и мечката можат да се сретнат и други видови на дивач како што се: дивиот зајак, лештарката, видови од редот на гулабите, шумската шљука и други видови на пердувест и влакнест дивеч.

Ловиштето број 2 – Лесково. Ловиштето Лесково се простира источно од Боишка Река, јужно од село Жван, западно од регионалниот пат Кичево-Битола на потегот од тт-642 до месноста Мраморица и северно од границата на општината Демир Хисар со општината Битола. Зафаќа површина од 14483 ha. Од од вкупната ловно продуктивна површина се 12531 ha, ловно непродуктивна 1600 ha и неловна површина 350 ha.

Ловиштето Лесково, непосредно го тангира регионалниот пат Кичево – Битола. Од него се одделуваат локалните патишта за населените места Жван, Слепче, Стругово, Загориче и Утово, и понатаму за Обедник и Смилево. Наведените патишта низ ловиштето се поврзани со низа други локални немодернизирани шумски – камионски патишта, кои се проодни низ целата година. Станува збор за шумските комуникации од село Стругово до село Лесково (преку месностите викани “Ракидин Рид” и “Лесковска Дабица”). Во ловиштето постојат и поголем број на пешачки и коњски врвици.

Ловиштето според, релјефот се карактеризира како ридско-планински предел. Надморската височина во ловиштето се зголемува во правец од северо-исток кон југо-запад. Исклучок на ова се речните долини кои го пресекуваат теренот, како на пример долината на реката Обедничица. Ридовите во ловиштето се средно високи и најчесто со заоблени возвишенија.

Од дивечот под заштита се среќаваат: срна, дива свиња и мечка. Покрај овие видови во ловиштето можат да се сретнат и други видови дивеч под заштита како што се: дивиот зајак, полската еребица, лештарката, видови од редот на гулабите, шумската шљука и други видови на пердувест и влакнест дивеч. Во ловиштето од дивеч без заштита се среќаваат: волк, лисица, куни, дива мачка и друго. Бројноста на овие видови варира.

Ловиштето нее опремено со изградени ловно-технички и стопански објекти во функција на ловството. Планирана е изградба на четири постојани хранилишта за диви свињи. Планирана е изградба на 9 солишта и 7 набљудувачници. Во функција на туризмот би требало да се планира и изградба на ловечки куќи и колиби, поила и калишта, складишта за храна и ловки за дивеч.

Ловиште број 3 – Журче. Ловиштето Журче се наоѓа во Пелагониското ловно стопанско подрачје, така што го зафаќа источниот дел на ловниот реон Демир Хисар. Установено е, како ловиште за крупен дивеч. Се простира на јужните падини на Бушева Планина, односно од Крушево преку Црна Река до Древеник и меѓу Пелагониската рамница од исток и реката Жаба на запад. Зафаќа површина од 12672 ha, од кои: ловно продуктивна површина 9704 ha, ловно непродуктивна површина 2560 ha и неловна површина 408 ha.

Основната намена на ловиштата е стопанска, односно, одгледување, заштита и претежно ловење на крупен дивач. Ова треба да се остварува со: создавање услови за непречено нормално и природно размножување на дивечот, одржување на матичен фонд, утврден според бонитетот на

местоживееењето и придржување кон планираниот застрел предвиден со ловно-стопанска основа.

Пристапноста во ловиштето Журче главно е поврзана со регионалниот пат Демир Хисар-Крушево. Во ова ловиште пристапноста и движењето во ловиштето е овозможено преку поголемиот број на шумски патишта од пониска категорија.

Релјефот на ловиштето е силно развиен, испресечен со длабоки долови и речни корита над кои се издигаат купести форми кои се истакнуваат со не многу високи врвови. Планинските страни се со благ до стрмен наклон кој гравитира кон долината на Црна Река.

Во ловиштето покрај срната, дивата свиња и мечката, се среќаваат дивиот зајак, еребицата камењарка, лештарката, полската еребица, сите видови на гулаби. Во ловиштето покрај дивечот под заштита се среќава и категоријата дивеч без заштита, како што се: волк, лисица, дива мачка, куна белка, јазовец, твор, јастреб кокошкар и др. Бројноста на овие видови не е стабилна, но нема појава на пренамноженост. Ловно продуктивна површина по видови дивеч изнесува: срна 9704 ha, дива свиња 5896 ha и мечка 4852 ha.

Во ловиштето Журче не постојат ловнотехнички и стопански објекти.

Ловиште број 4 – Прибилци. Ловиштето Прибилци се вбројува во Пелагониското ловностопанско подрачје, така што го зафаќа централниот дел на ловниот реон Демир Хисар. Распространето е по долините на Црна Река и нејзините притоки. Тоа значи дека на север допира до границата со областа кичевија, а на југ до Мраморица, односно границата спема Битола. Од запад и исток се граничи со ловиштата за крупен дивеч, односно ловиштата базерник, лесково и Журче.

Ловиштето Прибилци (реон Демир Хисар) зафаќа површина од 5060 ha од кои: ловно продуктивна површина 4560 ha, ловно непродуктивна површина 370 ha и неловна површина 130 ha. Основната намена на ловиштето Прибилци е стопанска, односно служи за одгледување, заштита и ловење на ситен дивач.

Пристапот до ловиштето се врши преку сообраќајницата Кичево – Демир Хисар – Битола и локалните претежно модернизирани патишта по долините на реката Жаба и другите помали реки. Тоа значи дека пристапот во ловиштето е овозможен до секој негов дел.

Ловиштето Прибилци во југоисточните делови се карактеризира со рамничарски релјеф, а во северозападните со ридскопланиснки релјеф испресечен со поголем број на долови меѓу кои се издигаат релативно повисоки или пониски возвишувања.

Во ловиштето Прибилци не постојат изградени ловнотехнички и стопански објекти. Имајќи го предвид карактерот на ловењето како и близината на ловиштето до Демир Хисар (со расположливите сместувачки капацитети), нема потреба од изгредба на објекти од типот на ловечки куќи, просеки, врвици и сл.

Во ова ловиште претежно се среќаваат дивиот зајак и полската еребица. Повремено се среќаваат и претставници од дивечот под заштита (срна, див гулаб, потполошка, шљука и др), а неизоставнен е дивеч без заштита (лисица, ласица, куна белка, твор, јастреб кокошкар, страчка, повремено волк и др.). Ловно продуктивната површина според видови на ловеч е: див зајак (4560 ha, полска еребица 1580 ha.

Ловниот туризам, претпоставува интегрален пристап, со почитување на принципите на одржливост на видовите на ловната територија. За таа цел неопходно е:

- Управување на ловиштата во согласност со правилата и прописите во Законот за ловство.
- Формирање на ефикасна ловочуварска служба.
- Создавање и ефикасно управување на репроцентар, со цел да се зголеми бројот на дивеч во ловиштата.
- Водење на евиденција на застрелан дивеч.
- Изградба на ловни куќи и сместувачки капацитети за посетителите.
- Изработка на маркетинг стратегија за ефикасно остварување на целите поставени во бизнис планот за ловство.
- Создавање на содржини и услуги за посетителите кои не се директно вклучени во ловот.
- Организирање на фото сафари и т.н.

Наведениот пристап со одрживо управување на ловиштата треба да има позитивно влијание врз економскиот развој на заедницата и зачувувањето на биодиверзитетот во ловиштата.

*Риболовен туризам*. Демирхисарската Котлина е исклучително поволен реон за развој на спортски риболов. Ретката населеност, чистиот воздух, чистота на водата во Црна Река, која што е од I категорија и чистата околина ја прави единствен поголем водотек во Пелагонискиот Регион со ваква карактеристика. Ваквите прилики овозмужаат овој “еко-ареал” да стане интересен и меѓународно.

Реката содржи повеќе видови риба: речна, поточно пелагониска пастрмка, калифорниска пастрмка, клен, црна мрена, скобал (бојник), и останати помалку значајни риби. Тука е особено атрактивна речна пастрмка, која што се среќава по целата должина на Црна Река во проучуваното подрачје и кај поголемите притоки како Бабинска Река, Боишка Река и Жаба. Тоа е воедно и најатрактивната риба за спортски риболов на слатки води во Европа. За поголема атрактивност на ревирот е неопходно редовно порибување и организирано стопанисување од страна на потенцијален економски моќен концесионер. Овој риболов на капитални примероци најчесто со техниките мушичарење и спин, за што би биле заинтересирани не само домашните, туку и странските спортски риболовци.

Со оваа предлог мерка после ревирите кај Матка на Треска и Радика во “НП Маврово”, Демир Хисар би бил третиот риболовен ревир по атрактивност во Република Македонија. Заедно со стопанисувањето се очекува да се изградат и првите сместувачки капацитети за спортски риболовци-туристи околу селата Жван, Прибилци, Сладуево, Граиште, Вардино и Единаковци, кои што се наоѓаат околу најатрактивните секции на Црна Река.

### 7.7. Гео туризам

Гео туризмот вклучува активности во природа, кои може да вклучуваат и физичка активност на туристите (планинарање, возење со велосипед, џип сафари) но и пасивен пристап (како разгледување на природата или одредени интересни гео локалитети, фотографирање и сл.).

Во тој контекст, постојат реални предуслови за развој на овој тип во областа Демир Хисар, преку набљудување на изворите на Црна Река во Железнец и нејзината долина, долините на реките Јаворица, Вировска Река (Река на Плакенска Планина кај с. Вирово), Боишка Река (кај с. Боиште) и др..

Во непосредна близина тече Церска Река, која извира од Бушева Планина на 1380 m.н.в. Со својот тек минува меѓу планините Љубен и Баба Сач. Нејзината должина изнесува 17 km, од кои 10,5 km се со површински водотек, а останатите 6,5 km тече, како подземен водотек, низ Церското Поле.

Церското Поле претставува забележителен геоморфолошки објект, и е најголемо карстно поле во земјава, со површина од 45,5 $km^2$ и површина на дното од 8 $km^2$. Лоцирано е во подножјето на планините Љубен и Баба Сач.

Територијално припаѓа на Општина Кичево, но според географските обележја припаѓа на областа Железник, која пак повеќе се поистоветува со областа Демир Хисар.

На просторот се евидентирани и неколку пештери (Земејова дупка, Еврејска Дупка, Гољапеш и други) кои ја зголемуваат туристичката вредност во насока на развој на гео туризмот.

За развој на гео туризмот, неопходно е да се преземат одредени чекори, преку конкретни мерки и активности, како:

-Зголемена промоција на просторот (преку брошури, веб портали);

-Едукација на населението вклучено во туристичките активности за вредноста и значењето на овие гео атракции;

-Вклучување на гео атракциите во локалните, регионалните и националните туристички рути.

### 7.8. Транзитен туризам

Транзитниот туризам се дефинира како комплекс од односи и појави кои настануваат како последица од движењето на туристите низ одредени места, региони или земји кон својата одредена туристичка дестинација, каде нивното задржување со одредена цел се движи од неколку минути до едно или повеќе ноќевања.

Придобивките од развојниот туризам на одреден простор се во тесна корелација со туристичко-географската положба на истиот, квалитетна патна инфраструктура, како и застапеност на угостителски објекти, пристап до гориво, храна, помош и поправка на сообраќајните превозни средства и место за пократок и подолг одмор.

Според географската положба, нашата држава претставува значајна транзитна дестинација низ која се протега автопатот Е 75, кој почнува на север во Норвешка, а завршува на југ во Грција, поминувајќи низ Финска, Полска, Чешка, Словачка, Унгарија, Србија и Р. Македонија.

Општина Демир Хисар во однос на оваа најважна сообраќајніса е оддалечена околу 120 km и се поврзува од излезот Градско преку патот А1 (Градско-Прилеп-Битола-Ресен-Охрид), а непосредно пред Битола се исклучува регионалниот пат Р1305 (Битола - Демир Хисар - Кичево).

Туристичко-географската положба на просторот, во однос на можностите за развој на транзитен туризам може да се опише како неповолна поради големата оддалеченост од Е 75, како и во однос на Скопје (158 km) и Охрид (92км), кои се наши најголеми и најпосетени туристички центри. Но во областа

Демир Хисар, треба да се смета на патници, кои по разни основи поминуваат (транзитираат) низ областа и имаат можност да се задржат било во контекст на задоволување на одредени угостителски услуги, било во контекст на посета на природни или антропогени објекти и појави. Тоа во областа е обезбедено со фактот дека поголемиот дел од атрактивните туристички вредности се во непосредна близина на регионалниот пат Р1305 (Битола - Демир Хисар – Кичево со крак кон Крушево).

### 7.9. Археолошки туризам

Туризмот базиран на археолошко наследство или археолошки туризам е форма на културен туризам, кој има за цел да го промовира јавниот интерес за археологијата и сочувување на одредени историски (археолошки) локалитети. Археолошкиот туризам опфаќа посета на археолошки локалитети, музеи или симулација и реконструкција на значајни историски случувања.

Според Археолошката карта на Република Македонија од 1996 г., на територијата на општина Демир Хисар евидентирани се 132 археолошки локалитети од различни временски периоди. Најзастапени се локалитетите од средновековниот (71) и од доцноантичкиот период (44), додека пак интересно за споменување е и присуството на археолошки локалитет од неолитот. Поразителен е фактот дека и покрај тоа што просторот е богат со археолошки локалитети, се до 2016-та година, кога се отпочнати ископувања на раноантичкиот град Брианион во близина на село Граиште, цели 40 години немало археолошко истражување. Тоа од своја страна покажува дека потенцијалот за работа на проблематиката во овој регион е голем и реално е да се очекува посредно и непосредно влијание врз развојот и на овој туризам во областа Демир Хисар.

Во продолжение е даден табеларен приказ на бројот на археолошки локалитети во Општина Демир Хисар, според временски периоди. Она што е воочливо од истиот, е големата застапеност на археолошки локалитети на територијата на Општина Демир Хисар и реалната основа за осмислен развој на туризмот базиран на археолошко наследство.

*Табела 40. Приказ на бројот на археолошки локалитети во Општина Демир Хисар, според временски периоди*

| | Неолит | Железно време | Бронзено време | Хеленистичко време | Раноантичко време | Доцно антично време | Римско време | Средновековен период | Старо христијански период |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина Демир Хисар | 1 | / | / | 2 | 4 | 44 | 5 | 71 | 5 |

Извор: Податоци од Археолошка карта на Македонија, пресметките се авторски

Во следниот табела е даден приказ на бројот и видот на археолошки локалитети, по населени места во Општина Демир Хисар. Од податоците забележливо е дека локалитетите се застапени на целата територија на Општината, односно во сите населби е евидентиран археолошки локалитет,

што креира реална темелна основа за серизоен пристап при креирањето на т.н. археолошки туристички производ.

Најголем број од археолошките локалитети се разместени во населените места: Зашле 7, Прибилци 7, Жван 6, Базерник 5, Големо Илино 5, Журче 5, Мренога 5, Растојца 5, Вирово 4, Граиште 4, Железнец 4, Мало Илино 4, Ново Село 4, Обедник 4, Радово 4, Сопотница 4, Суводол 4, Церово 4, Бараково 3, Белче 3, Боиште 3, Брезово 3, Единаковци 3, Кочиште 3, Лесково 3, Слепче 3 и главно се од доцноантичко време и средновековниот период.

Според расположливите податоци, за развојот на археолошкиот туризам, неопходно е да се преземат мерки дел од објектите да се стават во функција на туризмот.

### 7.10. Религиозен туризам

Религиозниот туризам опфаќа мисионерски патувања, аџилак, верски крстарења, религиозни кампови, конгреси, посета на манастири и останати верски објекти и религиски атрактивности. Колку поголема е атрактивноста на религиозниот објект, толку позначаен е економскиот ефект за истиот и неговото опкружување.

Населението во областа Демир Хисар историски се одликува со високо изразена религиозност, што произлегува од фактот дека на територијата на општината има голем број на зачувани цркви и манастири со различна старост.

Манастирот Св. Јован Претеча (XIV век) е најзначајниот религиски објект во Демирхисарско, кој успева да привлече голем број посетители од земјава и од странство. Во него живее монашко сестринство кое успеало да го врати животот во овој Национални бисер.

Според староста, сочуваноста, градбата, живописот и местоположбата се издвојуваат и следниве објекти заштитени со закон. Попознати се манастирот Св. Атанасие Александриски (XVII век) кај село Журче, црквата Св. Атанасие во село Слоештица, манастирот Св. Никола Топлички во село Слоештица (XIV век), црквите Св. Петка (XVII век) и Св.Димитрија (XVII век) во село Жван, манастир Св.Тома кај Вардино (XV век), црквата Влашки гробишта (во урнатини) во село Обедник, и црквата Св. Јован Богослов во Слепче (XVI век).

Потенцијалите за развој на овој тип туризам се присутни, а за посериозен развој на истиот потребно е заедничко изготвување на стратегија во која ќе бидат вклучени МПЦ-ОА (Македонската Православна Црква – Охридска архиепископија) и институциите одговорни за развојот на туризмот воопшто.

Главен проблем претставува отсуството на сместувачки капацитети кај и во верските објекти за прием на посетители и верници. Како во претходните туристички форми, така и кај религиозниот туризам, значајна за одбележување е неопходноста од интегрирана туристичка понуда, односно на посетителите чиј примарен мотив им бил посета на верски објект ненаметливо да им се овозможи да посетат одредена природна атракција и обратно.

Како дел од активностите за промоција и развој на религиозниот туризам е изработка на туристички водич за најзначајните религиозни објекти во општината, како и создавање на еднодневни специјализирани тури за посета на истите, било од поблискиот, било од подалечните региони во државата и странство.

## 7.11. Манифестационен туризам

Поимот “манифестационен туризам“ вклучува разни облици на туризам, како што се спортски, верски, културен и сл., но притоа фокусот е секогаш од аспект на настан или манифестација кои служат како повод за собирање на туристи, што самото по себе наметнува и создавање на соодветен пристап при креирањето на маркетингот и менаџирањето на оваа туристичка форма.

Манифестациите се јавуваат, како иницијална одредница за развој на туризмот во областа каде што се одржува манифестацијата, така што на посетителите може да им се понуди квалитетна содржина надвор од манифестацијата и со тоа да го продолжат својот престој.

Традициите и обичаите на населението од областа Демир Хисар успешно се претставени преку поголем број на манифестации кои најчесто се случуваат во летниот период од годината кога временските услови се поповолни за активности на отворено. Најзначајни и најафирмирани се манифестациите „Денови на Смилевскиот конгрес“, „Именденско чествување во чест на животот и делото на Петре М. Андреевски“, “Традиционално чествување на ИВАНДЕН во манастирот Св.Јован Претеча-Слепче“ и “Ликовната колонија Art Point - Gumno” во Слоештица.

Од теренските истражувања се констатира дека манифестациите, како туристички мотиви привлекуваат посетители кои се презадоволни од природните и антропогените вредности на просторот. Најприсутна забелешка кај најголем број од посетителите е отсуството на соодветни сместувачки капацитети каде истите би можеле да престојуваат, со што би го продолжиле престојот и би имале можност да го запознаат просторот поубаво.

## 7.12. Рурален туризам / Агро туризам

Рурален туризам е широк поим кој ја вбројува секоја туристичка активност и услуга во руралните подрачја кои креираат традиционален туристички производ.

Агро туризам е потесен поим од рурален туризам, и е поврзан со амбиентот на селото и неговата околина, како и активностите кои се одвиваат во него (земјоделство, манифестации, гастрономија, фолклор, етнологија и др).

Трендовите за зачувување на природната средина и карактеристиките на регионот одат во прилог на развој на руралниот туризам. Руралниот концепт кој во себе ги интегрира концептите на сите форми на туризам кои се одвиваат во руралните простори, обезбедува зачувување на природните богатства и биодиверзитетот во околината. Руралниот туризам, најчесто се поистоветува со селскиот туризам, иако како поим е поширок од селскиот туризам.

Селскиот туризам на територијата на Општина Демир Хисар е слабо развиен, со поедини исклучоци, иако реалните потенцијали (во форма на природни и антропогени фактори) ги има на располагање, сепак отсуствуваат инфраструктурните и демографските фактори. Со одреден потенцијал за развој на селски туризам се издвојуваат селата Слепче, Железник, Смилево, Бабино, Слоештица.

За посериозен развој на руралниот туризам неопходни се одредени промени во руралниот простор, како што е случајот со с. Бабино (присуството

на библиотеката, рибниот ресторан и друго). Ваквите локалитети неопходно е да бидат потпомогнати и субвенционирани од релевантните органи и тела (локални, регионални, национални институции, како и меѓународни организации) со цел истите да можат да опстанат и да се развиваат. Затоа е потребно: изградба или прилагодување на сместувачки објекти (селски куќи) и останати објекти за рекреација; обновување на автентичен начин на изведување на поедини селски активности и сочувување и на старите занаети; едукација на населението за негово директно (организација работилници, семинари, курсеви за странски јазици, претприемништво, комуникација и однесување со гости и сл.) и/или индиректно (едукација за аплицирање за разни финансиски инструменти, фондови, грантови во домашни или странски владини или невладини организации) вклучување во туристичкиот сектор.

### 7.13. Зимско-спортски туризам

Зимскиот спортско-рекреативен туризам е во директна зависност од времетраењето на снежната покривка на планинските падини. Во услови на релативно блиските зимско спортски туристички центри на Пелистер и во Крушево во областа Демир Хисар би имал второстепено значење, иако истиот немора да се исклучи во целост. Овој тип на туризам треба да се гледа повеќе во контекст на кооперативност и користење на зимско спортскиот центар Крушево, бидејќи истиот е само на околу 20 km оддалеченост.

## 8. SWOT АНАЛИЗА

При изработката на Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар за период 2021-2024 г. се разгледани можностите и приоритетите за развој на туризмот во општина Демир Хисар. Разгледани се и детектирани силните и слабите страни, како внатрешни фактори за развој на туризмот од една страна и утврдени можностите и заканите во окружувањето како надворешни фактори за развој на туризмот во општината. Овие аспекти се земени во предвид за поцелосна слика при реализација на Стратегијата.

Добиените информации и спроведените анализи се основа за дефинирање на перспективите за развој на туризмот на подрачјето на општина Демир Хисар. Во таа смисла се земени предвид предвидувањето на очекувањата на туристите, обезбедување на соодветната понуда и услуги од страна на сите субјекти, зајакнување на капацитетите и соодветно финансиско влијание во реализација на предвидените мерки и активности за развој на туризмот во општината Демир Хисар.

Општина Демир Хисар поседува голем број на силни страни кои претставуваат основа за туристички развој на општината и регионот. Правилното искористување на детектираните силни страни имплицира иден развој на сите сегменти од областа на туризмот во општината.

Слабите страни за развој на туризмот на подрачјето на општина Демир Хисар претставуваат резултат од организациската поставеност на сите субјекти, кои на некој начин се инволвирани во развојот на туризмот.

Проблем е тоа што на подрачјето на општина не постои активен субјект или здружение кое ќе ги интегрира деловните активности и ќе ги детектира

потребите на субјектите инволвирани во дејноста туризам. Туристичко угостителската дејност функционира самостојно. Значи, степенот на поврзаност на деловните субјекти е многу низок, што резултира со ниско ниво на соработка и искористување на предностите, така што општина Демир Хисар сеуште не се појавува како брендирана туристичка дестинација.

Потребата од постоење на развиен деловен субјект или деловно здружение од областа на туризмот е неминовна, бидејќи потребата од меѓусебна соработка и вмрежување ќе овозможи интегриран настап и обид за успешно решавање на проблемите со кои се соочуваат туристичките субјекти.

Треба да се настојува кон воспоставување на разни локални брендови кои на свој начин ќе овозможат развој на туризмот.

Фокусот треба да се насочи и кон искористување на можностите за искористување на програмите и фондовите за проектни активности во функција на развој на туризмот во областа.

Заканите кон развојот на туризмот во општина Демир Хисар произлегуваат од постоечката законска регулатива од областа на туризмот, несериозниот пристап и маргинализација на туристичката дејност, ниското ниво на заинтересираност на локалното население, како и појавата на тренд на иселување на младата популација во странство. Туризмот има потреба од квалификувани човечки ресурси. Забрзаниот интензитет на миграција на младите во странство претставува сериозна закана за развојот на туризмот. Проблемот може да се надомести со инвестиции во оваа дејност, зголемување на платите и условите за работа на вработените и промоција на туристичките занимања, како перспективни и угледни професии.

*Табела 41. SWOT анализа за развој на туризмот во општина Демир Хисар*

| **СИЛНИ СТРАНИ (ПРЕДНОСТИ)<br>за развој на туризмот во општина Демир Хисар** |
|---|
| Релјефни атрактивноси |
| Пештери |
| Хидрографски објекти |
| Шуми |
| Пасишта |
| Собирање на шумски плодови |
| Разновиден животински свет |
| Чиста животна средина |
| Изградена инфраструктура (регионална и локална патна мрежа; електрична и комуникациска) |
| Четири ловишта |
| Постоење на дом н а културата |
| Библиотеката АЛБИ во Бабино |
| Археолошки локалитети |
| Локалитет Илинска црква |
| Музејот во Смилево |
| Активни манастири |
| Богато културно наследство |
| Банки |
| Регионално умрежување - ЦПППР |
| Искуство на општината во користењето на техничка и финансиска помош |

| |
|---|
| Неискористени објекти во сопственост на општината |
| Атрактивна пазарна цена на земјиштето |
| Гостопримливоста на луѓето |
| Постоење на ЗГ и НВО |
| Црна Река со нејзините притоки |

| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>**за развој на туризмот во општина Демир Хисар** |
|---|
| Немање на центар за туристички услуги или туристичко биро |
| Немање на туристичка агенција |
| Недостаток на сместувачки капацитети за развој на туризмот |
| Недостаток од маркетинг активности |
| Немање на туристички водичи |
| Мал број туристички информативни табли, |
| Непостоење на туристички инфо центар, |
| Покриеност на општината со УП за село |
| Непостоење на туристички информативни табли, |
| Недостаток од туристички пропаганден материјал, |
| Слаба промоција на локалните производи и услуги |
| Неповолен степен на образование на населението |
| Недоволно едуцирано предприемништво |
| Висока стапка на невработеност |
| Неповолна квалификациона структура |
| Поларизација во политички ставови |
| Недоволно развиени врски меѓу јавниот и приватниот сектор |
| Недоразвиена комунална инфраструктура (канализациона) |
| Недоволна обученост на вработените во комуналната сфера |
| Застарени и нецелосни водоводни системи |
| Недоволна мрежа на здравствени пунктови |
| Неискористеност на домот на културата |
| Недостатоци во културата на живеењето |
| Недостаток на еколошка свест |
| Изумирање на старите занаети |
| Необележани планински пешачки патеки |
| Непостоење на велосипедски патеки |
| Неразвиени алтернативни форми за развој на туризмот |
| Неискористеност на културно-историскиот потенцијал |
| Неорганизираност на лиценцирани туристички водичи |
| Немање оградени ловишта |
| Криволовство |
| Недостаток од соодветна туристичка понуда (манифестации, настани, туристички тури, од локален, регионален, национален и меѓународен карактер) |
| Не постои соработка меѓу туристичките субјекти (вмрежување) |
| Слаба поврзаност меѓу туристичкиот еснаф и образовните институции |
| Недостаток на комунална опрема |
| Недоволна покриеност на населените места со организирано собирање на сметот |
| Непостоење на соодветна депонија за цврст отпад |

| **МОЖНОСТИ**<br>**за развој на туризмот во општина Демир Хисар** |
|---|
| Можности за унапредување на општинска даночна политика |
| Стимулирање на економскиот развој |
| Природни ресурси (шумски фонд, пасишта, водни ресурси, животински свет) |
| Природни услови за развој на земјоделието |
| Богато културно историско наследство |
| Водење на подобра локална економска политика |
| Проширување на услугите на постојните деловни банки |
| Близина на границата со Грција членка на ЕУ |
| Зголемен интерес на банкарскиот сектор за Демир Хисар |
| Меѓуопштинска соработка |
| Алтернативни извори на енергија |
| Можности за развој на рурален туризам |
| Истражување на археолошки локалитети |
| Услови за лов и риболов |
| Промоција и заштита на природните и културните ресурси |
| Создавање на историски рути, поврзување на сите споменици од регионот, |
| Развој на специфични форми на туризам (транзитен, агротуризам, здравствен, културен, еко, религиозен, спортско-рекреативен, ловен, гастрономски и планински туризам), |
| Привлекување на странски инвестиции во областа на туризмот, |
| Искористување на ЕУ програмите и фондови за туризам како и програмите на државно ниво |
| Изработка на локални производи со стекнување на знакот „заштитено географско потекло“ на локално произведени производи, |
| Поставување на соодветна туристичка инфраструктура (патокази и рути за разгледување)™ |
| Организирање на настани за вмрежување на локалните и регионални субјекти од областа на туризмот. |
| Изработка на соодветен промотивен материјал |

| **ЗАКАНИ**<br>**за развој на туризмот во општина Демир Хисар** |
|---|
| Евентуалната изградба на ХС ,,Бучин“ според постојна водостопанска основа |
| Недостиг на средства за финансирање на локалниот развој на општината |
| Слаба соработка меѓу бизнис секторот, локалната власт и државните владини административни органи |
| Растечка конкуренција меѓу општините за привлекување на странски инвестиции |
| Нелојална конкуренција |
| Недовршен процес на денационализација |
| Ненаселеноста во општината |
| Демографската структура |
| Традицијата за емигрирање на населението |
| Моменталната политика за развој на недоволно развиените региони |
| Недоволен интерес на локалното население за вложувања во областа на туризмот, |
| Недоволна заинтересираност на постоечките деловни субјекти за вмрежување и соработка, |
| Забрзан тренд на иселување на млади, |
| Недоволно ниво на еколошка одговорност и грижа за околината и природата |

## 9. ВИЗИЈА И МИСИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

### 9.1. Визија

Визијата на стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар е:

**Во областа Демир Хисар како еколошки чиста средина,**
**меѓу останатите треба да се развива и туристичката дејност.**

Оваа визија претпоставува инвентаризација на природните и антропогените потенцијали со изградената инфраструктура. Сите тие меѓу другото треба да се стават во функција на туризмот како посебна дејност.

### 9.2. Мисија

Мисијата на оваа стратегија е:

**„Организација на развојот на туризмот низ валоризација на природните и антропогените ресурси, заради зголемување на економските и социјалните придобивки на територијата на општината"**

Главна претпоставка е инвентаризација на природните и антропогените ресурси и нивно вреднување и прилагодување на условите за посета на објектите од страна на разни целни групи. Така се очекува непосредно и посредно да се дојде до конкретни економски придобивки.

## 10. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Анализата на природните и антропогените фактори, претставува основа за визијата за развој на туризмот за општина Демир Хисар.

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Демир Хисар во периодот 2021-2024 г. е резултат од сеопфатно истражување и анализа на состојбата на потенцијалите во општината за развој на туризмот. Истовремено стратегијата ги дефинира и детерминира потребите на локалното население, туристите, регионот и пошироката заедница.

Во Стратегијата се поставени приоритетните цели на дејствување и потребните активности за остварување на целите. Тие се претставени во Акциски план за развој на туризмот во општина Демир Хисар.

Во Акцискиот план за развој на туризмот во општина Демир Хисар за периодот 2021-2024 г. се содржани временската рамка со потребните мерки и активности за имплементација на Стратегијата. Тоа подразбира опис на активностите, видот на проектните активности, потребните финансиски средства, потребата од човечки ресурси, носители на активностите и нивна реализација. Акцискиот план претставува основа за идните оперативни планови, а со цел имплементација на Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар во периодот 2021-2024 г.

Во Акцискиот план, се опфатени неколку приоритетни области кои се основа за планирање на проектни активности и кои претставуваат приоритети за развојот на туризмот во општина Демир Хисар.

Соодветно на Визијата за развој на туризмот во општина Демир Хисар: **Во областа Демир Хисар како еколошки чиста средина, меѓу останатите треба да се развива и туристичката дејност** се предвидени неколку стратегиски цели и серија на конкретни цели и проекти, како активности кои треба да се преземат во функција на развој на туризмот во општината.

**СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1**

*Екипирање на човечките ресурси за развој на туризмот во општина Демир Хисар.*

**Конкретна цел 1**

Екипирање на локалните власти и донесување заедничка одлука за развој на туризмот во општина Демир Хисар.

**Конкретна цел 2**

Екипирање на надлежните органи и тела во општината задолжени за организација и управување со одредени сектори на територијата на општина Демир Хисар.

**Конкретна цел 3**

Воспоставување и организација на Центар за туристички услуги за развој на туризмот во општина Демир Хисар.

**Конкретна цел 4**

Организација на координативно тело меѓу постоечките туристичко угостителски организации заради заеднички настап во организацијата и развојот на туризмот во општина Демир Хисар. Кооперација со соседните општински и регионални центри (Битола, Кичево, Крушево и Прилеп)

**Конкретна цел 5**

Екипирање на културните и образовните институции во функција на унапредување на начините на искористување на културно-историските споменици за развој на туризмот во општина Демир Хисар.

**Конкретна цел 6**

Едукација на претставници од локалното население за работа во организацијата и имплементацијата на различните форми на туризмот на територијата на општина Демир Хисар. (Активност во која се предвидува и формирање на неколку локални повремени канцеларии по примерот на локална канцеларија наречена Центар за обука за развој на рурален туризам во с. Бабино).

**СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2**

*Идентификација, валоризација и уредување на конкретни објекти од природните и антропогените вредности на територијата на општината Демир Хисар во функција на туризмот.*

**Конкретна цел 1**

Идентификувани природни објекти валоризирани за туристички потреби:

- маркантните планини и планински врвови кои ја тангираат областа Демир Хисар, како што се:

- Планинскиот масив Илинска Планина и Бигла со врвовите Лиска (1908 m) и Штирни Камен (1864 m) на Илинска Планина; Сталев Камен (1998 m) и Вршник (1918 m) на Плакенска Планина; и Голем Камен (1656 m) на Бигла Планина,
  - Бушевата Планина со врвовите Стара Мусица (1789 m), Ѓолче (1780 m), Козјак (1764 m), Ручало (1664 m), Кркало (1602 m), Каменот (1087) и др.
  - Баба Сач со врвот Голем Сач (1698 m) и Лубен во централниот планински дел. со врвот Кафчал (1764 m),
  - Древеник со врвовите Кале (1494 m) и Стара Бука (1451 m),
- Флувијалниот релјеф претставен преку клисурестите долини на реките од кои најживописни се;
  - Клисурата кај с. Железнец со изворите на Црна Река;
  - Клисурата на Боишка Река,
  - Клисурата на реката Жаба,
  - Водопад Шопало, во атар на с. Растојца
  - Плавините на помалите притоки на Црна Река и
- Карстниот релјеф (површински и подземни карстни форми)
  - Церско Поле, најголемо карстно поле во Р. С. Македонија, како изразена површинска релјефна форма,
  - Шкрапи и вртачи во Церско Поле, на Љубен и Суво Поле,
  - Пештерата Пешна се наоѓа на десната страна од Брезовска Река околу 4 km северо западно од с.Брезово,
  - Пешрерата „Балтин“ кај с. Зашле
  - Пештерата „Еврејка“ кај с.Доленци,
  - Пештерата „Змејова Дупка“ кај с.Бабино;
  - Пештерата Буков Дол се наоѓа на 4 km источно од с.Цер,
  - Ристеа Пештера се наоѓа во близина на с.Железнец,
  - Сапотничка Пештера се наоѓа во близина на с.Сопотница во непосредна близина на изворите,
  - Цветкоа Пештера се наоѓа во близина на с.Доленци,
  - Пештерата Гољапеш се наоѓа во близина на с.Железнец,
  - Топлички пропаст, Златопропаст и други.
- Изворите на Црна Река кај населеното место Железнец. Изворите се лоцирани непосредно покрај регионалниот пат Битола-Демир Хисар-Кичево, така што се лесно пристапни и претставуваат своевидна атракција (како пример за извор) дотолку повеќе што се извори на најголемата притока на реката Вардар.
- Водите на самиот тек на Црна Река, кои во обласста Демир Хисар (како чиста еколошка средина) се со висок квалитет (I и II класа) и можат да се користат како за одгледување така и за спортски риболовен туризам,
- Вештачките акумулации Стругово, Суводол 1 и Суводол 2 за развој на риболовен туризам;
- Водите на помалите речни текови кои се користат во валавичарскиот занает како раритет на државно ниво и други хидрографски атрактивности.
